## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Петтото продолжение на Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 јуни 2005 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Стојан Андов, Јорадн Михајловски, Славе Арсовски, Ванчо Ѓорѓиев, Иван Стоиљковиќ, Рафет Муминовиќ, Сашо Дохчев, Кире Гештаковски, Љубчо Ѓорѓиевски, Орданчо Тасев, Љубисав Иванов Ѕинго, Али Ахмети и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Колку што сум известен, претресот по 37-та точка - Годишен извештај за работата на Народниот правобранител во 2004 година е заклучен и треба да гласаме за Предлог-заклучоците содржани во Извештајот на Комисијатата за политички систем и односи меѓу заедниците, но колку што сум информиран на списокот на пристигнати пратеници во Собранието се запишани околу 40 пратеници.

Објавувам пауза од половина час.

(По паузата седницата продолжи во 11,33 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Значи продлжуваме со работа.

Претресот по Годишниот извештај за работата на Народниот правобранител во 2004 година е заклучен.

Предлогот на заклучоците, содржан во Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласал 61 пратеник, 60 пратеници гласале за, 1 воздржан, нема проив.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

**Минуваме на точката 38 - Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година.**

Годишниот извештај и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот на државниот ревизор, господинот Благоја Илиевски, повелете.

**Благоја Илиевски:** Почитуван претседател Јордановски, почитувани пратеници, дами и господа,

Денес пред Собранието се наоѓа шестиот по ред Годишен извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година. Во Извештајот се презентирани активностите, работата и дејствувањето на Државниот завод за ревизија во 2004 година кои се однесуваат на остварувањето на државната ревизија на финансиските извештаи на субјектите за 2003 година, кои за финансирање на својата активност користат јавни средства од државниот и општинските буџети, како и средства на фондовите.

Терминот на доставувањето на Годишниот извештај и неговото разгледување во Собранието на Република Македонија овој пат е детерминиран од заклучокот на Собранието за изготвување и доставување на Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија до 31.03.2005 година, наместо до 30 септември 2005 година, како што е предвидено со Законот.

Со овој заклучок на Собранието рокот за издавање и доставување на Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија во 2004 година до сите релевантни институции е скусен за шест месеци главно заради обезбедувањена поголема актуелност на информациите содржани во ревизорските извештаи. Годишната програма за државна ревизија во 2004 година опфати 129 субјекти, од кои 89 задолжителни, 40 програмирани ревизии. Во Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година, што е повод за денешната расправа пред Собранието на Република Македонија се содржани наодите од 190 ревизорски извештаи од ревизиите извршени кај 113 правни субјекти, а кои се однесуваат на финансиските извештаи за 2003 година. Обемот на извршените ревизии за 2004 година е 87,6% односно 113 субјекти од планираните 129, а издадени се 190 од планираните 254 ревизорски извештаи. Неизвршувањето на планираниот обем произлегува од неможноста да се пополнат кадровските капацитети во предвидениот број и структура. Во актуелниот миг, покрај зајакнувањето на економската база и подигањето на бруто националниот доход, во државата главни подрачја на активност се: борбата против корупцијата и организираниот криминал, односно доизградување на независна судска власт, реформа на јавната администрација. Државниот завод за ревизија како дел од системот на институции на Република Македонија и во овој домен има суштествени и неодминливи задачи. Државниот завод за ревизија е обврзан да создава услови за повисок степен на одговорност на овластените работници од финансиската сфера за законско, наменско и ефикасно трошење на јавните приходи што ги обезбедуваат граѓаните. **Љупчо Јордановски:** Ги молам

пратениците да бидат потивки, ако имаат некои информации да си разменат можат надвор да ги разменат.

**Благоја Илиевски:** Во тој контекс, значајно место имаат ефектите од презмените активности од страна на субјектите врз основа на мерките и препораките што се изнесени во ревизорските извештаи од претходните ревизии. Врз основа на извршените анализи е констатирано дека од вкупно предложените 369 мерки и препораки кои се наведени во ревизорските извештаи, дури 218 или 59% од нив се имплементирани од страна на субјектите или се во фаза на имплементација. Овој процент на имплементирани мерки и препораки, предложени во ревизорските извештаи, претставуваат напредок во однос на претходните состојби, но истовремено остава простор и за дополнителна анализа колку можеме да ја забрзаме имплементацијата на предложените ревизорски мерки и препораки, односно колку можеме да бидеме задоволни од интензитетот и динамиката на имплементирањето на ревизорските мерки и препораки и подобрување на квалитетот во употребата на јавните средства. Бројот и процентот на ревизорските мерки и препораки, за кои субјектите воопшто не се изјасниле дали ќе ги имплементираат изнесува 123 или 33%. За овие податоци субјектите не се изјаснуваат дали предложените мерки и препораки кои се однесуваат на трансакциите се остварени преку, цитирам, "другите  сметки надвор од сметката за редовно работење, сметката за приходи наплатени од органи и сметката со финансирачки активности". Како причина за ваква состојба на активностите во однос на имплементацијата на мерките и препораките кои се наведени се однесува на трансакциите преку, цитирам: "нема значително да влијае на финансиските извештаи, дека тоа не е во нивна надлежност, дека наодите за такви трансакции произлегуваат од различно толкување на законската регулатива и сл". Анализата на имплементацијата на предложените мерки и препораки од аспект на нивните видови покажува дека највисок процент на имплементација има кај препораките сврзани со јавните набавки, каде што е реализирано 68% од она што е предложено, иако кај јавните набавки и натаму е највисок бројот на наодите за непrimенување на законските  прописи.

Во отстранувањето на пропустите и грешките во сметководственото работење, имплементацијата на мерките и препораките изнесува 37% и овој процент не е задоволувачки. За надминување на ваквата состојба во овој сегмент потребна е натамошна обука за извршителите кои непосредно учествуваат во процесот на извршување на сметководственото евидентирање на финансиските трансакции во работењето на субјектите. За подобрување на ефикасноста на работата на субјектите кај кои е извршена државна ревизија потребно е соодветно и координирано преземање на потребните мерки од страна на органите надлежни за надзор, од страна на одговорните лица кај субјектите предмет на ревизија, од Јавното обвинителство, од Министерството за внатрешни работи, Државната комисија за спречување на корупцијата, со еден збор од сите надлежни органи.

Државнио завод за ревизија, согласно Законот за државна ревизија, на Владата и на Собранието на Република Македонија, покрај Годишниот извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година, во текот на годината им достави 103 конечни ревизорски извештаи за 37 субјекти. Од нив 79 конечни ревизорски извештаи за 29 субјекти се доставени до Владата на Република Македонија, а 24 конечни ревизорски извештаи за извршени ревизии за 8 субјекти се доставени до Собранието за натамошна постапка. Во тој контекст, Државниот завод за ревизија достави 44 конечни ревизорски извештаи до Јавното обвинителство, 42 конечни извештаи до Министерството за внатрешни работи и 9 до Државната комисија за спречување на корупцијата за преземање на активности и постапки од нивна надлежност.

Кога е во прашање соработката со релевантните државни институции, во конкретниот случај соработката со Министерствто за финансии, до крајот на 2004 година, не се оствари степен на соработка за преземање мерки и активности за надминување на слабостите констатирани со наодите на овластениот Државен ревизор при извршените државни ревизии на органите за кои сепак во врска со користењето на јавните средства надлежност има Министерството за финансии. Тоа е надлежно за скенирање на методолошката основа за водење на сметководствената евиденција и интерна контрола. Изостана и поддршката на Министерството за финансии при реализација на заклучоците на Собранието на Република Македонија за обезбедување услови за натамошен развој на Државниот завод за ревизија, особено за кадровското доекипирање и наградување на ревизорскиот кадар во согласност со законските прописи, при што не се реализирани потребите изнесени во барањата на Државниот завод за ревизија. Загрижува фактот што дел на субјектите кај кои се врши државна ревизија своите напори не ги насочуваат кон создавање на услови за стручно водење на финансиската евиденција и законско и наменско трошење на финансиските средства. Сеуште не задоволува односот од препораките на овластениот Државен ревизор, предложен во ревизорските извештаи од претходно извршените ревизии, кон исполнување на законските обврски кои бараат на овластениот Државен ревизор да му овозможи пристап до целокупната документација и сл.

Во завршните разговори по наодите пред подготовка на извештајот, разговор кој е составен дел на процедурите при вршење на ревизијата, за случаите за кои одговорното лице не се согласува

со наодите, наместо на овластениот Државен ревизор да му достави официјални документи со кои би го потврдил своето тврдење, својата енергија ја насочува кон доставување на приговори или презентација на своето мислење преку објаснување на опортунитетот на постапката, што не е предмет на оценка на овластениот Државен ревизор.

Затоа, во врска со користењето на ревизорските извештаи Државниот завод за ревизија повторно укажува на потребата дека при користењето на ревизорските извештаи треба да се има предвид следново:

При вршењето на државната ревизија, согласно Законот за државна ревизија, Државните ревизори не креираат базични финансиски податоци, туку вршат анализа и споредување на финансиските и другите документи кои ги идентификуваат финансиските трансакции, кои им се доставуваат и даваат на увид од страна на субјектот и врз основа на нив, во согласност со законите, го формираат и изразуваат своето ревизорско мислење. Секој надлежен орган, односно секое надлежно и одговорно лице во институцијата ја сноси одговорноста на функцијата за периодот за кој е назначен, независно за кој период се однесува ревизорскиот извештај. Сите финансиски трансакции ревизорите ги анализираат изворно од документите. За нив одговараат одговорните лица кои раководат, односно кои раководеле со субјектот во периодот во кој се извршени финансиските трансакции, независно од периодот во кој е вршена државната ревизија. Државните ревизори не го коментираат работењето на субјектите, туку ги ценат и обелоденуваат, односно даваат мислење за законското и наменското користење на финансиските средства во согласност со прописите. Според Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да ги разгледа евентуалните забелешки на претходниот извештај, како и евентуалниот приговор на конечниот извештај од страна на субјектот кај кого е извршена ревизијата, однсно да издаде решение во однос поднесениот приговор. Конечниот ревизорски извештај се објавува на официјалната веб сајт по неговото потпишување од страна на овластениот Државен ревизор, односно кај кој е завршена процедурата на неговото испраќање до субјектот кај кого е извршена ревизијата во согласност со Законот за државна ревизија. Тој дефинитивен ревизорски извештај на овластениот Државен ревизор и не може да се менува. Прифаќањето на приговорот во согласност со ревизорските стандарди се констатира со посебно решение на Главниот државен ревизор и потоа се објавува. Правото на забелешки и приговори по дадените ревизорски извештаи, согласно со одредбите на Законот за државна ревизија, се користи различно. Правото на давање забелешки на претходните извештаи го искористија 95 субјекти, од кои овластениот Државен ревизор целосно прифати 6 забелешки, 47 делумно, а во 42 случаи забелешките не се прифатени поради неоснованост. За конечните ревизорски извештаи 30 субјекти имаат поднесено приговор, на кои Главниот државен ревизор целосно не прифати ниту еден приговор, делумно прифати 12 приговори и целосно одби 18 приговори.

Почитувани пратеници, дами и господа, активноста и степенот на повратното известување на субјектите од Државниот завод за ревизија за преземените мерки по ревизорските извештаи не задоволува. Во рамките на натамошниот развој, во функција на целите на државната ревизија, неопходна е поинтензивна соработка меѓу Државниот завод за ревизија, Владата и Собранието на Република Македонија и развивање на прашањата за забрзување на развојот на функциите на контролните ревизорски органи во државата во целина и комплексно нивните статусни прашања, кадровското зајакнување, прашањата сврзани со Буџетот и решавање на потребите на овие институции, унапредување на нивната меѓусебна соработка, комуникацијата со јавноста и сл. Подигањето на нивото на комуникацијата и соработката меѓу државниот завод за ревизија и субјектите предмет на ревизија, Јавното обвинителство, Владата, Собранието и другите органи и институции е фактор што значително ќе влијае во спроведувањето на мерките и препораките искажани во ревизорските извештаи во подобрување на ефикасноста во користењето на јавните средства.

Во функција на остварување на подобра и поинтензивна комуникација меѓу надлежните државни органи за прашањата на државната ревизија кои можат да придонесат за надминување на слабостите и за зголемување на ефектот од активноста на Државниот завод за ревизија, неопходно е да се согледаат можностите во Владата на Република Македонија и Собранието, да се формираат постојани работни тела од надлежност на сферата на контролите, инспекциите и ревизијата. Имале задача тековно да ги разгледуваат материјалите контролните ревизорски органи од финансиската сфера во државата, консеквентно и конечните извештаи од поединечните ревизии да предлагаат мерки и активности, со што би се интензивирал процесот на спроведување на дадените препораки.

Тука би биле разгледани извештаите на Државниот завод за ревизија, извештаите на Секторот за централна внатрешна ревизија при Министерството за финансии, извештаите на Управата за јавни приходи, царинската контрола и на Девизниот инспекторат, на Пазарната инспекција, контролата на осигурителните организации и супер ревизии на Народната банка на Република Македонија.

Во овој контекст, посебно го истакнувам прашањето на реализација на одлуката на Владата за организација и поставување на внатрешната ревизија кај субјектите кои користат

јавни средства, со потенцирање на потребата од интензивирање на тој процес. Заемната соработка на внатрешната и надворешната ревизија, особено интензитетот и координацијата на нивната активност, која ќе може да ги следи потребите на јавноста за информирање, за квалитетот и одговорноста на субјектите и раководствата во користењето на јавните средства ќе придонесат и за успешно остварување на владините програми во сите сфери. Тоа посебно би придонело во настојувањето да се намалат и отстранат штетните однесувања предизвикани од митото и корупцијата. Тука исто така сакаме да ја истакнеме потребата на синхронизирана активност на Државниот завод за ревизија со активноста на Државната комисија за спречување на корупцијата, се разбира во содејство со останатите надлежни органи. Остварување на вака организирана и синхронизирана соработка и комуникација меѓу државните органи и Државниот завод за ревизија за прашањата од натамошен развој на Државната ревизија ќе придонесат за натамошно зголемување на нивото на одговорноста, ефикасноста и независноста во извршувањето на функциите на Државната управа и за зголемување на ефектот од активноста на Државниот завод за ревизија. Позитивниот исход од спроведувањето на мерките и препораките содржани во ревизорските извештаи директно зависат од сериозниот ангажман на сите учесници вклучени во нивното спроведување. Не е доволно само да се констатираат мерките и препораките, туку е неопходно нивно спроведување за да се отстранат незаконитостите и грешките. Со спроведувањето на прописите и со интервенции во законските прописи, изменувања, дополнувања и сл., со санкционирање на постапките на законските застапници и одговорните лица, зависно од квалификацијата на наодите како кривично дело, прекршок или друг вид одговорност, ефектите од Државната ревизија би биле поголеми.

Со неколку збора ќе се осврнам на заклучоците по повод Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2004 година, бидејќи е потребно да се дадат соодветни појаснувања при што ќе цитирам одделни ставови кои ќе помогнат во расправата по овој Годишен извештај и ќе придонесат за донесување на соодветни заклучоци на Собранието на Република Македонија.

Согласно Акциониот план на Европско партнерство и преземените обврски во одговорите на Прашалникот на Европската комисија, Државниот завод за ревизија е обврзан да учествува во измените на Законот за државна ревизија и кадровски да зајакне во 2005 година. За тоа во Акциониот план се планирани 5.540.000 денари. Ние планираме донесување независен буџет на Државниот завод за ревизија за 2007 година. Измените на Законот за државна ревизија се веќе изготвени, а за другите обврски сеуште не се создаваат претпоставки и услови за да можат да се реализираат, измени во Уставот, кадровско пополнување во изведување деловен простор, опрема и сл.

Во Извештајот за оценка на финансиската одговорност во Република Македонија издаден од Светската банка е наведено дека: "Државниот завод за ревизија е орган на Парламентот и обврска на Парламентот е да обезбеди доволно средства за Државниот завод за ревизија, со што тој би можел да ја исполнува својата обврска и да ги задоволи барањата на Парламентот. Но Министерството за финансии сеуште задржува значително влијание врз финансирањето и кадровското екипирање на Државниот завод за ревизија, па доколку Парламентот преку својот Комитет за јавни набавки" - тука се мисли на соодветната комисија, Комисијата за финансирање и буџет – "не го потврди својот авторитет во оваа насока, Државниот завод за ревизија може да остане со ограничени ресурси во однос на својата задача".

Во врска со заклучокот на Владата околу објавувањето на претходните и конечните извештаи должен сум да истакнам дека Државниот завод за ревизија не ги објавува претходните ревизорски извештаи, туку на веб сајтот ги објавува само конечните ревизорски извештаи, како што е регулирано со Законот за државна ревизија.

На крајот сакам да изразам благодарност кон субјектите каде што вршиме ревизија, благодарност на органите и телата на Собранието на Република Македонија и на Владата, на јавните гласила кои ги следат нашите активности и навремено ја информираат јавноста за нашата работа.

Благодарност изразувам и кон соработниците и вработените во Државниот завод за ревизија, за нивната професионалност и труд што го вложуваат во извршувањето на задачите за афирмација на функцијата и улогата на Државниот завод за ревизија во градењето на ефикасни органи на државната структура.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине.

Во иднина би ви препорачал кога веќе читате едно експозе, подобро тоа да го поделиме претходно на пратениците, ем време ќе заштедиме ем ќе можат пратениците да погледнат малку подетално.

Повелете господине Димитров, имате збор.

**Ангел Димитров:** Почитуван претседателе, почитуван заменику државен ревизор, почитувани колеги пратеници,

Ова е трет Извештај на Државниот завод за ревизија, што во овој мандатен период Собранието го разгледува и затоа, покрај забелешките и констатациите што можеме да ги изнесеме за извршените ревизии според овој Извештај, значи Извештајот за 2004 година, а се однесува на извештаите за 2003 година, за работењето, како на буџетските корисници, така и

на другите субјекти што се предмет на ревизија. Истовремено, можеме да направиме и одредена компарација, одредена споредба на констатираните наоди во последните три извештаи.

Првата споредба ја направив во однос на бројот на извршени ревизии и таа покажува дека Дрзавниот завод за ревизија и покрај постојните проблеми со недоволна кадровска екипираност, успева постепено да ги зголеми опфатот на субјектите што се предмет на ревизија.

Така, во 2002 година ревизија е извршена кај 85 субјекти и се направени вкупно 95 ревизорски извештаи. Во 2003 година ревизија е вршена кај 81 субјект и се изработени 154 извештаи, за да во последниот извештај, за 2004 година бројот на субјектите опфатени со ревизија е 113 и се изработени вкупно 190 ревизорски извештаи. Значи, во однос на 2002 година некаде два пати повеќе.

Ова зголемување на опфатот се однесува, како на субјектите кај кој е извршена ревизијата, кај дел од нив кај кои задолжително со закон се врши еднаш ревизија, така и кај оние субјекти кај кои се врши согласно годишната програма што ја прави Државниот завод за ревизија.
Кога сме веќе кај годишната програма, само да спомнам дека таа во 2004 година е реализирана со 87%, додека во 2003 беше реализирана со 64%, што е пак еден позитивен тренд.
Сега, да поминам на анализа на утврдените наоди со извештаите.
Во врска со наодите кај Буџетот на Републиката, очигледно е намалувањето на бројот и особено на износите на утврдените неправилности. Така, кај Буџетот на Републиката износот на повеќе евидентираните расходи во 2002 година изнесуваше 206 милиони денари, во 2003 година тој износ се намали на 186 милиони денари, за да во 2004 година, со последниот извештај се сведе само на 4 милиони денари.
Слична е состојбата и со повеќе евидентираните приходи во Буџетот на Републиката. Тие, во 2002 година изнесуваат 406 милиони денари, во 2003 година 165 милиони денари и во 2004 година од овие 190 извештаи воопшто се нема утврдено такви неправилности.
Се подобрува состојбата и кај билансите на приходи и на расходи кај единиците на локална самоуправа. Така, кај нив, во 2002 година се утврдени повеќе евидентирани приходи во износ од 10 милиони денари, во 2003 година се сведени на само 400 илјади денари и во 2004 година на 1 милион денари.
Слично намалување имаме и кај повеќе или помалку искажаните расходи. Во 2002 година 44 милиони денари, во 2003 година 22 милиони денари и во 2004 година 14 милиони денари.
Но, за нас е многу поинтересна споредбата на видот на искажаните мислења од страна на Државниот завод за ревизија, во врска со законското и наменското користење на средствата кај субјектите што биле предмет на ревизијата. Мора да признаеме дека процентот на позитивни мислења во однос на објективноста и реалноста на презентираните финансиски извештаи од година во година расте. Иако, не можеме, се разбира, сеуште да бидеме задоволни со висината на тој процент на позитивни мислења.
Така , во 2002 година позитивно мислење е искажано само кај 8,42% од извештаите. Во 2003 година имаме скромно зголемување на 11,11% и во 2004 година овој процент на позитивни мислења се зголеми на 27,27%. Уште еднаш ќе спомнам би сакал овој процент да биде најмалку 50% од извештаите, иако позитивниот тренд како што рековв, е присутен.
Истовремено, нормално е да паѓа процентот на извештаите кај кои е искажано негативно мислење. Т.е. е утврдено нереално и необјективно искажани финансиски извештаи. Тој процент во 2002 година беше 65%, во 2003 година нешто се намали на 58% и во 2004 година падна на 42%. Само да спомнам дека процентот на извештаите кај кои што се изразува резерва во поглед на реалноста и објективноста на самите извештаи, се движи некаде 22 до 24%.
За нас е особено важно што паѓа процентот на извештаи каде што е утврдено ненаменско и незаконско користење на средства. То процент во 2002 година бил 54%, во 2003 година 49% и во 2004 година се намалил на 37%. Заради пореални искажувања на овие состојби треба да спомнеме дека и утврдените износи на средства што незаконски и ненаменски се потрошени, драстично се намалени. Така во 2002 година такви средства се утврдени дури во износ од 3.696.000.000 денари. Во 2003 година овие ненаменски и незаконски средства се утврдени во 2.861.000.000 и во последниот Извештај од 2004 година износот на незаконско и ненаменско користени средства изнесува 1.272.000.000 денари. За да бидеме до крај објективни и попрецизни треба да го имаме предвид и бројот на извршените ревизии што, како што веќе констатиравме во 2004 година е скоро двојно поголем во однос на оној во 2002 година.
На крајот од оваа кратка анализа ги оставив случаите за непочитување на постапките за јавни набавки што кај медиумите и кај целата Македонска јавност предизвикаа најголемо внимание. И кај нив постои тренд на подобрување на состојбите. Во 2002 година, се разбира ревидирајќи ги извештаите за работењето во 2001 година е утврдено непочитување на постапките за јавни набавки во вкупен износ од 1.221.000.000 денари. Во 2003 година во износ од 2.861.000.000 денари и во 2004 година е намалено на 1.272.000.000 денари. Се разбира пак да спомнам, ова е кај двојно поголем број на извршени ревизии.
За оваа состојба постојат две мислења. Првото мислење е дека Законот за јавни набавки е пергломазен и пресложен и е пречка за навремено вршење на набавките и обавување на дејноста кај некои од буџетските корисници. Па, некои во шега го нарекуваат "Ана Карењина".

Второто мислење е дека раководителите на буџетските корисници и на јавните претпријатија свесно се доведуваат во состојба да доцнат со набавките, навреме да не извршат планирање на истите, да не ги распишат на време тендерите и на крајот самите да се доведат во систуација кога не можат да го почитуваат Законот.
Се разбира, како и кај многу други работи и овде вистината е некаде помеѓу. Има нешто и од првото, и од второто. Можеби Законот е премногу обемен и премногу сложен, па во оваа форма тешко применлив за дел од државните институции, кај они помалите корисници. Но, за случаите на намерно изигрување на постапките, треба да се сноси одговорност.
Сосема на крај, да спомнам, дека, според мене некои интересни примери на утврдени неправилности. Така, на пример е давањето заеми на други субјекти од страна на буџетските корисници, републичките фондови и единиците на локална самоуправа.
Во 2002 година со ревизијата е утврдено дека раководителите за овие институции во текот на 2001 година незаконски дале заеми во износ од 311 милиони денари. Во 2003 година тој износ изнесува 50 милиони денари и во 2004 година изнесува 1.785.000 денари. Или, на пример, во 2003 година е утврдено неосновано трошење од депозитната сметка во износ од 161 милион денари, а овој износ во 2004 година изнесува само 17 илјади денари.
Кога сум сеуште кај позитивните примери, да спомнам дека заслужува пофалба и објавувањето на извештаите на Државниот завод за ревизија на својата ВЕБ страница на кој начин овие извештаи станаа достапни за целокупната Македонска јавност.
Па сегам за она што сметам дека не сум задоволен и сметам дека во иднина ќе треба да се преземат дополнителни напори за надминување на состојбите. Тоа е известувањето на Државниот завод за ревизија до надлежните органи. Тоа се: Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Државната комисија за спречување на корупцијата и јас би додал Јавниот правобранител.
Во 2004 година Државниот завод за ревизија доставил до Јавното обвинителство вкупно 44 извештаи за 24 субјекти. Јавното обвинителство презело мерки за 19 извештаи и кај 14 субјекти. Оваа состојба на пријавување на поднесените извештаи до овие институции што ги спомнав за 2001, 2002, 2003 година е уште полоша. Од вкупно доставените 69 известување за само три случаи е покрената кривична постапка. Во четири случаеви е оценето дека не постои основ за покренување постапка за кривично дело, за девет случаеви се прибрани докази и тече постапката за проучување и решавање во Јавното обвинителство. За 31 случај е покрената постапка при МВР, но постапката од страна на МВР сеуште не е отпочната, а во 16 случаеви сеуште тече проучувањето на Јавното обвинителство заради утврдување на понатамошната постапка.
Постапката кај Државната комисија за спречување на корупцијата е подобра во однос на подобрите и таа, од добиените 9 извештаи, за 9 од нив презела мерки, согласно, се разбира, нивните законски ингеренции.
Сеуште не можеме да бидеме задоволни и од постапките кај субјектите кај кои е извршена ревизија за отстранување на направените неправилности и постапување по укажувањата на Државниот завод за ревизија, заради оневозможување на таквите неправилности во идниот период.
Така, во 2004 година, од доставените 190 извештаи кај 113 субјекти што беа предмет на ревизија, само 25 субјекти доставиле известувања за преземени мерки. Иако овој процент е нешто подобар од 2002 и 2003 година, сепак тој е сеуште многу низок и зборува за неодговорноста кај субјектите кон препораките на Државниот завод за ревизија, но исто така јас би рекол и за нивната дрскост и храброст да не постапуваат по истите.
Очигледно и покрај одредените позитивни трендови во намалувањето на утврдените незаконитости и неправилности во ревизорските извештаи, сепак не можеме да бидеме задоволни од констатираните состојби, особено од состојбите со постапувањето од страна на надлежните органи по известувањата од страна на Државниот завод за ревизија. Да ги спомнам уште еднаш: Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Државната комисија за спречување на корупцијата и Јавното правобранителство.
Ако надлежните органи не си ја вршат одговорно својата работа, тогаш извештаите на Државниот завот за ревизија ќе служат само за едукативна цел, а постапувањето на субјектите по истите ќе биде прашање на желба или постоење на добра волја од страна на одговорните лица кај субјектите да се постапи или да не се постапи по укажувањата.
Се разбира, ова не е главната цел за што е основан Државниот завод за ревизија. Главната цел е преку извештаите на Државниот завод за ревизија да се влијае на намалувањето и спречувањето на корупцијата кај јавниот сектор, со што ќе се обезбеди законско и целисходно користење, т.е. трошење на средствата што се прибрани од граѓаните по основ на даноци и придонеси.
Ви благодарам.
**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Димитров.
Повелете господине Китаноски, имате збор.
**Илија Китаноски:** Благодарам претседателе.
Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик директор на Заводот за ревизија,
По однос на оваа точка на дневниот ред, Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија сакам да изнесам неколку мои забелешки.
Прво, генерално, забелешките се во следната насока, ќе почнам од општото, тоа што значи секојдневно залагање за борба против

корупцијата, во реалноста и од залагањата на Владата, конкретно не се гледаат некои сериозни резултати. Имено, ќе почнам со она што е можеби во завршниот дел од Извештајот на Државниот завод за ревизија, а тоа е неговата постојана заложба за доекипираност и неговата подготвеност навистина да ги извршува обврските што му се дадени со Законот.

Во секој извештај имаме вакви залагања, вакви укажувања, меѓутоа конкретно и покрај заклучоците и на Собранието за претходната година, екипираноста на Државниот завод за ревизија не задоволува и затоа, покрај зголемувањето на опфатот на субјектите со активностите на Државниот завод за ревизија, сепак тој опфат е релативно мал.

Имено, во Државниот завод за ревизија во 2004 година се вработени само 9 лица од планираните 29, затоа што Министерството за финансии најверојатно нема одобрено нови вработувања. Неопходно е Државниот завод за ревизија да има повеќе ревизори со цел што повеќе нерегуларности да бидат откриени, односно со цел, прво, најнапред, што повеќе субјекти да бидат опфатени секоја година со активностите на Државниот завод за ревизија и со тоа и превентивно, отпосле се влијае на намалување на високата стапка на корупција во Република Македонија што е меѓу највисоките во Европа.

Тоа што е констатирано во Извештајот е навистина дека бројот на позитивни мислења по сите основи е за некој процент зголемен во однос на претходните извршени ревизии. Меѓутоа, тоа не значи дека состојбата е добра и дека со тоа треба да бидеме задоволни.

Од забелешките што Државниот завод за ревизија ги има во својот Годишен извештај на соработката со Министерството за финансии, тоа се сепак забелешки што се однесуваат на нивната меѓусебна соработка, битни се за севкупното работење на Државниот завод за ревизија и на резултатите што понатаму ќе ги постигнува, една од забелешките е непотпишувањето на понудениот протокол за соработка помеѓу Државниот завод за ревизија и Министерството за финансии, исто така и инертниот однос на Министерството за финансии, со непреземање на конкретни мерки за надминување на слабостите констатирани од страна на овластениот државен ревизор во однос на Буџетот на Република Македонија и на ресорното министерство и нормално, непреземањето мерки за разрешувањето на сите оние случаеви за кои Државниот завод за ревизија во своите наоди констатирал неправилности, без разлика од која големина и од кој опфат се тие неправилности.

Забелешките се оправдани на Државниот завод за ревизија, оправдано се остри, посебно заради тоа што, ќе повторам уште еднаш, изостана реализирањето на заклучоците на Собранието на Република Македонија за кадровското екипирање и понатамошен развој на Државниот завод за ревизија.

На страница 65 стои дека Владата не го прифатила барањето на Државниот завод за ревизија за вклучување во КАРДС програмата за 2005-2006 година иако за тоа има препораки и мислења и од Мисијата на Светската банка и од Меѓународниот монетарен фонд.

Претходно спомнатите забелешки во однос на постапувањето односно соработката на Државниот завод за ревизија со сите надлежни органи што треба да постапуваат по однос на извршените ревизии, а исто така и соработката со субјектите што се предмет на државна ревизија се сериозни забелешки, затоа што една од целите на државната ревизија, на секоја ревизија е да делува и превентивно, односно субјектите што се опфатени, а што во првичниот извештај Државниот завод за ревизија има констатирано забелешки на нивната работа, треба апсолутно максимално да бидат отворени за соработка, за да тие неправилности ги корегираат, односно констатираните неправилности навистина во иднина да имаат што помалку можности да Државниот завод за ревизија има негативни наоди по субјектите каде што ја врши таа своја контрола.

Исто така на страница 71, повторно се искажани недостатоците во Министерството за финансии, кои што се однесуваат на неажурноста на Министерството за финансии во водењето на евиденција за следење на надворешниот долг на државата, што е доста важен сегмент. Недореченоста во однос на техниката на консолидација на Годишното финансиско известување во јавниот сектор, отсуство за дефинирање на крајниот третман на хартиите од вредност, заради нивно евидентирање во иднина и така натаму.

Она што како констатација е во заклучокот, односно во целокупниот годишен извештај на Државниот завод за ревизија е дека во субјектите во кои што е извршена контролата, односно каде што е извршена ревизијата во одреден процент има подобрување во однос на извршените ревизии во изминатиот период, меѓутоа, апсолутно не може да значи дека е остварено некое видно подобрување, односно дека навистина субјектите кои се контролирани, барем половината од нив ги задоволуваат наодите на ревизорите и на ревизорските извештаи.

Генерално сметам дека треба барањата и во заклучоците, кои што веројатно ќе бидат предложени на Собранието треба да се излезе во пресрет на барањата на Државниот завод за ревизија за негово доекипирање, за негово вклучување во Хард-програмата и воопшто да му се овозможи онаа улога која што му е наменета со Законот, а тоа е еден независен орган што ќе придонесе во државата сите оние јавни средства, почнувајќи од буџетот, па до фондовите и јавните претпријатија да се трошат наменски согласно законските прописи.

Сметам дека во тој поглед и наодите кои што се констатирани, ненавлегувајќи поединечно во нив се реално изкажани од страна на Државниот

завод за ревизија и сметам дека во тој дел треба да има поддршка со оваа генерална забелешка дека навистина, треба да се подобри тој однос и третман што го има Државниот завод за ревизија во Министерство за финансии и од Владата и од Собранието како негов основач, така да, во иднина, во наредните ревизорски извештаи, односно во наредните Годишни извештаи да можеме да констатираме навистина едно видно подобрување што ќе биде реално, односно навистина реален, не само декларативен придонес во борбата против корупцијата и воопшто во наменското и правилно трошење на државните и народните пари.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи господинот Ѓорчев не е тука, повелете госпоѓо Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Почитуван претседателе, почитувани претставници од Државниот завод за ревизија, колеги пратеници,

Бавно, но сепак состојбите се менуваат кон подобро. Така денес би ја започнала мојата дискусија по годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година, а кој се однесува за работењето на субјектите кои подлежат на ревизија за 2003 година.

Субјектите кои подлежат на ревизија за 2003 година, односно она што е моја општа констатација и која би ја истакнала на почетокот е дека извештајот е добро направен, дека е сеопфатен, детален и дека дава мноштво податоци и инфорамции за предметот и делокругот за програмската работа на Државниот завод за ревизија за 2004 година и зза констатираните состојби кај буџетските корисници, единиците на локална самоуправа, јавните претпријатија и сличните субјекти корисници на јавни средства, кои што подлежат на ревизија.

Извештајот оваа година го разгледуваме многу порано од претходните, а тоа е од причина што е исполнет заклучокот број 7 од усвоените заклучоци од 83-та седница на Собранието на Република Македонија од 9.12.2004 година, по годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2003 година.

Оваа година извештајот го разгледуваме и во еден актуелен момент, а тоа е почетокот на Проектот за формирање внатрешни служби за ревизија, кој што проект ќе се финансира со средства од ЕУ, односно Европската комисија за реконструкција и развој.

Со формирањето на внатрешните служби за ревизија ќе се овозможи ефикасно управување со јавните финансии, поголема финансиска дисциплина, поголема контрола и заштита од неефикасното користење на ресурсите, односно внатрешна ревизија во јавниот сектор.

Со тоа всушност, почнува и реализацијата на заклучокот број 6, страна 90 од Годишниот извештај, што Државниот завод за ревизија го предлага до Влада и Собранието на Република Македонија со овој извештај.

Напорите што Државниот завод за ревизија ги прави се во функција и на нашите залагања и сугестии за неговата превентивна функција што тој треба да ја има при контролите, а исто така и советодавна. Ако е нешто што е изразено и со давањето стручни мислења со одредени законски прописи кои што треба да се усогласат поради колизија или системска неусогласеност со другите прописи. Тоа е една позитивна придобивка, произлезена од сознанијата и судирот во практиката при вршењето на ревизиите, која што треба да се искористи и посочените прописи да се усогласат, кои што се дадани на страница 116 од Извештајот.

Во петте години откако Државниот завод за ревизија изготвува свои извештаи за работата, опфатот на субјектите и издадени извештаи во 2004 година во споредба со 2000 е зголемен за 5,5 пати. Од 29 во 2000 година, на 190 во 2004 година.

Притоа, треба да се има предвид фактот дека споредбата се врши со ниска почетна база кога опфатот на субјектите е многу мал. Иако процентуалниот опфат од година во година се зголемува, сепак може да констатираме дека не е постигнат задоволителен опфат на примерокот кој реално би ни дал целосна слика за состојбите кај корисниците на јавните средства. Од 2043 субјекта, контролирани се 113, или само 5,5% од примерокот, што е исто така многу мал опфат. Имено, тоа е од познатата причина што и во сите досегашни извештаи се потенцираше дека Државниот завод за ревизија не е целосно екипиран со потребниот број ревизори. Заклучок кој делумно е спроведен во 2004 година со прием на 9 нови ревизори од бараните 29 по изготвената систематизација.

Потенцираните слабости во смисла немање повратна инфорамција од контролираните субјекти за мерките што се преземени по констатираните наоди е навистина, банален проблем поради субјективни слабости кои не треба да се повторуваат во секој извештај од година во година.

Посочните субјекти треба да си ја завршат својата обврска, дадени во прилогот број 16 од Извештајот, каде прецизно е наведено кога им е доставен Извештајот и од кои правни субјекти не е доставено повратно известување за преземените мерки. Од тој преглед согледуваме само 23 субјекти доставиле повратна инфорамција, што е само 21% од вкупно доставените 129. Ако и ова јавно потенцирање од денешната расправа не поттикне кај нив потсетување кај нивната законска обврска, тогаш навистина, Владата и надлежните органи што имаат такви ингеренции треба да ги преземат потребните мерки за санкционирање на тие слабости. Мноштвото информации и податоци што се наведени во Извештајот, сртучно

систематизирани и обработени, како текстуално така и табеларно овозможуваат да имаме целосен увид во состојбите кај контролираните субјекти. Да се сведат на најмала можна мерка шпекулациите за нечие одговорно, односно неодговорно работење, законско или незаконско користење на доверените средства, бидејќи транспарентноста на податоците, можноста да се дадат контра аргументи во доставените извештаи, можноста што се дава да се даде повратна информација за преземените мерки по констатациите е само една позитивна придобивка што треба да се искористи, а не да се игнорира.

Сметам дека тенденцијата и во 2005 година треба да биде Државниот завод за ревизија сосема стручно, компетентно и транспарентно да продолжи да работи на извршување на своите програмски активности и да прави напори да го зголеми опфатот на субјектите кои што подлежат на ревизија и со постоечкиот кадар ако не се постигне негово зголемување.

Мое мислење е дека ревизиите треба да се насочат пред се, кај оние субјекти каде досега воопшто не е вршена ревизија, бидејќи постојат и такви, потоа кај оние кај кои од претходни контроли се воочени поголеми отстапувања од наменското и законското користење на средствата, кај оние што упорно не доставуваат повратни инфорамции за преземените мерки од претходни контроли, кај оние кај кои што има потенцијален ризик за можни злоупотреби и слично, а посебно кај оние кај кои претходно се констатирани значителни злоупотреби.

Се на се, на кратко кажано, сметам дека имаме добар материјал за расправа и дека нашата поддршка треба да ја насочиме кон се она што ќе заклучиме да дадеме позитивен придонес и да помогнеме во иднина оваа институција да прерасне во уште понезависен и стручен сегмент за развивање на ефикасен систем на финансиска ревизија во Република Македонија, при што ќе се зголеми одговорноста во користењето на јавните средства, нивното наменско и законско користење, а притоа, незамерувајќи го фактот на економичност, ефикасност и ефективност од нивното трошење. Нов вид на контроли што Државниот завод за ревизија почнува да ги работи.

Примерите дадени со ревизија на успешност за изведување на Проектот за реконструкција и доградба на објектот оддел за породилки и новородени при Здравствената работна организација Градска општа болница "Моша Пијаде" и Специјалната болница за Гинокологија и акушерство "Чаир" Скопје, страница 62 од Извештајот, треба да ги има повеќе во иднина.

Исто така, ја давам мојата лична поддршка за прифаќање на заклкучокот број 4, предложен од Државниот завод за ревизија, за да се утврди методологијата и надлежната институција за да се обезбеди почетна состојба на материјалните и финансиските биланси на државата. Посебно актуелно пренесување на новите надлежности на локалната самоуправа од 1.07.о.г., за да се разграничи кој со што располага и што треба да води во сметководствената евиденција.

Почитувани колеги, без претензии подетално да навлегувам во презентирање на податоците што толку стручно, прецизно и прегледно ни се дадени во Извештајот, на крајот само би ја потенцирала дека треба да ја дадеме нашата подддршка како на извештајот, така и на институцијата да продолжи со својата работа и понатаму да ги потенцира слабостите во системот на трошење на јавните средства да предлага и да сугерира кои надлежни институции и што треба да преземат и да придонесе кон целосна хармонизација на овој дел од нашето законодавство со стандардните процедури на ЕУ, во доменот на државната ревизија.

И како што почнав на почетокот со истата констатација и ќе завршам. Состојбите се менуваат бавно во позитивна смисла. Па, затоа и денешната расправа нека биде наш придонес кон давањето поддршка на институцијата во позабрзано решавање на воочените слабости и проблеми и поддршка на заклучоците што ќе се предложат по денешната расправа.

Ќе гласам позитивно за Извештајот, по кој што накратко се произнесов.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате реплика господине Мешков три минути.

**Љупчо Мешков:** Слулшајќи ги дискусиите на колегите од партијата на власт, да не се добие погрешен впечаток дека Државниот завод за ревизија подготвил извештај за да можеме ние овдека да видиме кој помалку, а кој повеќе, законски трошел или работел, односно која власт, претходната или оваа помалку трошела законски, а која повеќе, што се разбира би бил сосема погрешен наш приод кон овој извештај, за што целта на извештајот е секојпат да мотивира, слабостите кои се констатирани во наменското користење на средствата да бидат надминати и понатаму во наредните извештаи такви работи да не се случуваат.

За жал, мислам дека немаме никакво место за некакво задоволство, или за некакви позитивни трендови, иако анализите што се направени можеби покажуваат некој процент помалку ненаменско користење на средствата, отколку порано. Меѓутоа, можеме ли да бидеме задоволни ако порано 56%од вкупно буџетските средства се вели таму биле трошени ненаменски, а сега се 37%. И ако Државниот завод за ревизија констатира дека во 2003 има 500 милиона денари незаконски и ненаменски користени средства, дали е тоа причина за некакво задоволство сега.

**Љупчо Јордановски:** На кого му реплилцирате сега.

**Љупчо Мешков:** На колешката. Која на почетокот рече дека позитивни трендови има.

Второ, дали треба да зборуваме за позитивни трендови, ако од 190 објавени тендери во 101

тендер е констатирано дека незаконски се распишани и се направени 1 милијарда ненаменско користени средства.

Мислам дека треба во сосема друга насока да ја водиме расправата, односно да бидеме повеќе со начин на предлагање на одредени мерки, кои што во иднина ќе доведат до подобри резултати, односно до понаменско користење на средствата што пред се, зависи од соработката на Државниот завод за ревизија со да речеме Антикорупциската комисија и другите надлежни органи за кои што Државниот завод за ревизија и сега кажува дека е недокрај задоволен од таквата соработка.

Значи, без оглед на процентите дали сега се подобри или полоши, сепак во Извештајот има доста работи кои кажуваат дека треба да бидеме сите мотивирани за да може средствата да се користат наменски онака како што треба, без оглед што процентот порано бил 56%, а сега е 37%. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Костадинова имате една минута.

**Емилија Костадинова:** Благодарам господине претседателе,

Јас би почнала со тоа дека во мојата дискусија воопшто не спомнав компарација или споредба која власт повеќе трошела средства, која помалку, или која повеќе наменски или ненаменски ги користела средствата.

Целокупната моја дискусија произлезе од внимателното проучување на Извештајот на Државниот завод за ревизија, споредувајќи го се она со што мислам во него е презентирано односно дадено податоци кои што навистина укажуваат на тоа дека имаме позитивни трендови, пред се во смисла на опфатот на примерокот кој што се контролира, да не ги повторуваат податоците кои што претходно ги имаме разгледано, одредени мерки кои што се преземаат од претходни извештаи и заклучоци што сме ги имале за подобрување на состојбите воопшто.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Затоа го прашав господинот Мешков на кого му реплицира. Инаку господине Мешков сакам една работа да кажам. Проценти е потребно да се кажат овде, бидејќи минатата година донесовме заклучоци и со проценти може да се интерпретира дека нашите заклучоци од минатата година барем во некои проценти се валоризирани или биле потпишани.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван претставник на Државниот завод за ревизија, почитувани претставници од Владата на Република Македонија.

Согласно Извештајот, кој што е подлога за денешната работа на Парламентот на Република Македонија, работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година, барем од мој агол на гледање, ми се чини дека два клучни проблема се за успешно работење на Државниот завод за ревизија.

Првиот проблем е притисоците врз независноста на Државниот завод за ревизија и вториот проблем е оневозможување на кадровското доекипирање, за кое што ние како Парламент ги прифативме заклучоците во Извештајот во 2003 година. Сметам дека тие се главните пречки за натамошно успешно вградување на сите елементи кои се спомнати и во Извештајот во 2003 година и сега се спомнуваат во Извештајот од 2004 година.

По Извештајот за 2003 година јас исто така земав збор и дискутирав во правец на поддршка на заклучоците и пред се улогата на Државниот завод за ревизија и тогаш, се сеќавам дека јас зборував за потребата која беше назначена во Извештајот дека се потребни нови 23 вработувања и кадровското зајакнување на Државниот завод за ревизија беше, би рекол модус вивенди на неговата успешна работа. Од тие 23 вработувања реализиранис е само 9. Тоа покажува дека ние и покрај тоа што носиме заклучоци овде во Парламентот, малку кој тие заклучоци ги проследува во натамошна владина активнос. Мене ме убедува тоа, бидејки се ангажирав во подготвката за дискусијата по овој Извештај, да го проверам и Акциониот план на Владата за европското партнерство кој е објавен во септември 2004 година, а и ставовите на Владата на Република Македонија, како одговор на европскиот прашалник по поглавјето 28 за ставовите на Владата по однос на кадровското доекипирање на Државниот завод за ревизија дека тоа е круцијално прашање кој сега се однесува на Државниот завод за ревизија, но воопшто се однесува и за европските интеграции, за сите прашања на нови вработувања на ,лади, стручни, способни и едуцирани кадри за потребите на македонската админситрација и целокупниот административен апарат. Значи, и во акциониот план на Владата за европското партнерство, во септември 2004 година и како одговор на европскиот прашалник, во поглавјето за Државниот завод за ревизија, Владата се определува дека до крајот на 2005 година бројот на вработените во Државниот завод за ревизија треба да биде 125 луѓе. Во овој момент, согласно тоа што е претставено во Извештајот Државниот завод за ревизија брои 68 луѓе, а сега сме почетокот на јуни 2005 година и јас не гледам можност, согласно буџетската политика и она што претставува став на Министерството за финансии во делот на нови вработувања, како ние ќе дојдеме до бројката од 125 луѓе. Значи треба вработување уште на 54 квалитетни образованикадри во Државниот завод за ревизија за да дојдеме до она на што сме се обврзале. Треба да знаеме дека обврската при пополнувањето на одговорите во Прашалникот, доследноста и принципиелноста во одговорите, претставува основен услов за ставот на Европската унија кон Македонија и во делот на

искренсота и во делот на сериозноста во одговорите на Европскиот прашалник. Сметам дека тука не сме сериозни, сметам дека Владата не ги почитува заклучоците на Парламентот на Република Македонија и тука имаме сериозен дефект. Тој дефект ќе се пролонгира и во 2006 година затоа што сите ние сме свесни, веројатно, дека нема можности, од аспект на тоа што претставува буџетска политика, да се реализираат толку суштествени прашања во делот на кадровското доекипирање на Државниот завод за ревизија. Без квалитетни кадри во Државниот завод за ревизија ние не можеме да имаме и успешна ревизија која, уште еднаш ќе напоменам, барем според мене треба да ги антиципира превентивните елементи на штитење на парите на даночните обврзници, а не битката да се пренесе во медиумите и во борба помеѓу опозицијата и позицијата во македонскиот Парламент, независно коај влада е во прашање, кој колку повеќе ја злоупотребил службената положба и кој колку повеќе проневерил општествени пари. Во тој правец сметам дека тука имаме сериозен проблем и јас не гледам начин како ние можеме и покрај тоа што ќе го усвоиме Извештајот, јас сум за усвојување на Извештајот,како ние тоа ќе го надминеме. Значи ние тука можеме да дебатираме, можеме да носиме заклучоци, меѓутоа очигледно дека тоа никого не обврзува, настрана што, пак ќе кажам имаме сериозен проблем во нашата сериозност и искреност во одговорите на европскиот прашалник и спроведувањето на Акциониот план на Владата на Република Македонија во септември 2004 година. Тој е првиот аспект на она што сметам дека е пресудно за натамошниот, би рекол одржлив и успешен развој на Државниот завод за ревизија.

Вториот аспект е во однос на независноста на Државниот завод за ревизија и вистинска независност може да има само тогаш ако тоа е гарантирано со Уставот на Република Македонија и со соодветни закони кои ја третираат работата на Државната ревизија. Гаранции може да има дека ние ќе ја направиме таа независност, меѓутоа објективно не е така. Еве ќе дадам и конкретен пример како може Државниот завод за ревизија да биде независен кога го контролира Министерството за финансии, а Министерството за финансии му дава пари на Државниот завод за ревизија. Од самото тоа што Министерството за финансии му дава пари на Државниот завод за ревизија, тој ќе мора да води сметка за квалитетот на својот извештај за работата на Министерството на финансии. Значи независно во кој владин облик и во која политичка номенклатура се однесува тој извештај, се работи за тоа дека Министерството за финансии е привелигиран акатегорија што на некој начин е заштитено од Државниот завод за ревизија затоа што, едноставно кај нив се буџетските пари и тука независноста на Државниот завод за ревизија јас не можам да ја видам, иако таа се потенцира како основен столба на успешноста на работењето на Државниот завод за ревизија.

Независноста исто така се потенцира во одговорот на прашалникот дека ќе биде потполна, гарантирана и со уставни измени за кои ние дискутиравме, за повеќе уставни измени во овие двипол години и со законски измени до 2007 година, така барем е одговорено во Прашалникот. Меѓутоа, сметам дека,со оглед на процесот на буџетирање и начинот на кој се изведува процесот на буџетирање, март 2006 година е крајниот рок, а мислам сите тие измени кои треба да ги направиме и во Уставот и во законите кои се потполна гаранција за статусот на Државниот завод за ревизија, би рекол, сега за сега се невидливи и едноставно не се тема за дискусија, опсервации, семинарски расправи кои ќе не доведат во конечно учество на Парламентот на Република Македонија во таа расправа. Од тука сметам, колку и да се труди Државниот завод за ревизија, со оглед на овие два недостатоци, кадровска неекипирансот и проблемите со независноста по извештаите, ако не се преземат мерки во однос на тоа што го заклучивме и во 2003 година, а и во однос на тоа сега кога ќе заклучиме за 2004 година ние како Парламент не му помагаме на Државниот завод за ревизија иако ги усвојуваме неговите извештаи и носиме соодветни заклучоци. Ефектите се минимални и се сведува на тоа да се скандализира македонската јавност со имиња на функционери, сегашни или бивши и оделни институции, што на овој или оној начин некој новинар ќе дојде до Извештајот, тие обично чекаат во холот на Парламентот и потоа тоа на првата страна ќе го објават во печатените и во електронските медиуми, а од тоа никој нема корист, само македонските граѓани губар верба во македонските институции и обично страдаат тие што немаат грб и нема кој да ги заштити, а вообичаено тоа се припадниците на опозицијата. Подоцна кога пак ќе дојдат во опозиција тие пак што обвинуваат дека тогашната позиција ја слоупотребила својата службена положба и проневерувала државни средства.

Очигледно е од Извештајот тоа се прилозите 7 и 8, страна 103 и страна 104, дека само се систематизираат наодите во однос на органите и институциите каде Државниот завод за ревизија врши надзор. До сега мерки од страна на Владата нема. Јас не сум сретнал такво нешто ниту во медиумите. И оваа Влада и поранешната, сигурно немаат намера сами да се санкционираат и во тој правец сметам дека овие прилози укажуваат на тоа дека ефектите се минимални и потврдуваат дека Државниот завод за ревизија и во медиумска презентација кај Јавното обвинителство кое кажа дека тука треба да извлечат поука. Јавното обвинителство на Република Македонија вели дека извештаите на Државниот завод за ревизија се само технички и тие немаат доволно елементи да покренат натамошна постапка во однос на сторителите на прекршочните или кривичните дела кои се санкционираат преку Јавното

обвинителство. Значи и бројките потврдуваат за тоа, 79 извештаи од 29 субјекти, во прилогот број 4 на страна 98. Ниту Владата, ниту пак Министерството за финансии кое во прилог број 5 има доставено 112 извештаи за 67 субјекти, нема постапка пред органите, пред се МВР и Јавното обвинителство. Јавното обвинителство, во прилогот број 10, страна 107 и страна 108, превземало 9 кривични пријави. Изгледа нај агилна во овој момент е Државната антикорупциска комисија. Тоа е видливо од прилог број 13 на страна 108, таа си работела во еден континуитет и за многу поранешни функционери и сегашни, веројатно, иако то ане го објавуваат, имаат спроведено постапки, така кажува прилогот број 13.

Податливост за поткрепа на она што го говорев воопштено за начино тна работа на Државниот завод за ревизија, се податоците за извршената ревизија кај неколку субјекти, казнено-поправните установи "Исризово" и "Препород", од мој аголна гледање, Министерството за култура, Бирото за стокови резерви, Управа за јавни приходи, градот Скопје и неколку други субјекти што јас ги забележав во Извештајот.

И за наодите кои се изнесени во ревизорските извештаи, требало да се покренат соодветни постапки, како што многу брзо, во 2003 година, на почетокот беа покренати постапки за многу побенигни извештаи и се спроведоа постапки пред органите на прогнот, со соодветни постапки, постапката на притвор, истрага, кривични пријави, рочишта и слично во судовите на Република Македонија. Очигледно дека повторно сме на страницата каде борбата меѓу позицијата и опозицијата ќе се скрши на грбот на државната ревизија и наодите на ревизијата ќе ги толкуваме исклучиво во правец на квалификациите на одредени функционери во минатата власт, никогаш во сегашната.

Сите ревидирани извештаи би ги накратко искоментирал со многу, би рекол бенигни квалификации, без обид некого да го омаловажам или навредам туку едноставно, она што гокажува Извештајот на Државниот завод за ревизија.

Значи, во сите извештаи н аказнено-поправните установи "Идризово" и "Препород", тие се оквалификувани од Државниот завод за ревизија со негативно мислење, како заради неиздавањето на фискални сметки, така и заради неспроведена постапка согласно Законот за јавни набавки.

Во Бирото за стоковни резерви не се превземени мерки за утврдување на причините за материјална штета за сметка на самофинансирачки активности која штета е анведена во кој износ е и не се преземени никакви мерки во однос на одговорното лице кое таа штета ја нанело во Бирото за стокови резерви.

Во делот на она што претставува работењето на Републичката управа за јавни приходи, сите три сметки и работењето со буџетски средства и приходите наплатени од органите, како и депозитните средства, имаат негативно мислење од Државниот завод за ревизија. Тука нема покренати никакви отстапки. Таа и понатаму продолжува да си работи како да е се најнормално.

Негативно мислење добило и Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство и дотичнио тминистер кој сите ги оквалификуваше под основано сомнение, сега и тој дотичен минситер е под основано сомнение за неговото негативно работење и негативните извештаи.

Градот Скопје, исто е наведен дека за 5 од вкупно 7 сметки има добиено негативно миселње. И тука гледаме дека ништо не се случува, освен дебатата во медиумите која се спроведува помеѓу функционерите во поранешната и сегашната власт.

И на крај, после сите овие искажувања, има и многу други, јас се задржав на овие затоа што, еве,како професионална деформација, како економист овие ми беа разбирливи и можев на нив да се фокусирам. Другите можеби не можев да ги разберам. Меѓутоа, овие сметам дека се доста податливи за дискусија и очигледно е дека на крајот ние ќе донесеме заклучок,како што донесовме заклучок и во 2003 година, но само на хартија. Независност на Државниот завод за ревизија нема да има и понатаму ќе зависи од статичниот начин на буџетирање и начинот на прибирање на средства и алиментација во делот на потребите на Државниот завод за ревизија. Ќе имаме, исто така кадровски пробелми во Државниот завод за ревизија, во квалитетот на ревизорските извештаи. Ќе имаме недостиг на мерки за незаконско и ненаменско трошење на парите на даночните обврзници и Државниот завод за ревизија во континуитет ќе констатира незаконитости, неспроведување на Законот за јавни набавки и злоупотреби и на крајот резултатот ќе биде непреземени мерки кои ќе доминираат и ќе бидат доминантни за време на одредена политичка номенклатура која е на власт, кажувам во двата мандата кога работи Државниот завод за ревизија.

На крај ќе потсетам на еден битен елемент на работењето на Државниот завод за ревизија дека лекот за совесно чување на партие на државните обврзници не е во куративата, не е во санкциите, туку е во превентивата, во превентивата, во смисла кога се врши контрола да се укаже на корисниците, на одговорните лица каде грешат, да им се даде рок да ги исправат тие грешки за да може се да биде спроведено со добрина, да биде спроведено со она што македонскиот народ вика, со усул, да може да се знае, некој кој згрешил тоа да биде добронамерно прифатено, а ние го избегнуваме тој превентивен начин на размислување во работењето на државната ревизија и обично за се во државата ги обвинуваме функционерите, тогаш кога ќе бидат сменети, бидејки до тогаш додека се на власт никој нема храброст, поаѓајки од личниот, да launched речеме статус и пробелмите што може да гиима со органите на државната управа, дека може да

има пробелми во тоа и никојнема храброст да каже дека во тој момент додека е направена грешката, независно дали таа грешка ќе предизвика консеквентни последици, заедно со стручни лица што е потребно да се вработат во Државниот завод за ревизија, ќе биде употребено, да речеме во еден маркетиншки несоодветен и би рекол неквалитетна јавна презентација на тој однос на луѓето кои учествуваат како функционери и ретко кој вие ќе натерате после 5 или 6 години, ако продолжат вакви драконски мерки во куративата, да се нафати да потпишува било какви сметки или договори. Имаме ние веќе проблем во македонската администрација со луѓето кои се плашат да потпишуваат сметки и договори, плашејки се утре од последиците кои оже да бидат драконски по нивниот статус, како поединци, како семејства. Во тој правец сметам дека ние треба да ја избегнеме таа стапица на политичко гледање на Извештајот и да се задржиме, пак ќе се вратам, на првиот дел за кој говорев, воопштениот дел, ќе се вратам на превентивата. За тоа ни треба независност и за тоа ни требаат кадровски квалитетни луѓе кои ќе знаат како да им укажат на корисниците во органите на државната управа, на институциите, на кој начин да ги трошат средствата, каде направиле пропусти и пак ќе кажам во еден временски период од еден месец, три месеци, шест месеци, да ги исправат тие пропсути и да дојдеме до она што претставува основа за нашето работење, доверба на македонскиот граѓанин дека тие што се во политиката, тие што се во органите на власта, во иснтитуциите, работат за доброто на македонскиот граѓанин и бенефитот на крај ќе биде напредог на Македонија и во овој случај подобро и поуспешно работење на Државниот завод за ревизија.

Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Костадинова имате три минути реплика.

**Емилија Костадинова:** Благодарам господине претседателе,

Колку внимателно ја следев дискусијата на колегата Ѓорчев, не можам да се согласм со една негова констатација која тој ја изрече кога рече-не можам да ја видам независноста на Државниот завод за ревизија, бидејки е под контрола на Министерството за финансии и троши буџетски средства. Нормално дека ќе троши буџетски средства кога е државна институција, не е некоја приватна ревизорска куќа па да троши средства од наплата на своите услуги, иако во еден дел и тоа го има во Државниот завод за ревизија од одредени услуги што тој ги наплаќа и залагањата односно заклучоците знаеме дека одат кон тоа, кога ќе се создадат услови да се овозможи самостоен буџет на Државниот завод за ревизија, како што тоа се овозможи и на судот односно на судската власт, па еве сепак некои дискусии одат кон тоа дека и судството е независно, иако овде ќе му биде овозможено да има судски буџет. Значи со таа негова изречена констатација не можам да се согласам односно не ја прифаќам.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Ѓорчев имате една минута реплика.

**Марјан Ѓорчев:** Во новата економска Програма која беше промовирана од премиерот на македонската Влада, пред неколку дена, во еден дел се спомнува дека македонската Влада ќе се залага сите фондовски и сметките на заводите да бидат вратени од трезорската сметка во комерцијалните банки за да можат тие заводи и фондови многу поефикасно да си ја вршат својата работа. Тоа е независноста. Независноста не може да биде, точно е тоа почитувана госпоѓо Костадинова, не може да биде во функција тогаш кога вие зависите од Министерството за финансии, не ви пушта пари, а вие треба да му вршите ревизија. Фактички таква е состојбата сега. Сакале ние да се согласиме со тоа или не, тоа е така.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски имате збор.

Повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, мислам дека излагањата повторно не поделија на позиција и опозиција. Пред нас имаме еден Извештај кој секој различно го толкува и различно го гледа. Оној што сака да кажува дека е добро се задржува на она што значи процентуално искажување во последните 2-3 години, што, се разбира, не е цел на ова што денеска го имаме пред нас, тоа е Годишниот извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година.

Како и во претходните години и во 2004 година при ревизијата е утврдено ненаменско и незаконско користење на јавните средства, има појави на прераспределба на средствата помеѓу расходните ставки без одлука на надлежен орган, неевидентирани основни средства во книговодствена евиденција, неизвршен односно нецелосно извршен попис на средства и обврски, неуредно и неажурно сметководство, непочитување на постапките за јавни набавки утврдени во Законот за јавни набавки и останати забелешки.

Од друга страна за отстранување на незаконитостите што се јавуваат во работата на субјектите, што е предмет на оваа ревизија, потребно е да се ангажира како извршната така и законодавната власт. Но, за жал, тоа не се случува. Уште на старт и оваа полемика помеѓу моите колеги пратеници покажува дека она што е многу битно и на што инсистира Државниот завод за ревизија и ние како законодавен дом ќе треба што побрзо да ја обезбедиме таа независност.

Независноста, како што бара и претседателот на Собранието, уште повеќе овој Државен завод за ревизија ќе треба да има затоа што она што ќе бидат нивни забелешки ќе треба да дојдат на

извршување. Тоа е основата на која оваа ревизија ќе биде фактички правно извршена затоа што се она што ќе го прочитаме во случајот во овој Извештај, понатаму можеме да видиме дека подлежи на многу жалби, притужби, притисоци и голем дел од овие заклучоци да бидат елиминирани. За жал, и покрај вистинитоста и она што значи обврска и на законодавната власт, а уште повеќе на извршната власт и на органите на прогонот кои треба да ја завршат својата работа. Значи, не би се согласил со некои од излагањата на моите колеги дека Законот за јавни набавки е многу гломазен и предвидува многу активности кои го спречуваат работењето и правото работење на луѓето што моментално се наоѓаат во власта и во единиците на локална самоуправа, тоа е голема причина за дел од нив, а тој дел е повеќе од 50%, да не ги завршат своите обврски.

Не треба да заборавиме дека токму за тие јавни набавки и нивното применување до 2002 година поднесени се стотици и стотици кривични пријави, правени се притвори, правени се судски процеси во кои многу помпезно се најавувани многу работи и на крајот од сето тоа излезе ништо. Но, секоја власт во моментот мислам дека го спроведува она што мисли да го спроведе, затоа останува кога ќе ја изгуби власта сите овие работи да дојдат токму на она што треба да се каже, а тоа е необјективното и неправилното работење во времето кога некој ја практикувал власта.

Уште на старт Државниот завод за ревизија и покрај тоа што се зголемува бројот на случаите кои се опсервирани, значи имаме 113 субјекти, изготвени 190 извештаи, но сепак, според она што беше нивен Годишен план, тоа е само 80% од предвиденото, зошто е тоа така, поради тоа што ние во декември донесовме некои закони кои требаше да бидат применливи и кои требаше да обезбедат вработување на 29 луѓе, нови ревизори, кои ќе можат да го обезбедат работењето на Државниот завод за ревизија и ќе донесат поизготвени извештаи. Но, еве тоа не се случи, вработени се само 9 луѓе, покрај тоа што дел од вработените, како што имам информација, тоа е една екипа не се во состојба да ја вршат својата работа, тука има помалку извештаи, но во секој случај кај повеќето субјекти е евидентирано дека не се преземени сугерираните мерки и препораки од страна на Државниот завод за ревизија, а дека органите кои се должни да ја следат работата на Државниот завод за ревизија и да постапуваат по наодите на истиот, работат со неприфатлива динамика, или таква динамика апсолутно не можеме да ја видиме. Можеби сето ова се кочи, се блокира, а која е намената ќе покаже времето.

(Во 13,00 часот со седницата продолжи да раководи господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието)

Од она што беше прикажано како прераспределба на средства без одлуки, на страница 45, ги имаме тие средства без одлука на надлежен орган значи Министерството за образование и наука повеќе од 39 милиони, Фондот за животна средина во Скопје 25 милиони, Буџетот на Градот Скопје 550 милиони. Мислам дека ваквиот начин на работење апсолутно требаше да подлежи на санкции или покренување во најмала рака на кривични пријави за ваквиот начин на работење кој е надвор од сите законски и сите правни нормативи.

Понатаму, во однос на она што значеше јавни набавки и во текот на изборната кампања се случуваа многу работи и кажувања дека она што беше ревизија на Државниот завод дека едноставно ќе подлжи на повторни жалби, притужби и дека евентуално сето ова што е дадено како Извештај што го имаме моментално пред нас, дека може да биде корегирано и дека тоа се средства кои понатаму евентуално нема да бидат така. Но, јас само ќе потсетам во Министерството за образование и наука по спроведувањето на јавните набавки кај субјектите, мислам дека во Министерството има 247 милиони остварени средства кои не биле по сите нормативи за јавни набавки.

Понатаму Министерството за култура од сметката за редовно работење 36 милиони.

Буџетот на Градот Скопје 28 милиони, органот на Град Скопје 185 милиони, органот на општина Битола 40 милиони, Фондот за уредување на градежно земјиште Битола 7 милиони. Значи, од еден Буџет каде имате 400-500 милиони повеќе од сето тоа е направено еве, за органот на Град Скопје веќе 200 милиони јавни набавки без она што Државниот завод за ревизија го кажува дека треба да биде исполнето, ние имаме генерално голем проблем кој мораме да го разрешиме.

За мене е значајно ова што можев од целиот Извештај кој е навистина исцрпен, има многу бројки, многу факти, но во секој случај она на што треба сите да се придржуваме и врз основа на што понатаму треба да се водиме дали сме позиција или опозиција, без разлика тој што ја практикува власта во моментот, она што е забелешка и предлози и мерки на Државниот завод за ревизија, мислам дека колизијата во законските прописи што директно го тангира Парламентот и она што значи системски неусогласености.

Значи, во сите овие извештаи утврдена е исплата на надоместоци за плати на вработените во државните органи по основ на прекувремена работа, договори за дело, учество во комисии врз основа на дискрециони интерни акти со одлуки и решенија, спротивно на важечките законски прописи, што претставува дополнителен надоместок на лични примања кај одреден број државни службеници за редовното работно време.

Токму поради ова, голем дел од дискусиите кога дел од вработените поради технолошки вишоци или структурни промени беа бркани од работа, беше укажувано токму на ова, оваа прекувремена работа, овие договори за дело се луѓе кои се вработени токму на местото на оние што беа

избркани од работа. Сега доаѓаме во ситуација за оној што добивал плата и што работел нормално во моментот да го прогласиме структурално непотребен во фирмата, од друга страна да склучиме договори на дело со два или три вработени кои ги обавуваат неговите активности, што е апсолутно недозволиво.

Понатаму, во единиците на локална самоуправа имавме можност да го видиме сите врз основа на вакви интерни акти, секретарите на советите, градските архитекти, советниците на градоначалникот, началниците без почитување за Законот за плати и други надоместоци донесуваа интерни одредби во кои нивните плати имаа можност да ги зголемат. Тоа се покажува во скоро сите буџети на единиците на локалната самоуправа каде овие средства не се покриени со буџетските средства.

Понатаму, многу симптоматично за мене Министерството за финансии нема ажурна и целосна евиденција за следење на надворешниот долг на државата за издавање гаранции, заеми, донации, средства и обврски што се плаќаат од средствата на Буџетот на Република Македонија, како што е регулирано со закон. Ова беше потврдено на наши пратенички прашања до министерот за финансии кога едноставно дали не сакаше или не знаеше, но во секој случај средствата кои доаѓаат од дивидендата на Телеком, едноставно не можевме да добиеме информација како и каде се трошат, за што се трошат и што од тие средства Министерството за финансии плаќа како надворешен дел, што од тие средства одат за граѓаните и што е во развојни проекти. Мислам дека таква ситуација апсолутно не добивме.

Понатаму, недонесените подзаконски акти со кои ќе се одреди висината за надоместокот за транспортните дозволи во делот што претставува приход за Министерството за транспорт и врски може да доведе до злоупотреба при прибирањето на средствата по овој основ што претставува приход во Буџетот. Ова го видовме, имавме големи расправи, се поведе и постапка против еден од минатите министри за транспорт и врски, но сето тоа заврши само на сослушување кај Јавниот обвинител и тука целата постапка е прекината. Мислам за дел на оние дозволи имаше големи проблеми и понатаму остануваат проблемите со тоа што поскоро треба да се најде решение затоа што многу често, донесувајќи ги законите, кажуваме дека подзаконските акти ќе бидат донесени во рок од 2, 3, 6 месеци, но, за жал, по донесувањето на Законот и после година, две немаме подзаконски акти кои би регулирале одреден дел и на тој начин се дозволува министерот со своите права кои ги има да донесе таква ситуација во која можеби самиот несакајќи се носи до прекршување на Законот кој тука сме го гласале ние.

Понатаму, во она што значи стратегија, забелешката држи директно до Владата да се изготви долгорочна стратегија за распределба на средствата за изградба на водоводи и за третман на отпадните води при што треба да се обезбеди континуитет во финансирањето на веќе почнатите проекти до нивната финализација затоа што сведоци сме дека секоја нова локална самоуправа или нова власт или едноставно определени проекти кои значат за одреден дел од државата многу, едноставно ги запоставуваат, се започнува со нови, а овие оставени на забот на времето едноставно ќе не донесат во ситуација апсолутно да немаме ништо од она што значело почеток на изградба, а не да започнеме ново кое сигурно нема да го направиме.

Во однос на она што значеше јавни набавки повеќето од половината субјекти што биле предмет на ревизија е утврдено непочитување на одредбите од Законот за јавните набавки, ревизијата има обврска посебно да нагласи и да препорача доследна примена на споменатиот закон со што ќе се обезбеди наменско трошење на средствата и објективен избор на најповолен добавувач без сомневање за субјективизам и корупција во постапката за јавната набавка. Исто така ревизијата истакнува дека многу решенија од овој закон се нефункционални и создаваат тешкотии во реализација кај институциите.

За ова е говорено многу и при донесувањето на Законот за јавните набавки, јас говорев дека посебно оние луѓе кои биле директно вклучени во производните процеси знаат што значи да добиете право за некои средства кои се, не знам ни сега колку се, дали се две или две и пол илјади евра во одредени ситуации кога морате да интервенирате, но во секој случај она што е годишна набавка и она што треба да го прават јавните претпријатија и деловите од системот т.е. Владата ќе мора да помине низ овие јавни набавки. Сигурно дека Законот и тогаш и сега треба да претрпи одредени измени.

Цело време се говори во она што значи Царинска управа каде имаше големи сомнежи во претходното работење, но и овој Извештај, Извештајот од 2004 година кажува дека се извршува запленување на бесправно стекната стока, ревизијата утврди необезбедена соодветна грижа и евиденција за неа, како и необезбедена материјална одговорност од лицата кои ракуваат со неа.

Ваквата состојба дава можност за злоупотреба и апсолутно е потврдено сето она што е говорено до сега дека со работењето на Царинската управа и Управата за јавни приходи како и основните судови ќе треба да функционираат заедно за да не ни се случуваат овие ситуации кога едноставно сомнежот во Царината се повеќе и повеќе се зголемува и голем дел од средствата кои треба да влегуваат во Буџетот на Република Македонија апсолутно ги немаме.

Понатаму, она што расправавме и комисиски и овде имавме цела седница во однос на Македонската радио телевизија за склучување на договори за откуп на спортска програма, филмови, фестивали, продажба на рекламно

време, мислам дека мора да се применува постојната законска регулатива и во многу ситуации Македонската радио телевизија и покрај тоа што ние стоиме зад ова доаѓаме во ситуација апсолутно да не се почитуваат законите кои самите ние ги носиме и доаѓаме во ситуација или да имаме извинување за нешто што е завршено или Државниот завод за ревизија и органите кои треба да ги спроведат после тоа дали е тоа Антикорупциската комисија или Јавното обвинителство едноставно отстапуваат, па се очекува денот кога ќе се смени власта, да може да се реагира за нешто што се случило пред две, три години, или една година. Мислам дека тоа треба да се прекине, треба да ги видиме сите овие извештаи, се ова што е направено, но сега ќе потсетам на говорењето на еден мој колега кој кажуваше секогаш дека ова е случаен избор, тоа е потпретседателот на Собранието, ова е случаен избор и можете да бидете среќни или несреќни да бидете во изборот на она што значи ревизија. Јас апсолутно се согласувам дека ние сите заедно ќе треба да направиме таков Државен завод за ревизија кој ќе биде обврзувачки со неговите резултати и со се што ќе се испита, но не тоа да биде случаен избор или избор каде што во единиците на локалната самоуправа во моментот имаме опозициони градоначалници или обратно. Мислам дека тоа е начинот на кој Државниот завод за ревизија ќе биде респектабилен, значи прво да се задоволат нивните барања да имаат фонд кој ќе работи апсолутно независен од Министерството за финансии и начинот на кој и понатаму ќе ги добиваме и разгледуваме овие извештаи пред нас сигурно дека ќе треба да интервенира и Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство, Антикорупциската комисија и ние како пратеници да видиме што од сето тоа е реализирано. Во овој момент јас мислам дека и ова што го добивме како Извештај и ова што го имаме како одбиени или неодбиени приговори кон ревизијата што е доставена од Државниот ревизор, мислам дека може да претрпи измени и сигурно на крајот на годината ќе побарам еден извештај во кој ќе видам во колку од овие информации кои ги дал Државниот завод за ревизија е процесуирано или ако се овие вистините бројки, без разлика колку се, како што кажавте дали се намалил процентот од 50 на 37 или од 37 на 32 апсолутно е небитно кога имаме кршење на правата и одговорностите на субјектите кои ја претставуваат власта и единиците на локалната самоуправа.

Само тогаш Државниот завод за ревизија ќе си го најде своето место, а и ние како пратеници ќе ни биде полесно да разговараме во однос на ова што значи нивен Извештај.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Само би кажала неколку збора за Извештајот кој е на дневен ред односно Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година односно за трошење на средства во 2003 година. Државниот завод за ревизија така педантно ги спакувал податоците до кои дошол, дал едно видување на состојбите во оваа ревизорска куќа од кој можеме да заклучиме дека ништо поразлично не е од оној минатиот по однос на екипираност и финансиска моќ на оваа ревизорска куќа за вршење на ревизии. Значи, не е ништо поразлично од минатата година и таму констатиравме дека недостасуваат човечки ресурси, значи неекипираност на Државниот завод за ревизија и во овој Извештај стои истото, значи има само неколку вработувања кои се далеку од потребното за да може успешно да се врши ревизијата. За волја на вистината во субјектите во кои е направена ревизија бројката е нешто повисока и процентот е нешто повисок на извршени ревизии, меѓутоа тоа не говори многу бидејќи зависно колкави се субјектите и колку временски било потребно да се вршат ревизии, можно е да се извршени ревизии во поголем број субјекти, помали и затоа тоа е само една игра на бројки. Затоа не можам да се согласам со констатација дека имаме позитивни трендови во трошењето на буџетските средства, односно дека се намалило незаконското и ненаменското трошење на средства. Ако имавме апсолутни бројки, значи не проценти, тогаш ќе видевме дали и колку се трошело законски и незаконски.

Ја поздравувам новината што ја вовел Државниот завод за ревизија, односно веб страницата која ја отворил која што за два месеци ја посетиле барем по моја информација некаде повеќе од 2500 корисници што покажува дека и те како се заинтересирани граѓаните на Република Македонија да видат како, на кој начин се трошат средствата кои идат од нивниот џеб во Буџетот. Токму затоа е потребно попедантно и поуредно да се носат извештаи за трошењето на средствата од Буџетот.

Размислував долго зошто овој извештај на Државниот завод за ревизија не побуди некој голем интерес во Парламентот, поготово кај пратениците од позицијата за дебата. Бидејќи ако се вратам наназад и сега јас направам некоја паралела кога ги гледавме претходните извештаи, се сеќавам дека со денови, мислам дека три дена дебатиравме за Извештајот во 2002 година. Зошто е тоа така, затоа што ова е според мене со највисок респект спрема Државниот ревизор, ова е еден технички извештај. Во него недостасува споредбено со оној што го добивме во 2002 година и кој го гледавме и во кој педантно и уредно беше напишано кој субјект на кои тендери како трошат средства, кога незаконски, во колкава сума и многу беше очигледно јасно да се отвори извештајот и да се види кои од субјектите кој закон го прекршиле, кој член од законот го прекршиле, колку трошеле незаконски, колку трошеле законски. Меѓутоа, во овој извештај кој мене ми наликува само на технички извештај,

такво нешто немаме. Сега ако по тој извештај што го гледавме 2002, па оној следниот во 2003 година, кажуваме дека органите кои треба да постапат по заклучоците, односно по извештајот на ревизорот и да преземат мерки понатаму да процесуираат за незаконското трошење, многу малку постапил, исклучително малку постапил, значи не го испочитувал извештајот на ревизорот, не презел постапки понатаму. Исто така, имаме заклучок дека не се испочитувале ниту заклучоците на ова Собрание кој го усвојуваше тој извештај и наредниот, тогаш како ќе можеме да очекуваме овие органи да постапат по еден буквално технички извештај. Во овој извештај навистина недостасуваат таквите податоци за да можеме многу јасно да видиме кои се тие субјекти, во колкава мера незаконски трошеле, кои законски одредби ги повределе. Јас добро се сеќавам дека во тој извештај дури и со болдирани букви беа подвлекувани случаите каде што имавме незаконско трошење и многу јасно и многу прецизно можевме да видиме и да се информираме кои се тие субјекти кои трошеле пари незаконски. Во овој извештај освен игра на бројки и проценти, јас уште еднаш ќе повторам, со респект спрема работата на државниот ревизор, неможеме да видиме кои се тие субјекти и каде трошеле незаконски и на кој тендер точно. Тука има дека од 100 и колку беа тендери таму, 101 биле незаконски. Ве молам, кои се тие тендери, кои се субјектите, за колку пари се работи? Од овој извештај ние тоа неможеме да го видиме.

Би кажала уште нешто. Значи, методологијата на изготвување на извештајот е сосем поразлична од претходните. И тука јас се прашувам зошто, и очекувам да добијам одговор.

Се плашам дека поради состојбите во кои се наоѓа Државниот завод за ревизија по однос на финансиска врзано за Министерството за финансии, по однос на недоекипираност, по однос на други потреби кои не му се задоволени за да може ефикасно и независно да ја заврши ревизијата, јас во овој извештај што денеска го гледаме чувствувам провев на политика. Ако е тоа така, и ако нешто итно не сториме во правец на овозможување на финансиска независност на ревизорската куќа, во правец на доекипираност на Државниот завод за ревизија и добивање на негова поголема независност во работењето, ништо нема да ме изненади ако наредната година добиеме уште пооскуден и уште потехнички извештај.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика господинот Ангел Димитров.

**Ангел Димитров:** Благодарам господине потпретседателе. Госпоѓа Лалчевска зборувајќи дека некој сака искривени слики овде да донесе, да добие, или незнам, да се добијат погрешни податоци, а фактички таа намерно самата направи искривена слика. Ако сака да биде достојна на она што го гледа и да го чита навистина извештајот како што треба, извештајот е многу јасен. Таа вели дека ревизија е правена кај помали субјекти за да се добие поголем процент на извршен обем, па да се добие погрешна претстава дека еве сега Државниот завод за ревизија контролирал повеќе фирми и не само тоа. На страна 60 се гледа дека обемот на ревизијата и износот на средствата што се контролирани кај субјектите, во однос на вкупните средства што ги користат буџетските корисници во Македонија е 55%. Во 2003 година тој процент беше близу 45%, во 2002 година беше околу 28% и тогаш Државниот завод за ревизија рече, дека релевантно мислење ќе може да се стекне, ако обемот на ревизија се користени средства над 50%. Сега има 50%. Значи, сосема не држи тоа дека се контролирани мали субјекти само процентуално да се добие некој поголем износ. И таа вели дека во апсолутни бројки го немало тој процент и немало позитивен тренд. Па јас ги читам апсолутните бројки, 3 милијарди 696 милиони денари незаконски средства во 2002 година. 1 милијарда 272 милиони сега. Тоа се апсолутни бројки, тоа не се проценти. И мислам дека госпоѓа Лалчевска сигурно го знае тоа. Или изнесе дека немало кој буџетски корисник колку средства направил ненаменска набавка, го злоупотребил Законот за јавни набавки. Госпоѓа Лалчевска завртете на страна 38 имате од реден број 1 до реден број 101 сите корисници кај кои е извршена незаконска набавка и вкупен износ од 1 милијарда, 272 милиони денари, значи во износи кој е пак три пати помал од оној што е утврден во 2002 година. И незнам кого сега треба да замајуваме дека ова било игра на бројки. Ова се вистински бројки. Јас пак ќе кажам, неможеме да бидеме потполно задоволни, но позитивниот тренд е присутен како сакате да го читате извештајот.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Кога се во прашање бројки навистина е многу битно од која призма ги гледате. Ајде да го гледаме вака, каде е тендерот за Пелинце и колкави беа сумите во 2003 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска. Само да напоменам. Извештајот што е годинава доставен од Државниот завод за ревизија е идентично изработен со извештајот кој што беше минатата година, методологијата и начинот. А во 2002 година беше поинаква методологијата.

Продедурално госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Господине потпретседателе, јас вас не ви реплицирав и немате право да ми одговорите на реплика. А точно јас поставив прашање за методологиите 2002 година и сега. Вие немате право да ми одговарате, вас не ви реплицирав. Вршите процедурална грешка.

**Слободан Најдовски:** Јас не ја прифаќам таа процедурална забелешка. Јас ви кажав затоа што сум еден од оние што одлучува кои материјали ги испраќа и за да имате вие сознание.

Има збор претставникот на Државниот завод за ревизија господинот Благоја Илиевски.

**Благоја Илиевски:** Напомнав дека методологијата е потполно иста и за сите извештаи досега нема промена на методологијата во известувањето. Единствено што воведовме некои нови содржини кои мислам дека се гледаат од Извештајот.

Ова што госпоѓата Лалчевска го спомна, поединечните извештаи ние не можевме да ги објавиме, ако се сеќавате порано беше втор дел од Годишниот извештај поединечните извештаи, сега тие се на ВЕБ страницата на Државниот завод за ревизија, таму ги имате сите овие податоци на располагање. Мислам тоа недостасува. Инаку извештајот би бил верувајте 1000 страни доколку ги објавиме и поединечните извештаи од субјектите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Илиевски.

Госпоѓа Лалчевска една минута, ова го сметаме како реплика.

**Ристана Лалчевска:** Точно така, јас ја спомнав и вашата ВЕБ страница и знам дека таму можат да се најдат делови на поединечни извештаи. Меѓутоа, не сите извештаи. И јас колку што знам сеуште Парламентот не е опремен со лап топови за да можеме ние сега веднаш да ги видеме поединечните извештаи и да дебатираме за нова методологија која се воведе. Значи, недостасува посебниот дел на извештајот кој ние требаше да го гледаме на оваа седница.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Три минути реплика госпоѓа Емилија Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Благодарам потпретседателе, колешката Лалчевска изнесе една реченица буквално вака: во овој извештај чувствувам провев на политика. Колешке Лалчевска токму целокупната ваша дискусија беше целосно политичка, а не стручна. Изгледа вие воопшто не сте му посветиле внимание на извештајот и не сте ги виделе табелите и податоците презентирани во него, туку се јавивте сосема неспремна за дискусија откако слушнавте претходни дискусии во кои што имаше одредени констатации за позитивни трендови и помали злоупотреби во ненаменското и незаконско трошење на буџетските средства. Ако само тоа го погледневте, ако направевте некои споредби со претходни извештаи од минатите години кои што ги разгледувавме, заклучоците ќе си дојдеа сами по себе. Тука во презентирањето на податоците во вршењето на анализи воопшто политиката нема никаква улога, туку заклучоците следуваат сами по себе. Рековте исто така, и една невистина дека нема податоци за тендерот во Пелинце. Па свртете на страна 38 од извештајот каде што се дадени податоците за контролата извршена во Министерството за култура и ќе согледате дека тие податоци ги има. Со тоа уште еднаш се потврдува констатацијата дека вашата дискусија беше баш политичка, а не стручна, она што произлегува од анализа на списи и бројки.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе. Сега колку јас бев спремна, или не, колешката убаво знае дека бев спремна, а таа не знам колку дојде спремна, затоа што го исчита извештајот и си ја провеа својата политика. На страна 38 точно дека го има Министерството за култура, меѓутоа средствата кои се потрошени за изградба на Пелинце не се ни приближно на оваа сума што тука ја имаме. Значи, многукратно се поголеми. А дали сум спремна, или не, еве, ќе ви кажам за ваше известување ќе ви ја кажам адресата на ВЕБ страницата да видите дека јас сум се потрудила да видам и нешто повеќе. А незнам дали вие ја знаете, можете и да си ја запишите њњ двр…

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, не би сакал да одземам многу време, меѓутоа чувствувам потреба дека треба нешто да се каже во однос на овој извештај. Почитувани колеги немав некоја посебна намера да дискутирам, затоа што овој извештај го гледавте и на Комисијата за финансирање и буџет и имавме прилика и во таа Комисија и овде на седниците по вакви и слични извештаи да дискутираме. Меѓутоа малку бев поттикнат и од одредени дискусии, поточно скоро сите дискусии кога дискусиите се водат во правец што е успех, а што е неуспех, што е добро, а што лошо и слушајќи ги сега колегите испадна дека оној процент кој што овде е искажан од Државниот ревизор, мислам на тоа дека има некаков позитивен тренд. Во однос на ненаменско и незаконско користење на средствата споредбено со две години, или три години наназад и дека тоа сега било успех. Мислам на тоа, еве или некој се свестил дека во Република Македониај има закони кои не треба да се кршат, или пак толку некој од оние кои што треба да ги почитуваат овие закони се уплашил од Државниот завод за ревизија, или можеби од оние институции кои што треба да ги гонат сторителите. Така што во 2003 година настана пресвртница во тој правец и одеднаш процентот падна. Зборувам за незаконско и ненаменско користење на средствата, или за оној друг позитивен тренд, позитивно мислење кое што го спомнува во претходните реченици по овој извештај. Меѓутоа, сите забораваме, односно оние кои што дискутираа пред мене, дали е некој процент 37,63%, значи констатирани кршења, односно незаконски и ненаменски користења на средства, или е тој процент 54. Едно е сигурно јасно дека во континуитет во Република Македонија незаконски и ненаменски се користат средства. Поточно кога од овде од говорницата многу пати сакаме да искажуваме реченици во правец каде се трошат парите на граѓаните и кога ќе видиме едни вакви констатации дека голем дел

од тие пари кои што граѓаните ги издвојуваат со тешки маки ненаменски и незаконски се користат, тоа треба да не загрижи овде како пратеници и во тој правец да дискутираме. Значи, процентот дали е голем, или е мал е релативна работа кој, како го гледа, меѓутоа ова да го кажете на една развиена, или една членка на Европската унија за кое што претендираме, таму ќе биде фрапантен показател дека нешто не е во ред. Или можеби па и тие ќе научат нешто од нас. Значи, јас би се задржал на тоа, зошто во континуитет во Република Македонија и покрај сите прописи кои од година во година ги правиме порестриктивни, построги во смисла на финансиската дисциплина, зошто во континуитет ни се случува кршење на тие прописи, односно на тие закони. Јас да ви кажам искрено, сега го разгледуваме Годишниот извештај за 2004 година за работата на државните институции во 2003 година, многу ќе биде интересен почитуван потпретседател и почитувани колеги оној извештај кој ќе го гледаме најверојатно во 2006 година, а можеби и 2007 година кога ќе има смена на оваа гарнитура, па тогаш ќе бидат многу интересни извештаите кога ги правиме споредбено со овие сегашните. И би сакал навистина да имам можност тогаш да ги прочитам и да подискутирам. Но, бидете сигурни дека ќе бидат интересни.

Она што кажав, мене ме загрижува зошто тоа се прави во континуитет. Тоа е едната работа. Сите вие добро го знаете одговорот зошто, јас нема да го кажам.

Една друга работа е многу уочлива во Извештајот а тоа и колегите на Комисијата за финансирање и буџет кога дискутиравме по овој Извештај констатиравме, а и овде во Собранието, па морам да потенцирам дека Комисијата за финансирање и буџет навистина прави напори да излезе во пресрет секогаш на Државниот завод за ревизија, затоа што има многу барања до нас како Комисија, кои што барања се трудиме во рамките на оној Деловник кој што е во оптек да ги процесуираме онолку колку што имаме овластувања, меѓутоа во континуитет кога ќе го погледате Извештајот ќе видите дека скоро секоја година, скоро секој годишен извештај се соочува со еден проблем од страна на Државниот ревизор, а тоа е Годишната програма, поточно планираните субјекти според Програмата и она што е извршени контроли, или извршени ревизии никогаш тој процент не изнесува 100%. Значи Државниот завод секоја година планира одредена бројка на ревизии, тој план, доколку е план, како што ние правиме проект на буџет, па и ние не го реализираме како што треба, така и Државниот завод за ревизија има планирани ревизии во текот на годината уште на почетокот, меѓутоа кога го поднесуваме својот годишен извештај таа бројка не се поклопува, обично секогаш отстапува. Сега ако ја посматраме во 2004 година, овој Извештај значи реализирани се 87,60% или од планирани 255 ревизии остварени 190, така да ние и како пратеници и како членови на Комисијата тука сме дискутирале и тука сме расправале зошто тој процент не е поголем, не е 100% и тн. и секогаш доаѓаме до оние констатации кои ги имаме и кои имаме можност да ги видиме и да ги прочитаме. Дури доаѓаме во една таква ситуација да скоро во секој извештај, дали е периодичен, дали е годишен како Собрание на Република Македонија носиме заклучоци кои што остануваат само слово на хартија и до ден денес Владата не ги релизира. Јас само ќе напоменам кои се причините кои што и самиот Државен ревизор ги кажува овде и кои што во континуитет продолжуваат и понатаму.

Ако е објективна причина оправданото долготрајно отсуство на тројца ревизори во самата ревизорска куќа, значи тоа е еден тим, една екипа од ревизори кои сигурно за едно такво отсуство не можат да го реализира она што е планирано. Но тоа е објективна причина и тука не можат ништо да направат ни ревизорите, па ни Владата бидејќи оправданото долготрајно отсуство најверојатно произлегува поради болест или нешто слично, така да тука не можеме нешто многу да помогнеме. Но можеме да помогнеме онаму каде што и ние како Собрание сме донеле заклучоци кои во континуитет Владата не ги почитува. Тука ние треба да се запрашаме како пратеници која е улогата на Собранието. Фактички кој орган е повисок во хиерархијата на власта, Собранието или Владата, кога ние носиме заклучоци, а тие не се извршуваат.

Еден од главните проблеми е несоодветната поддршка за кадровско екипирање на Државниот завод за ревизија и нејзино практично остварување во обем од девет нововработени наспроти планираните 29 лица во 2004 година. Значи Годишната програма е реализирана со 55 ревизори наспроти планирани 76 ревизори или 72,37% од планираниот кадар. Ако колегите ги читале, а верувам дека ги читале ќе видите дека оваа бројка или овие констатации се повторуваат скоро во сите извештаи. Ние како собрание сме носеле заклучоци дека Владата треба да го релизира она што како своја програма и заложба го направила. Ако таа има цел и ако ние како пратеници имаме цел Државниот завод за ревизија да си ја оствари онаа улога која со закон му е дадена прв и основен проблем или прва и основна задача е кадровски да биде екипиран. Ако процентот на кадровската екипираност на Државниот завод за ревизија е 72%, а процентот на реализираните предмети односно ревизии е 87% тогаш е навистина за пофалба Државниот завод за ревизија и вака екипиран што успеал толкав процент да релизира, но тие си знаат за тоа како тоа го направиле.

Значи уште во самиот старт заради неажурност и не знам кои причини во Владата, заради неекипираност Државниот завод џабе што ја носи таа програма кога е свесен дека заради кадровската неекипираност не можат да ја реализира. Значи, една од покрупните причини заради која треба да се замислиме.

Да не зборувам и за втората која е уште побитна, а тоа е необезбедените потребни и барани

средства од Буџетот на Република Македонија. Како пратеници, како членови на комисии, не е битно позиција или опозиција многу сме мераклии, многу ни е омилено кога зборуваме која влада, колку правела, во кое време, кој колку ги кршел законите и тн., меѓутоа секогаш кога знаеме каде се причините во буџетските стредства, во кадровската екипираност и кога сегашната Влада ни предлага буџет, а Државниот завод за ревизија ни праќа еден куп писма и нас како на комисија, но и како на пратеници во кои што не замолува со амандмани да интервенираме или како комисија да интервенираме до Владата тие буџетски средства да се зголемат во оној смисол и во оној правец за да Државниот завод за ревзија си ја оствари својата законска улога. Не можете вие ако на некого му ги скратите потребните средства за она што е планирано да сработи и ако кадровски не го екипирате не можете да очекувате кој знае што освен еден ваков процент врз основа на што ние сега ќе вадиме заклучоци кој помалку крадел или кој помалку ги кршел законите. Во основа едно е вистина, по се изгледа сите крадат и сите ги кршат законите, тоа е вистината и тоа е заклучокот на Државниот завод за ревизија. Бидете сигурни дека доколку е комплетно екипиран и доколку ги има потребните средства процентот на реализација ќе биде многу поголем и сигурно можеби ваквите бројки кои што сега ни се нудат ќе бидат сосема поразлични. Тоа е едната работа кога зборувам за причините.

Еден од главните проблеми, еден од колегите и го спомна во својата дискусија, кое е чарето народски кажано. Ако сте му дале задача на Државниот завод за ревизија согласно законот да постапува и да врши контрли и ревизии таму каде што треба кој е ефектот од сето тоа, да го гледаме Извешајот, да си правиме муабет овде или да се преземат мерки кои што со закон треба да ги преземат надлежните институции кои се задолжени да постапат по барањата, извештаите на Државниот завод за ревзија, или како што кажав вчера во оние предлози и претставки на Народниот правобранител и тн. На страница 66 има констатација во последните пасоси, која е многу интересна и сакам да ја потенцирам, а стои следното: "и покрај напорите и ангажманите на овој план сеуште не можеме да бидеме задоволни од резултатите, постигнатите ефекти и степенот на воспоставената соработка ...", ова се однесува на активностите на Државниот завод за ревизија сврзани со работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи. Значи, ако од вчера ме држи памтењето кога ваква и слична, можеби поостра констатација имаше Народниот правобранител денеска читам на страница 66 дека и Државниот завод за ревизија не е задоволен од воспоставената соработка со овие надлежни институции кои се единствено надлежни да преземат мерки врз основа на она што Државниот завод за ревизија го сработил.

Кога една таква соработка нема што ние да очекуваме од Државниот завод за ревизија. Можеби оттука и Владата не сака да го докомплетира, можеби оттука не му дава доволно пари, средства, вели доста ви е и ова за да овде дискутираме и си гледаме извештаи доволно е и толку пари, меѓутоа ако го разгледаме она што во бројки го кажува Државниот завод за ревизија на страница 66, кое би сакал да го потенцирам затоа што тука сликата е многу појасна. Имаме вака: "во извршента година до Јавното обвинителство Државниот завод за ревизија доставил 44 извештаи за 24 субјекти, а Јавното обвинителство за 19 извештаи од 14 субјекти преземало мерки и го известило Државниот завод за ревизија", колкав е тука процентот не сакам да баратам со проценти.

За доставените 69 известувања за 2001, 2002 и 2003 година, значи 69 интересна е бројката, Јавното обвинителство на Република Македонија ги преземало следните мерки.

Во три случаи покренал кривична постапка. Значи од 69 само во три. Во четири случаи оценил дека нема причини за поведување на постапка'; во девет случаи се прибрани докази и тече постапка за проучување и решавање на Јавното обвинителство, во шест случаи поведено е истрага за сторено кривично дело, во 31 случај е покрената постапка пред Министерството за внатрешни работи, но постапката од страна на Министерството за внатрешни работи не е почната. Пазете, во 31 случај, зборувам за период 2001, 2002 и 2003 година, а денеска е 2005 година, значи не е ни почнато и по 16 случаи тече проучување во Јавното обвинителство за утврдување на понатамошна постапка. Што сега да кажеме, што од ова што сработил Државниот ревизор односно кој е ефектот од сето ова. Кој е ефектот кога ќе го гледаме Извештајот на Јавното обвинителство, каде што има многу итересно да се каже и веројатно ќе се каже, но понатаму констатира Државниот завод за ревизија. "Од доброто разбирање на ревизијата од страна на надлежните органи и воспоставување на подобрата комуникација меѓу Државниот завод за ревизија и надлежните органи се услов за поголема ефикасност на надлежните органи во преземање мерки и активности од надлежност и овластување во однос на ревизорските извештаи". Значи, тоа е она што според мене е најбитно во оваа ситуација и во овој момент кога го разгледуваме овој Извештај.

Значи, можеме да ги цитираме и да ги раскажуваме колку и да сакате сите овие графикони кои што ни се дадени, сите тие графикони кои што се дадени кажуваат за една работа за ненаменско, незаконско, неправилно користење на средствата. Тука и таму можеме да правиме споредба поголеми ли се, помали ли се, но факт е дека овој извештај е волку голем затоа што толку ни се големи прекршоците, односно кршењето на законските одредби во оние институции каде што е направена ревизија.

Главниот проблем е кога меѓу Државниот завод за ревизија, Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и тн., оние институции кои треба да постапат по ваквиот извештај тие имаат еден слаб процент на реализирани, тогаш не знам на крајот на краиштата што да очекуваме. Дали овој процент ќе се зголемува или намалува, значи нема што да очекуваме освен да си правиме муабет овде, да си дискутираме и да си разгледуваме секоја година по еден извештај со тоа што ќе му кажеме на Државниот завод за ревизија да си ја брка работата како и досега, ама да не чепка, или да не притиска многу да се преземат некакви мерки за да се застане на овој пат.

Претседателе, тука е и Извештајот на Антикорупциската комисија, кој е на 94 седница, не знам кога ќе го гледаме, се надевам дека ќе го гледаме, и таму се ваквите констатации и тоа е она за кое што овде како пратеници сериозно треба да прозбориме без да оправдуваме дали е од страна на позицијата некој, па ќе го бранам, или опозицијата па ќе критикувам. Во основа тука шкрипи. Односот помеѓу надлежните институции кои се овластени да гонат и да прогонуваат и овие кои што се овластени да вршат контроли и ревизии не е во ред. Се додека тој не се подобри ние ќе имаме само извештаи, а конкретни резултати нема да имаме и ќе се препукуваме вашата Влада беше ваква, нашата беше подобра затоа што 20% помалку краделе, или обратно. Јас како пратеник и како претседател на Комисијата за финансирање и буџет секогаш ќе стојам на располагање за ефикасноста на овие извештаи да биде завршена таму каде што им е местото, а тоа е и пред Јавното обвинителство и пред судовите и со еден таков посериозен пристап да се застане на патот на вакви злоупотреби и кршење на закони. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Околу тоа кога ќе дојде Извештајот на Антикорупциската комисија зависи од нас. Ако сите имаме амбиции да зборуваме по саат време и една точка да поминуваме за еден ден тогаш навистина не знам кога ќе дојде.

Второ, за оние 87% навистина и јас се согласувам дека е восхитувачки да е толкава реализација во однос на екипираноста, но имаме и обратен случај - ние пратениците овде сме екипирани доста добро, имаме услови за работа, па за мене 87% е фантастика да ги видам овде пратениците.

Повелете господине Караџоски една минута контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, јас сум дел од таа фантастика затоа што сум тука постојано присутен. Значи со се мене имате 88%.

Што се однесува до првата констатација за Антикорупциската комисија дали имаме амбиции да зборуваме по еден ден, претседателе вие немавте амбиција воопшто да ја ставите таа точка на дневен ред доколку Караџоски не побара дополнување. Така да ако имаме амбиции да застанеме на патот на корупцијата и тн. ние не треба да се плашиме дали ќе зборуваме ден, два, три. Треба да ги натераме институциите да си ја работат работата која со закон им е дадена.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски треба да кажете дека јас ве подучив како да ја ставите на дневен ред на таа седница.

Бидејќи нема повеќе пријавени пратеници за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да гласаме по заклучоците.

(Пратениците побараа пауза, а за заклучоците да гласаат по паузата).

До пауза имаме уште 9 минути, за 9 минути сметам дека ќе се собереме, а ако не се собереме, тогаш по пауза.

Ги молам пратениците да влезат бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Бидејќи немаме доволен број пратеници за гласање објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,50 часот).

(по паузата седницата продолжии со работа во 15,04 минути)

**Љупчо Јордановски:** Во салата се присутни 56 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Каде беше господинот Караџоски кој што зборуваше за 80%, а сега овде јас неможам ни 50% да ги обезбедам.

Сега, во салата се присутни 59 пратеници и ги молам пратениците да влезат во салата.

(Во меѓувреме во салата уште двајца пратеници)

Бидејќи, го заклучивме претресот, предлогот на заклучоците содржани во Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 56 гласале за, тројца воздржани, и еден против.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци, а и констатирам дека со секоја чест на исклучоци на опозицијата, опозицијата не ги подржа овие заклучоци, бидејќи не е присутна тука.

**Минуваме на точка 39 - Извештај за работата на јавните обвинителства во Република Македонија во 2004 година**

Извештајот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Роксанда Крстевска.

**Роксанда Крстевска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Се извинувам што на денешното Собрание не е присутен Јавниот обвинител на Република Македонија, со оглед на тоа што тој се наоѓа на

службен пат вон од државата. Она што јас сакам да го изнесам како еден мал вовед повеќе во начинот на кој што треба да се толкуваат податоците од Годишниот извештај на Јавното обвинителство на Македонија, ќе се обидам да го резимирам во неколку фази. И тоа се фазите на првостепено одлучување, втор степен и постапување пред Врховниот суд на Република Македонија. Јавното обвинителство за прв пат оваа година својот извештај го презентира пред Собранието на Република Македонија, со тоа што морам да кажам дека ваквата обврска беше директна иницијатива на самата институција уште во времето на подготовката на Законот за јавно обвинителство, кој што минатата година беше донесен и стапи на сила. Во нашите идеи зошто ваквиот извештај треба да биде разгледуван на Собрание, бевме мотивирани од два факти.

Првиот, дека Собранието како законодавен дом треба да знае да има еден изворен податок за тоа каква е состојбата со криминалот во државата, каков е неговиот обем и структура, на кој начин институцијата Јавно обвинителство се справува со тој криминал и со кои проблеми во текот на своето работење ќе се сретнува.

Исто така, сакам да напоменам дека Извештајот по својата форма и по својата содржина веројатно, не претставува интересно и провокативно четиво за лесно читање. Можеби дел од пратениците ќе го оценат како премногу сувопарен и статистички, што во суштина по дефиниција и самата статистика, но за Јавното обвинителство ваквите статистички податоци секогаш претставуваат основа за определба наредната година на кои пунктови како институција треба да се определи и да ги ангажира своите сили. Исто така, да овозможи да се согледаат грешките во постапувањето и нивната елиминација. Морам исто така да напоменам дека она што на нашата држава во овој момент веројатно не и оди во прилог е да излегува со податоци кои зборуваат дека во државата голем дел на системот функционира доста порозно и системот во голема мера се појавува како генератор на голем број на однесувања на граѓаните и поединците.

Ова го зборувам од аспект на фактот што една мала држава како што е Македонија со прикажаната бројка во годишниот Извештај дека во текот на годината во Јавното обвинителство на Република Македонија, јавните обвинителства во прв степен постапувале против 30.251 лице, од кои еден дел се 16.000 полнолетни, малолетни и непознати сторители, претставува бројка која што сериозно може да укаже на процентот на криминализација во државата и дефектите кои што понатаму од овој број на сторители произлегуваат од и во самиот систем.

Јавното обвинителство во својот Извештај донесе оценка со која констатира дека во текот на 2004 година ваквиот прилив на кривични пријави, кој што е реализиран со работата на 130 заменици на јавни обвинители во прв степен. Понатаму, 22 заменици во лтрите региони во Вишото обвинителство 10 заменици во Јавното обвинителство на Македонија, ја извршиле својата задача ажурно. Меѓутоа, изостанува ефективноста на институцијата за која што подоцна ќе зборувам.

Јас, навистина, би ве замолила да имате трпение да ме сослушате, бидејќи слушам многу коментари додека зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Имате Извештај и мислам дека таму ги дадовте согледувањата.

**Роксанда Крстевска:** Морам да кажам што значи за Јавното обвинителство ефективноста, а што значи ажурноста.

**Љупчо Јордановски:** Да, ама бидете концизни и кратки, затоа што сакаме да им оставиме простор на пратениците да се искажат. Сепак, ова е дом на пратеници.

Повелете.

**Роксанда Крстевска:** Ќе кажам две работи. Јавниот обвинител е ажурен во својата работа, не заради тоа што можеби целата институција пати од вишок на совесност, меѓутоа, заради тоа што технологијата на постапување во Јавното обвинителство е таква што тој е лимитиран и со рокови и е лимитиран со месечни извештаи, во кои што основните обвинителства се должни да го известат повисокиот обвинител за приемот на пријавите и за начинот на кој што тие пријави ги има решено. А, во секој случај е должен заостатокот од нерешените пријави во текот на месецот Јавниот обвинител да го оправда и да има сериозни причини зошто тоа го сторил. Неефективноста односно ажурноста исто така може да се оценува и од аспект на тоа што е тоа што кај Јавниот обвинител по Извештајот се смета како нерешена кривична пријава. Дали е тоа кривична пријава која што стои во фиока и за која што многу често и медиумите и воопшто се зборува дека Јавниот обвинител по одредена работа воопшто не постапувал.

Морам да кажам дека во рок од 30 дена Јавниот обвинител мора да постапи и пријавата да ја насочи или кон судот или доколку оцени дека станува збор за пријава која што не ги содржи основните елементи на кривичното дело или не содржи доволно докази, или по својата содржина е противречна и нејасна, таквата пријава да ја упати до МВР со конкретно поставени барања на кои што МВР е должно да одговори во разумен рок. Многу често се случува ваквите рокови да не бидат почитувани и со сегашниот Закон за кривична постапка на Јавниот обвинител му останува единствено овластувањето да се обрати до министерот за внатрешни работи да го детектира проблемот за да може тој да преземе мерки во рамките на своите овластувања. Одтука и оценката дека Јавниот обвинител постапува ажурно, бидејќи веќе две години под непосредна контрола се токму ваквите барања за собирање на известувања упатени до МВР, а исто така вршена е оценка дали станува збор за кривични

пријави кои што се поднесени од граѓани или станува збор за кривични пријави поднесени од самото Министерство за внатрешни работи, што доколку би било случај, би претставувало оценка за лош квалитет на пријавите на МВР.

Според тоа, би се осврнала сега на делот на оценката за неефективноста, а таа произлегува од два фактори. Првиот, изразен низ процент е делот на истрагата, каде што истражните судии во Република Македонија успеале да завршат истраги 53% од она што Јавниот обвинител го понудил во текот на годината и тоа што било остаток од минатата година.

И второ, во бројот на непресудените обвиненија, кој изнесува некаде 12.448 на ниво на цела Република, со посебен осврт дека само на Основното скопско обвинителство и основните два суда, еден и Скопје, припаѓаат нерешени 3455 предмети или процентот на пресудување во овие два суда изнесува 36%, што како бројка во однос на останатите судови во Републиката навистина е загрижувачки.

Имајќи предвид дека овие два суда се среќаваат со најголем број процент и по обем. . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо јас не знам дали вие сте надлежни да оценувате работа на судовите, вие, ве молам продолжете ја вашата работа и вашиот извештај.

**Роксанда Крстевска:** Господине претседателе, за да зборувам зошто 12. . .

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, оправдувањата за некои критики од страна, мислам дека ни вие немате право да ги оценувате работите на судовите. Затоа. . .

**Роксанда Крстевска:** Јас не вршам критика, јас само укажувам дека ние имаме толку непресудени обвиненија.

**Љупчо Јордановски:** Спомнавте проценти на нерешени случаи кај судовите. За тоа мислам дека судовите сами ќе одговараат ако имаме расправа овде. Вие вашиот извештај да си го образложите.

**Роксанда Кртевска:** Тоа е друго. Тоа е дел на нашата неефективност. Нашата неефикасност произлегува во непресудени обвиненија.

**Љупчо Јордановски:** Вашата ефикасност е во бројот на поднесени кривични пријави. . .

**Роксанда Крстевска:** Не е точно тоа.

**Љупчо Јордановски:** . . . а не во бројот на решени судски предмети. Затоа ве молам да се држите за обвинителството.

**Роксанда Крстевска:** Господине претседателе, ние кривични пријави не поднесуваме, ние кривични пријави добиваме. Ние постапуваме по кривични пријави.

**Љупчо Јордановски:** Добро, не сум правник, згрешив. Значи Ваше е колку сте постапиле по кривични пријави, не ја оценувајте работата на Судот, Ве молам.

**Роксанда Крстевска:** Јавното обвинителство решило 77,14% од критичните пријави. Останале нерешени 22,86%. Тоа се пријави останати кај други органи, а не во фиоките на Јавниот обвинител. Јавниот обвинител од поднесените истраги има решени 53%, не се решени 47%. На Јавниот обвинител му останале непресудени 12.448 лица. Тоа зборува дека Јавниот обвинител е неефикасен и дека таа неефикасност е резултат на проблемите кои се присутни во системот на правосудството бидејќи тоа е негов дел и не преставува извлечена алка од системот за да можеме да ја лоцираме одговорноста директно нему. Ние можеме да зборуваме за Јавниот обвинител дали е неефикасен во поглед на обвиненијата само во оној дел кога ќе утврдиме дека неговите обвиненија се неосновани, и тоа неосновани од аспект на донесени пресудителни судски пресуди. Меѓутоа, сметам дека овој Парламент имајќи предвид дека се наоѓаме пред значајни реформи пред судството мора да сфати дека ваквата бројка на пресудени лица не се однесува и не произлегува од неажурноста на судиите, тие се ажурни по број на предмети во текот на месецот, туку тоа е резултат на лошата организација, тоа е резултат на лошата реформа направена 1996 година, а ќе се провлекува уште пострашно дококу немате слух да слушнете и да размислувате кога ќе се случуваат реформите во наредниот период што е тоа што судството навистина го кочи, и покрај субјективните слабости. Една од причините зошто се овие појави вакви и зошто Јавното обвинителство ќе ги пресуди овие лица ако две години не пушти ниедно обвинение, значи тоа е оптималнниот број, според бројот што се пресудува годишно во овие два суда Јавното обвинителство треба две години ништо да не работи, да оди секој ден на судење за да успеат овие два суда да го решат бројот на предмети кои останале од кривична материја. Сметам дека стварната надлежност е една од главните кочници за ваквиот проблем и сметам дека Јавното обвинителство можеби многу малку може да стори на оваа релација, но вие како Парламент можете. Она што како определба Јавното обвинителство ја истакна во својот извештај и констатира што понатаму треба да прави во поглед на овие непресудени лица, е да воведеме лична евиденција на секој заменик по број на обвинети лица кои му се непресудени, да бараме месечен извештај за сите предмети кои се пресудуваат по број, по име и по кривично дело, да утврдиме дали ваквата непресуденост е резултат на одлагања на претресите со основ или без основ, дали станува збор за квалитетни или неквалитетни обвиненија и на крајот на годината да констатираме кој е делот на нашата вина за овие непресудени обвиненија, а кој е делот на вината на другите чинители кои се неопходни во цел овој систем.

Со оглед на тоа што сметате дека овие податоци се дадени и не е потребно да ги предредувам, а првенствено претпоставувам дека во текот на дискусијата ќе произлезе оваа потреба за која

инсистирав, би сакала уште да кажам две работи. Едната е односот на Јавното обвинителство кон другите институции и тоа не со Антикорупциската комисија, бидејќи за тоа има одговор во самиот извештај, но се сметам повикана во поглед на наодите на Ревизорскиот завод и во поглед на Извештајот на Народниот правобранител да го истакнам моето размислување, а тоа е дека Јавното обвинителство треба во натамошниот период да има поинаков пристап со Заводот, бидејќи сметам дека е корисно и двете институции да поднаучат некои работи кои ќе им овозможат да бидат поефективни во ваквите извештаи.

Исто така, сметам дека голем дел на извештаите претставуваат само објективизирање на повредите од Законот и на Јавниот обвинител, Јавниот обвинител има голема потреба ваквите објективизирани повреди да ги проверува во поглед на субјективниот однос на можните сторители кои работат во институциите каде што повредите се направени. Оттука и застојот може би во самата процедура, а во поглед на фактот на барањето да бидат институциите известувани за секоја фаза на постапката, јас морам да кажам дека Законот за кривична постапка и Законот за Јавно обвинителство е тој што го детерминира односот на Јавниот обвинител кон лицата на кои треба да им биде соопштено кога пријавата е решена. Значи тогаш кога ќе се донесе конечна одлука, а не и за фазите кои Јавниот обвинител мора да ги помине за да стигне до таквата конечна одлука.

Во однос на Годишниот извештај каде што Јавниот правобранител зборува, Народниот правобтанител дава оценка за работата на Јавното обвинителство, сметам дека прво содржината која што е срочена во делот на оценката е страотно противречна и правнички лошо срочена. Сметам дека е неодговорно да се дава оценка за стручноста и совесноста на еден државен орган. Ние можеме да зборуваме за стручност и совесност на поединецот и од тоа нема бегање, ниту пак бараме амнестирање. Сметам дека е непристојно врз основа на три претставки кои се однесувале на Јавното обвинителство, од кои за едната Јавниот обвинител донел одлука да се отфрли, а двете се наоѓаат пред истражна постапка, да се каже дека важи истата оценка која што важи и за судството за недоволна стручност и совесност. И понатаму што Јавниот правобранител во својот одговор воопшто не се потруди да каже на кој начин утврдил дека кај Јавниот обвинител застарела кривичната пријава и на кој начин Јавниот обвинител како странка е во позиција да влијае пред судот, постапката да биде забрзана или успорена. Очекував професионално Јавниот правобранител да го повлече овој дел од извештајот, но како тоа не го стори се чувствувам за обврзана да го кажам своето мислење во однос на овој дел, за кој што и еден дел од пратениците кажаа дека ниту оценката ниту начинот на кој е таа изразена треба да биде предмет на овој извештај.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Крстевска, две работи сакам да ви кажам, бидејќи можеби сте прв пат во Парламентот.

Прво, почнавте многу погрешно. Никој вас не ве стави на обвинителна клупа, па вие почнавте веќе со некоја одбрана. Претпоставувам од медиумите предвидувате што ќе се случува. Јас не се осмелувам да предвидувам дали опозицијата ќе ве фали или ќе ве напаѓа, мислам и позицијата. Имате шанси за реплики за да одговорите на евентуални погрешни наоди.

И трето, ве молам, вие не сте член на Парламентот и да давате оценки од оваа говорница и ова место што направил и кажал Јавниот правобранител. Можете да организирате конференција за печат и тоа да го кажете. Но, бидејќи не ме разбравте, ве пуштив до крај да се искажете.

Сега има збор госпоѓа Милка Митковска.

**Милка Митковска:** Јавното обвинителство во системот на државната власт претставува единствен и самостоен државен орган што ги гони сторителите на кривични дела и други по закон утврдени дела и врши други работи, кривични дела утврдени со Закон.

Иако ова јавно обвинителство работи на три нивоа, на Основен, Виш и Јавен обвинител на Република Македонија, иако Јавното обвинителство на Република Македонија во државата има три виши јавни обвинителства на територијата на Република Македонија, за мене воопшто не може да биде оправдано неефикасното работење на Јавното обвинителство, за кое всушност се произнесе во своето излагање и заменик Јавниот обвинител. Дека навистина е неефикасно работењето на Јавното обвинителство зборуваат и податоците кои што се дадени во табелата на страница 21. Меѓутоа, освен табелата што зборува за оваа неефикасност според бројките што се таму наведени јас сакам нешто друго повеќе да нагласам, а тоа е неефикасност на Јавното обвинителство не според бројките на делување во кривичните пријави или постапки, туку неефикасноста на делувањето врз поведението и однесувањето на граѓаните како сторители на кривични дела. Имено, бројките кажуваат ова: Во 2003 и во 2004 година, ако се направи компарација, во Главата "Кривично дело против животот и телото" имаме речиси зголемени кривични дела, во 2003 година имаме 93, а во 2004 година 104. Каде е тука влијанието од пресудите од казнениот систем и постапките на јавниот обвинител, сите заедно, бидејќи и онака Јавниот обвинител ги стави во едно сите овие три функции. Или, убиства по член 123, од 13 во 2003 година, 15 се во 2004 година. Ако сакате и не е многу поголем бројот со обвиненијата што се предадени од Јавното обвинителство, од 51 дело во 2003 година, во 2004 година, се 67 дела, но за таа цел пресуди од 49 се 47,значи помалку се. Тоа значи има несоодветно однесување на

Јавното обвинителство и судската власт односно пресудите.Убиство во обид, тука имаме некое мало намалување, односно од 68 на 35 или тешка телесна повреда по член 131 од 492 случаи во 2003 година, во 2004 година имаме 439 случаи а 280 пресуди во 2003 година и 327 пресуди во 2004 година, што значи овде имаме поголема ефикасност, но ефикасноста врз поведението не соодветствува.

Да сублимирам што сакам да кажам со ова. Дали пресудите односно казнените одредби соодветствуваат со кривичните дела бидејќи тоа не влијае врз поведението на прекршителите, односно кривичните прекршители.

Во главата "Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот" имаме зголемени кривични дела, во 2003 од 47, во 2004 година имаме 43, а пак грабнување од 30 во 2003, имаме 43 предмети, дури 13 поеќе во 2004 година. Да не одам целосно по сите овие одредби и глави на Кривичниот законик, освен што имаме намалување во Главата 23 од Кривичниот законик на кривични дела против имотот, имаме намалување само кај кражбите по член 235 став 1, рапидно намалување, од 3228 во 2003, на 1982 предмета во 2004 година. Другите бројки речиси се со многу мала разлика. Уште еднаш се прашувам дали законските одредби, односно казнените законски одредби ни се премногу слаби, или пак имаме нешто друго што воопшто влијае негативно врз поведението на подрачјето на Република Македонија и граѓаните. Дали тоа се однесува на возрасни, дали се однесува на малолетници, дали се однесува на други по структура кривични постапки, битно е дека нив ги има и дека треба да се направи нешто да се намалат, без разлика на постапените обвиненија и пресудите.

Исто така, наоѓам за потребно да го истакнам делот каде што беше порастот на кривичните предмети, против службена должност, злоупотреба на службена положба и овластување. Тоа е една огромна бројка. Имаме 1717 пријави во 2003 година, 1100 во 2004 година, а обвиненија се покренати само 197 во 2003 година, а само 301 во 2004 година, за да имаме уште помалку пресуди односно 153 во 2003 година, а 169 во 2004 година.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Митковска, ако госпоѓа Крстевска ја прекинав во врска со анализа или оправдување дека судството ни е неефикасно, ве молам, и вас ќе ве прекинам, но тоа ќе даде основа сега заменикот обвинител да одговори.

**Милка Митковска:** Во ред.
Извештајот е така даден господине претседателе и јас се држам исклучиво до Извештајот и реков дека тие веќе нарпавиле спој во Извештајот со судската власт, со судските пресуди и одредби. Јас затоа ја правам таа паралела.

**Љупчо Јордановски:** Ако некој си бара оправдување во друг сектор, тоа не значи дека вие морате тоа да го користите. Вие зборувате по Извештајот за работата на Јавниот обинител, колку обвиненија поднел.

**Милка Митковска:** Во ред, во ред, јас од тука ги гледам сите. Дадени ни се премногу раздвоени, сите глави и 14-та за против животот и на телото, потоа кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, кривичните дела против половата слобода и половиот морал, од 53 односно 56 како пријавени кривични дела, имаме покренати обвиненија само 30. Значи некаде, нешто повеќе од 50%. Или, од 44 за полов напад врз дете, покренати се само 25 обвиненија, што исто така укажува дека Јавното обвинителство не си ја извршува доволно својата ажурност, иако заменик јавниот обвинител тврдеше дека биле апсолутно ажурни.

Кажав за кривичните дела против имотот, во кој што имаме 3228 кривични дела, за кои се преземени само 948 обвиненија во 2003 година, а 1488 од 1982 во 2004 година. Разбојништвото, по однос на кривични дела го имаме во 2003 година во 255 пријави односно 259 во 2004 година. Од 255 обвиненија се поднесени 130, значи скоро 50% во 2003, а само 203 или некаде 60% ќе дојде во однос на 2004 година. Затајување, имаме 151 случај во 2004 година, а само 99 обвиненија се покренати во 2004 година. Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, 2004 година 124 предмети. Поднесени се 112 обвиненија.

Мислам дека сте задоволни што ги изземам судските пресуди.

Криумчарење, 148 случаеви, поднесени обвиненија само 91...

**Љупчо Јордановски:** Колку е тоа проценти?

**Милка Митковска:** Во проценти 60%, веројатно.

**Љупчо Јордановски:** Не сте во право. Пресметајте. Ќе видите дека го имаме оној 75% повеќе и тоа што Караџоски го рече, многу ефикасно.

**Милка Митковска:** Овде не се дадени процентите, па ги кажувам произволно.

Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај. Овде имаме прилично голема ажурност, дури и повеќе отколку што треба. Веројатно спаѓаат и од минатата година. Односно од 660 случаи, 695 обвиненија. Значи, овде имаме 100% односно над 100% остварување на работата на Јавниот обвинител.

**Љупчо Јордановски:** Тоа ми е чудно. 102%. Бидејки од 660 извлековме 695.

**Милка Митковска:** Не реков во проценти, реков над 100%. А не 102%. Над 100%.

Кривични дела против службена должност, 2004 година, 1100 случаи. Поднесени обвиненија против 301 лице. 30% ли се или повеќе? 33%? Примање поткуп, 100% е остварувањето, од 14 случаеви, 13 обвиненија. Фалсификување службена исправа, 62 случаеви, поднесени 23 обвиненија. Кривични дела против правосудството, не извршување на судска одлука,

од 63 случаи, 17 обвиненија. Кривични дела против правниот сообраќај, фалсификување исправа, од 1207 случаи поднесени 892 обвиненија. Кривични дела против јавниот ред, од 77 случаи, 68 обвиненија. Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали, член 396, од 2004 година 229 случаи, поднесени 181 пријава. И покрај Законот што беше за собирање на оружјето, овие случаи се премногу.

Бидејки го исцрпив делот од табелата, што укажува на соодносот на пријавени лица и покренати обвиненија, јас реков бројките не се фрапантни. Но, фрапантно е тоа што пријавените кривични дела во 2003 и 2004 година не е променет бројот, иако е променета бројката за покренување на обвиненијата. Оттука уште еднаш го покренувам тоа дека неефикасноста ја гледам не во бројките на пријавени случаеви и поднесени обвиненија, туку како обвиненијата не влијаат врз поведението на кривичните дела. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Е сега госпоѓо Крстевска имате основа да одговорите, тоа што инаку се обидовте да го направите во вашиот воведен збор.

Мене би ме интересирало, точно да ми кажете, имаше овде еден податок како од 660 прекршочни дела, вие сте поднеле 695 пријави? Јас го знам одговорот, но еве сега, бидејки такви аргументи се користат, повелете имате сега основа да одговорите и да реплицирате.

Повелете.

**Роксанда Крстевска:** Многу едноставно.

На почетокот на Извештајот имате еден податок за новопримени кривични пријави и податок за кривични пријави што останале нерешени во минатата година, биле кај некои други органи.

Јавниот обвинител, во текот на годината постапува по вкупниот број на пријави. Ако сме имале 16 илајди лица во 2004 година, останати од 2003 година 5 илјади лица, значи сме имале 21 илјада полнолетни лица во постапка.

Во делот каде што ги претставуваме обвиненијата ние не правиме градација дека се тоа обвиненија по пријави од претходната година. Тоа се обвиненија што се поднесеени во таа година. Затоа вие ќе имате едно несофпаѓање помеѓу бројот на пријавени лица и бројот на поднесени обвиненија.

Друга работа што морам да ја кажам, Јавниот обвиниетл таман работа ако 21 илјада лице обвини? Знаете ли што значи тоа? Секој кој ќе поднесе пријава ан блок, на суд го обвинуваме. Затоа тој има и други инструменти. Прво ја оценува пријавата дали е тоа кривично дело, дали е тој сторител, дали е застарено, дали има докази и т.н. Ако сето тоа е во ред, тој е лимитиран, за кривичните дела над 5 години, тој мора да оди пред истражниот судија да се спроведува истрага. Дури, и за кривични дела до 5 години се одлучува на непосредни обвиненија многу поретко заради тоа што секогаш фали по некој доказ.

Според тоа, не може да се земе во предвид оценката дека, како тоа Јавниот обвинител од толку многу пријави поднел толку малку обвиненија. Па тоа е среќа за една држава ако тие одлуки се законити. Значи има помалку криминалци. Дека тие приајви не биле баш или основани или за нив немало доволно докази.

Ние имаме една друга, меѓуфаза, а тоа е фазата на истраги. Значи, од овие пријави Јавниот обвинител можно е да отфрлил кривична приајва.

Понатаму, велам дека имаме 53% незавршени истраги. Значи, сеуште не е завршена истрагата за да може да напише обвинение. Тоа е обврска по Закон да напише обвинение.

Сметам дека со ова дадов коректен одговор.

Во поглед на казната, јас морам да кажам дека единствен инструмент на Јавниот обвинител за влијание на казнената политика е применета на правното средства жалба. Исто така, морам да викажам дека Јавниот обвинител има преforsирано жалби и дека во голем дел тие жали повисокиот суд ги нема прифатено. Што значи креатор на казнената политика за определени кривични дела е исклучиво во надлежност на судот.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ова спомнување на судот нема да ви го земам за забелешка, бидејки пратеничката го спомна судот па имате основа вие да одговорите. Не зборувам за напаѓање, туку сега имате основ и судот да го спомнете, бидејки тоа беше еден дел од дискусијата околу судските завршници кај пратеничката.

Господине Трендафилов, повелете имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски,

За разлика од Државниот ревизор кој писмено го извести Собранието дека нема да присуствува при расправата за неговиот Извештај, господинот Александар Прчевски не се обрати писмено на Собранието, туку испрати претставник од неговиот персонал кој сега пред Собранието требаше да образложи политиката што ја спроведува господинот Александар Прчевски.

За жал и покрај елоквентниот фактографски обид на почитуваната госпоѓа, бидејки таа не е креатор на она што го спроведува господинот Прчевски, верувам дека е исклучителен професионалец како што треба да биде лице во рамките на нејзината институција, нешто за што не можам да кажам за нејзиниот надреден и бидејки како професионалец, таа зборува и дејствува исклучиво во рамките на она што со закон е гарантирано и дадено, секако дека нејзиниот обид, ма колку и да бил фактографски поткрепен е неуспешен. Еве зошто:

Јас разбирам дека понекогаш, особено во војската се користи терминот дека квантитетот самиот по себе носи квалитет. Во Извештајот на Јавното обвинителство, потпишан од господинот

Прчевски јас не можам да прифатам дека и тој се поведува по таквиот принцип дека квантитетот сам по себе носи квалитет.Еве зошто:

Во Извештајот на господинот Прчевски му се виновни судовите. Се осврнува на работата на Антикорупциската комисија. Виновен е Парламентот. Винована или не е виновна политичката ситуација во Република Македонија, актуелната, мината или идна, но ниту на крај на памет не му паднало на господинот Прчевски да каже дека е виновно Министерството за внатрешни работи.

Туку, господинот Прчевски, во Извештајот што го има поднесено до нас говори следно, "Обејктивен одговор", значи во делот дека во 2004 година се поднесени кривични пријави толку и толку, за на крајот на годината тие нерешени или решени да бидат, не е битно за која бројка станува збор, туку станува збор за, сега ќе цитирам "Обејктивен одговор за ваквата тенденција е квалитетот на кривичните пријави и предложените докази". Ниту збор зошто и што всушност значи "квалитетот на кривичните пријави и приложените докази", зборува за институцијата што ги собира истите докази.

Да потсетам, а убаво го искараа и судството, затоа што на господинот Прчевски му пречело особено во рамките на комуникацијата со претставници на Европската унија, затоа што она што се зборувало од Антикорупциската комисија обрнало внимание и на пратеници, на амбасадори и на меѓународна јавност и тој се почувствувал дека во одреден момент станал "центар на светот".

Откако ги ламентира сите овие работи господинот Прчевски, во Извештајот што го потпишува, на крајот тој завршува, пред заклучоците, со следнава констатација:

"Токму од тие причини наша заложба е секој да се држи до со Устав и Закон утврдените надлежности, без притоа неповикано и без основа да дава оценки за работата на друг".

Јас ќе го пдоржев целиот Извештај само поради оваа констатација доколку и во содржината на Извештајот господинот Прчевски,како што и за жал дел од неговиот персонал беше денеска принуден да зборува во негово име, затоа што тој, без оглед каде се наоѓа, во земјава или надвор од земјава, нема храброст да дојде пред Собраниево, туку се појави само пред Комисијата, токму оној кој се потпишал на овој Извештај, во Извештајот не се придржува до она што "со Устав" е негова работа.

Знаеме, преку неговите јавни настапи, ги напомнав судството, Антикорупциската комисија, пратениците, сите се виновни освен тој и освен оној кој поднесува кривични пријави по службена одговорност, а тоа е Министерството за внатрешни работи, каде што, јас, со една неразбирлива реченица, нелогична по својата логичност, како што ја напишал господинот Прчевски, "објективен одговор за ваквата тенденција е квалитетот на кривичните пријави и предложени докази".

Во делот каде што господинот Прчевски пишува колку останале нерешени пријави, замислете дека само во Основното јавно обвинителство во Скопје останале нерешени кривични пријави против 3455 лица.

Почитувани пратеници,

Да ве потсетам дека Основното јавно обвинителство во Скопје го води оној познат јонуша кој дури и беше присутен на работата на една парламентарна комисија, заедно со министерот за внатрешни работи, неговиот братучед, господинот Хари Костов, каде што тие беа доста агилни. Знаете дека станува збор за случајот насочен против еден наш колега во Собранието, тоа е господинот Љубе Бошковски и знаете што се Јавното обвинителство во Скопје нарпави во случајот на обвинението покренато за таканречениот случај "Раштански лозја". Значи, господинот Џиков, се извинувам, господинот Зиков, братучедот...

**Љупчо Јордановски:** Не се извинувај, не се извинувај,

**Ѓорѓи Трендафилов:** ... братучедот на господинот Хари Костов не се интересира за 3445 случаи во неговото обвинитеслтво, но беше насочен исклучиво кон 4 граѓани на Република Македонија, во еден максимално исклучително исполитизиран и сомнителен процес.

Да ве потсетам дека дел од неговиот персонал во рамките на постапката, јавно, бидејќи судењето беше јавно пред судиите, пред судиите поротници и пред семејствата и пријателите, новинарите, сите кои беа присутни. Тогаш, обраќајќи му се во еден момент на господинот Стојков, на генералот Стојков, како еден од обвинетите, без срам и перде вели: "да господине Стојков јас жалам, што во земјата постои селективна примена на правото и на законот". И никому ништо. Во овој Извештај нема ниту збор дали Јавното обвинителство ќе превземе нешто против скопското обвинителство, затоа што цела своја енергија ја насочи само против овие четворица, додека 3445 кривични случаи, господинот Зиков, братучедот на поранешниот министер за внатрешни работи Хари Костов, поранешниот претседател на Владата на Република Македонија и актуелниот извршен директор на АД Комерцијална банка, Хари Костов, за тоа нема ниту збор во Извештајот.

Исто така, во Извештајот на господинот Прчевски.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам да не спомнувате имиња кои не се присутни тука.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господинот Прчевски е поканет овде и јас не знам зошто тој не е овде. Јас зборував за господинот Прчевски.

**Љупчо Јордановски:** Вие неколку пати го спомнавте господинот Хари Костов. Ве молам, тој нема никаква врска со обвинителство.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи господинот Прчевски во Извештајот, ќе спомнам откако ги искара пратениците, Антикорупциската комисија, судови, ниту збор не вели, што тој превземал против сопствениот персонал кој го направи следново: исто во случајот Раштански лозја. Обвинети, во договор со Обвинителството да станат сведоци на обвинението. Јас не сум правник ниту сум запознат со ограниченоста на правната логика, но од она што сум го разбрал од правници, тие велат дека тоа по Законот на Република Македонија не е дозволено. Некаде во други земји е дозволено, но кај нас, барем до овој момент тоа не е дозволено.

Господинот Прчевски нема ниту еден збор во сето она што има напишано, во сите критики кои ги има упатено во неколку институции, нема, ниту збор напишано во рамките на оние 3445 кривични пријави, за кои неговиот прв братучед немал време да ги погледне, бидејќи господинот Зиков бил ангажиран премногу со случајот Раштански лозја, што станува збор за онаа фамозна посета за еден поранешен министер во Владата на Република Македонија, што станува за онаа фамозна посета на претседател на Владата на Република Македонија кај Јавниот обвинител за да му каже дека тој не успеал да се афирмира себе си како претседател на Владата на Република Македонија, затоа што дел од неговиот кабинет, еден од неговите министри бил максимално корумпиран. Отиде и чекор понатаму па кажа дека дузина министри, спомна и една политичка партија, дека тоа е нешто многу секојдневно и вообичаено. И за тоа, господинот Прчевски во оние редови кога упатува критики на работата на судството, на работата на Антикорупциската комисија, за работата на други институции, не зборува за она што се случувало на тие разговори и зошто господинот обвинител, од Основното обвинителство Скопје, не успеал да најде време во оние 3445 нерешени случаи да отпочне некаква постапка и воопшто, да биде толку гласен, колку што беше гласен господинот Зиков, кога беше заедно со поранешниот министер за внатрешни работи, господинот Хари Костов, неговиот братучед, на работата на една парламентарна комисија. За тоа нема ниту збор, но максимално бесрамно господинот Прчевски на крајот завршува: како што кажав токму од тие причини негова заложба била секој да се држи со Устав и закон утврдени надлежности, без притоа, неповикано да дава оценка за работата на друг.

Тргнувајќи од претходната констатација дека квантитетот сам по себе носи некаков квалитет, Јавното обвинителство Скопје во рамките на неговите нерешени случаи, решило дека еден предмет, без оглед каков обвинителен акт би се извел, еден предмет бил доволен да ги ангажира и да ги упати сите ресурси со кои располага Основното обвинителство Скопје, за да се реши пред судот тој случај, поради, како што вели господинот Прчевски, објективно Министерството за внатрешни работи не успева да приложи квалитетни докази. Ниту збор за тоа дека Министерството за внатрешни работи понекогаш во соработка со одредени обвинителства, нема намера да приложува практично никакви докази. Впрочем и во Извештајот, за што и спомна почитуваната госпоѓа во Извештајот на правобранителот, тој е усвоен од Собранието, има дел каде што се вели дека од тука за овој орган, значи за обвинителството се однесуваат забелешките за недоволна стручност и совесност во постапувањето, а да ве потсетам, госпоѓата го употреби терминот, така со една доза на скромност дека ете, тие се толку многу агилни во обвинителството, затоа што, сега ќе ве цитирам госпоѓо, затоа што ние ете имаме вишок на совест во обвинителството. Тоа е многу добро кога дел од обвинителството зборува за себе, но во овој Извештај се вели дека, а тој е веќе усвоен од Собранието, дека таму не постои доволна стручност и совесност во постапувањето по предметите што се манифестира во недоволно следење на текот на постапката, сметано од примањето на кривичната пријава.

Обвинителството исто понекогаш беше во соработка меѓу овие братучеди за кој зборувам. Едниот поранешен министер за внатрешни работи, другиот во Основно обвинителство Скопје. Кога имињата на луѓето против кои е покрената постапка, уште пред тие да добијат било какво известување од истражните органи, од Министерството за внатрешни работи се појавуваат во печатот. Таков е да речеме последниот пример со господинот Паско Кузман. Јас не знам дали во меѓувреме нешто има на писмено добиено од истражните органи, но последниот пат кога се сретнав со него, такво нешто немаше. Додека цело негово соседство, цел град Охрид знаеше дека тој е веќе обвинет и осуден.

Значи, Јавното обвинителство, поточно господинот Прчевски, значи јас не зборувам генерално за сите кои се вработени во таа институција, но првиот човек дава негативен или позитивен тон на целата институција. Преку првиот човек се идентификува за жал, или за среќа и целата институција по системот на пирамида надолу. За жал, Обвинителството, бидејќи се идентификува со Александар Прчевски има негативна слика, затоа што ние не сме слушнале господинот Прчевски да се произнесе да речеме за Пелинце. А се произнесе дел од неговиот персонал за господинот Паско Кузман. Но за Пелинце не може да се види споменикот, затоа што бил порачан најверојатно од претседателот на Републиката, господинот Црвенковски. Тоа што е порачано од претседателот на Републиката, господинот Прчевски да биде голем колку Кеопсовата пирамида, верувам дека нема да го види. Со тоа сум согласен.

Од тие причини, господинот Прчевски во неговиот Извештај, сосем бегло се осврнува на употребата и барањето на притвор. Ги има наведено оние четири категории и јас сега можам една дузина

случаи да кажам, каде што притворот бил половина година, а каде што ниту еден од тие случаи не потпаѓа во овие четири категории. Ниту може да се влијае на сведоци, ниту може да се напушти земја, ниту може да се направи повторно истото дело и така натаму. Но сепак, господинот Прчевски преку неговите поблиски соработници во Обвинителството, како што е братучедот на поранешниот министер за внатрешни работи, актуелниот директор на Комерцијална банка, тандемот Зиков - Хари Костов, тогаш имаа време за се, тогаш можеа да прават се.

Од тие причини, почитувана госпоѓо, јас жалам што вам ви е доверена денеска ситуацијата. Она што го искашкал некој друг, она што активно го прави некој друг, тоа е Јавниот обвинител, господинот Прчевски, за кој веќе реков на почетокот не го удостои Собранието, да го извести писмено како Државниот ревизор, зошто тој денеска нема да биде тука, овие заклучоци кои доаѓаат од соодветната матична комисија на Собранието на Република Македонија, се повеќе од смешни и исто така ова да не го свати известителот на Комисијата дека се однесува на неа. Сепак и  таа се нашла повеќе или помалку во ситуација како што се најде госпоѓата Крстевска. Тие заклучоци се апсолутно и целосно, барем за мене неприфатливи, затоа што, ако не друго, некое елементарно чувство на домашно воспитување, господинот Прчевски доколку би го имал, би му наложило при сите оние критики на Антокорупциската комисија на работата на судовите, уште еднаш ќе кажам, нема апсолутно никаква критика до Министерството за внатрешни работи кој ги поднесува по службена должност обвиненијата и ги собира доказите, туку има една формулација дека објективно е итн, ниту еден збор нема истакнување на свои слабости. На крајот има една збирка на желби што би ја подобрила во иднина работата на Обвинителството, доколку се разбирра, Собранието на Република Македонија ги прифати тие заклучоци и предлози од негова страна и секој да си ја гледа работата во рамките на неговите уставни надлежности, она што тој во повеќе наврати со своето однесување го има пречекорено. Велам ако постоело и минимално елементарна одговорност и минимум некое ниво на домашно воспитување, ќе нашол збор да каже и нешто што се однесува непосредно на неговата работа, а која објективно, бидејќи го употребува во повеќе наврати тој термин, објективно се случуваат работи кои се негативни покрај неговата искрена намера да биде максимално професионален во вршењето на струката. За жал, за тоа нема ниту збор. Само, не ми е јасно, најмногу не ми е јасно. Јас не сум видел друг обвинител досега барем јас откога сум пратеник, освен господинот Зиков да учествува и се разбира, господинот Прчевски на комисијата, не сум видел друг обвинител освен господинот Зиков кој дојде со својот братучед кој тогаш беше министер за внатрешни работи да ја бараат главата на еден пратеник, а тоа е господинот Бошковски. Такво нешто не сум видел и се надевам нема да видам во иднина. Не заради мене, не заради постојниот состав на Парламентот, туку заради тоа што ова е Собрание на Република Македонија. Овие институции се толку моќни, колку што ние го имаме почитувањето кон нив. Однесувањето на овие братучеди и однесувањето на господинот Прчевски, иако се повикува на почитување на Уставот и законот, не ни дава надеж дека оваа институција е моќна во нивните очи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Трендафилов две работи сакам да кажам. Јас имам чувство дека вие сте доста едуциран човек и дека лапсузот во врска со господинот Џиков не е случаен, ако се анализира.

Второ, не се согласувам со вас, бидејќи тоа го искористивте како аргумент дека квантитетот дава квалитет, тоа е секогаш така. Правиот збор за кој што вие сакате да кажете е инфлација на нешта не дава квалитет. Значи, наместо квантитет требаше инфлација да кажете.

Повелете една минута господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Почитуван господине Јордановски многу не се грижам како вие ќе ме сфатите, но верувајте и покрај вашето чудење, јас навистина тврдам дека знам што зборувам иако сум рекол квантитетот го чини квалитетот, а ако ме слушавате ќе кажев дека такви правила се употребуваат во војска. Обвинителството не е војска. Обвинителството не може да се фали себе си со квантитетот, дека ние покренавме 50 илјади кривични пријави оваа година, дека решивме пет илјади. Разбирате, тоа е разлика 50 илјади сме поднеле, пет имаат некаква завршница. Обвинителството може да зборува само за завршницата, но не може во Извештајот да ми зборува мене дека судот постапил така како што постапил, дека Собранието размислува, или пратениците размислуваат така.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов, јас сеуште стојам на мислење дека квантитетот дава квалитет, а инфлацијата дава неквалитет.

Повелете госпоѓо Крстевска имате збор.

**Роксанда Крстевска:** Ќе се обидам да бидам кратка и да одговорам на сите поставени прашања, односно да одговорам на тврдењето а не на прашањата на пратеникот.

Прво, тука не се присутни дел на персоналот на обвинителот Александар Прчевски, туку се присутни заменици на Јавниот обвинител на Македонија, избрани од ова Собрание.

Второ, не се срамам и не се чувствувам неугодно што треба да ги бранам овие податоци, бидејќи ги бранам податоците на 170 заменици на Јавниот обвинител, кои што ја реливатизирале својата работа, со тоа што објективно покажале што сработиле, што е многу ретко во многу голем број занимања. Тоа е да речеме нашата предност.

Понатаму, јас не сакам да се доведам во ситуација да бидам бранител на Јавниот обвинител на Република Македонија и сметам дека крајно некоректно е да зборуваме за личност што не е присутна, уште помалку да зборуваме за предмет или предмети кои што се во фаза на постапување. А зошто тие не се дел на извештаите, морам да ви кажам дека, ако извештаите се претворат во интерпретирање на кривичните предмети, тогаш ќе биде тоа многу страшно. Тогаш правото излегува од судницата и се сели на плоштадите, во парламентите и тогаш вие во целост дисквалификувате една институција што државата ја избрала да се грижи да ги гони сторителите на кривични дела.

Вие можете да зборувате дали сте задоволни, или не сте задоволни од однесувањето и постапувањето на одреден обвинител или заменик. Вие имате процедура кога можете да утврдите дали вашето незадоволство е оправдано или не, но немојте да не доведувате во ситуација да слушаме за своите колеги квалификации, а во исто време да немаме, едноставно, ниту сакам ниту можам да бидам бранител, но не сакам да бидам ни соучесник на она што се слушна во оваа сала.

Што се однесува до нерешените пријави на Основното обвинителство, ете зошто сакам да кажам, што значи тоа нерешени пријави.

Ако доследно се чита Извештајот, ќе сфатите дека 63% од пријавите се пријави на Министерството за внатрешни работи, другите се 15% на граѓани, 7% на други правни лица, кои по својата природа скоро секогаш патат од недостаток и треба да одат на проверки. Состојбата која што Основното обвинителство ја пријавува како нерешена, 1180 барања се поднесени како претходни известувања, значи на проверка кај Министерството за внатрешни работи 404 лица, 776 кај други органи, а останатите 1746 се барања за определени истражни дејствија до основните судови за кривични дела за кои е предвидена казна до три години, за кои истражниот судија не носи решение. Негово дискреционо право е да постапи или да не постапи, а ние сме оцениле дека е нужно преку судот податоците да бидат проверени, за да се одлучиме или не да одиме на обвинение. Тоа е значи бројката што се дефинира кај Јавниот обвинител како нерешена, заради тоа што нема релевантна постапка пред надлежниот суд, што се манифестира со одлука, решение за истрага, или обвинение.

Понатаму, ова не е Извештај на Јавниот обвинител на Македонија, ова е Извештај на бројот на замениците кој што го кажав.

Понатаму би сакала да ме пренесете доследно. Јас кажав замениците кои што работат, не дека патат од вишок на одговорност, или совест, но технологијата на постапувањето е таква што и да не сакаат, мораат да влезат во тој канален ред, заради тоа што постои принцип и метод на месечно известување, кое што оди по хиерархија од основните обвинителства до вишите обвинителства и до Јавното обвинителство на Македонија. Јас не сакам да амнестирам ниеден колега кој што ќе дојде во судир со принципот на законитост во примена на правото, но сакам, оценката на институцијата во која што работам да биде правична, бидејќи и моето чувство кон таа институција и начинот на кој што ги интерпретирам податоците, не се ниту во фаза, ниту во желба да бранам нешто што не е одбранливо. Во секој момент за податок можам и да се повлечам, но за кривичен случај, ве молам, ако сакате ќе добиете информација, анализа, имате инструменти колку сакате, за да дојдете до податоци за кои треба да расправате и имате желба да расправате за Јавното обвинителство. Но не е Извештајот акт и не е време за кој би требало да разговараме за таква проблематика.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи излагањето на заменикот на Јавниот обвинител беше подолго од 3 минути, имате реплика, ако сакате господине Трендафилов.

Повелете имате 3 минути.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ако не го подготвил извештајот господинот Прчевски, не сте требале да му дозволите ниту да го потпише. Тоа како прво.

Второ, ваш колега среде судница го кажа она што јас го цитирав, а тоа е: "Да господине Стојков, во Република Македонија има селективна примена на правото и законот и јас искрено жалам поради тоа". Тоа се зборови на ваш колега почитувана госпоѓо. Вие колку и да зборувате за вашата совесност во работата, за што јас не се сомневам дека 99% од луѓето кои работат се такви, но како што реков институцијата, за среќа или за несреќа ќе се препознава со првиот човек. Тоа е господинот Прчевски кој е потпишан на извештајот. Вие можеби сто души сте го пишувале, а тој нема ниту запирка ставено, но тој е потпишан на извештајот. Не сте вие.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Анастасовски имате збор.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, господа од Јавното обвинителство,

Го видовме Извештајот од аспект на практични примери го видовме Извештајот од аспект на коефициенти и проценти, значи секој си го гледа на свој начин и тоа е добро за демократијата и во контекст на тоа јас сакам да проговорам нешто за Извештајот во негови рамки, така како што јас го гледам и разбирам.

На почетокот би рекол дека е добро, ако не се лажам после 15 години за прв пат се гледа еден извештај на Јавното обвинителство во Собранието на РМ и верувам дека таа пракса ќе продолжи и понатаму тој позитивен тренд.

Би сакал да говорам по однос на она што беше кога го гледавме Извештајот на Комисијата за политички систем и односи со заедниците, кога беше присутен господинот Прчевски каде се отворија голем број на дилеми за кои господинот Прчевски јавно прокоментира. Истата таа дебата отпосле предизвика големо внимание во медиумите во Република Македонија. На почетокот на вашето воведно излагање вие дадовме една ваша квалификација за тоа дека со ефикасноста на работењето на Јавното обвинителство и сега тука сакам да ве запрашам дали вие како заменик јавен обвинител, јавно признавте дека всушност неефикасност на Јавното обвинителство и спомнавте една бројка од 12.440 пријави, ако не се лажам, нереализирани и целата таа одговорност ја префлате на судовите во Република Македонија. За тоа би ви бил благодарен ако дадете дополнителни коментари, бидејќи тоа го напоменавте во вашето воведно излагање. Од друга страна она што беше како тема на интересирање на јавноста во изминатите две недели. Значи всушност Јавното обвинителство има некои недоразбирања во комуникација со Државната агенција за спречување на корупцијата каде тоа недоразбирање имам чувсто дека, еве и вчера го гледавме извештајот на Народниот правобранител каде што и во нивниот извештај стојат некои корелации помеѓу вас и Народниот правобранител, а гледам дека и денес, имам такво чувство, недоразбирањата продолжуваат и меѓу вас како Јавно обвинителство и Народниот правобранител. Значи, јас тоа така го разбирам, би било добро ако вие го објасните од ваш аспект, бидејќи и во самиот извештај што го давате пред нас пратениците кажувате дека настапот на претставниците на Јавното обвинителство, на Комисијата предизвика интерес и кај пратениците. Тоа, всушност кај нас е од аспект што и ние самите забележуваме дека постојат одредени недоразбирања и сега гледаме дека тоа се проширува и кај Народниот правобранител.

Во последниот дел од Извештајот односно во делот на заклучоците, во ставот 3 каде говорите за вашата ажурност, всушност таквата ажурност на Јавното обвинителство на Република Македонија се постигнува со максимални залагања и без целосна логистичка поддршка од страна на надлежните министерства при Владата на РМ. Сега тука продолжувате - а особено и под а) кажувате подолго од една година, не именување на поголем број јавни обвинители и нивни заменици на основните и вишите јавни обвинителства, па под б) и под в) и тн. кажувате каде всушност се тие недоразбирања. Дали тоа значи дека тие недоразбирања покрај тоа што се прошируваат во соработката со Народниот правобранител, тие одат и во делот на Владата односно Министерството за правда, така како што јас го гледам, а всушност е напишано и во заклучоците од Извештајот.

Јас не би должел, во рамките на тоа би барал ваши појаснувања и ваши коментари по однос на овој дел од извештајот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Караџоски се откажува, госпоѓа Топузова не е тука.

Не се откажувате господине Караџоски?

**Жарко Караџоски:** Не се откажувам.

**Љупчо Јордановски:** Мислев дека сте изморени од претходната точка. Но добро, да ве прашам.

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, на ваше големо разочарување господинот Караџоски не се откажува и нема таква намера. Впрочем толку е очигледно дека сум се пријавил и дека не сум се откажал. Систем кој вие го воведовте,нели?

**Љупчо Јордановски:** Јас прашувам.

**Жарко Караџоски:** Не вие констатирате.

Почитувани колеги, конечно долго најавуваниот извештај за работата на јавните обвинителства на РМ во 2004 година, ги имало пред нас на маса и еве можност да продискутираме и за тој извештај и нормално преку него да ја согледаме работата на Јавното обвинителство на Република Македонија кој е еден битен фактор во нашата држава, како и во секоја нормално правна држава.

Јас морам да потенцирам дека како пратеник со повеќегодишно искуство во Парламентот, ова ми е прв пат пред себе да добијам извештај од Јавното обвинителство и сега си го поставувам прашањето, или е ова некоја нова пракса...

(Пратениците излегуваат од салата)

Добро, да почекаме да излезат.

**Љупчо Јордановски:** Продолжете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Јас ќе продолжам, макар што јас сега незнам на кого зборувам овде. На крајот на краиштата јавноста гледа. Ако има можност да ја види салата уште подобро.

Значи, морам да констатирам дека во сето ова мое долгогодишно практикување на парламентарната функција ова ми е прв извештај што го гледам од страна на Јавното обвинителство и нормално, логично е сам себе да си го поставам прашањето, дали е тоа некоја нова пракса која ја воведува Јавното обвинителство, или можеби е некоја обврска, според закон, според деловник, или незнам според што. Морам сега и сам да си одговорам. Ниту е нова пракса, ниту е пак некоја обврска, согласно закон и деловник. Меѓутоа, сметам дека Јавното обвинителство почувствува дека е потребно да поднесе еден ваков извештај затоа што подолго време во јавноста имаше одредени квалификации за неговата неажурност, имаше, да не речам еден судир на надлежности. Јавноста подолго време, па и ден денес се занимава со тоа колку е успешна работата на Јавниот обвинител на РМ, зошто се случуваат одредени конфликти, зошто

постои судири или конфликт на интереси, како што милува да каже јавниот обвинител и тн., а и неговото често излегување на прес конференции каде неретко прави и лапсуси. Така што, сето тоа, можеби со еден притисок на јавноста го стимулира Јавното обвинителство да поднесе еден Годишен извештај за 2004 година, со кој ќе каже, џабе ме критикувате, ние добро си ја работиме работата и ако го прочитате извештајот ќе видите, ама баш ништо не ни фали. Значи од убаво поубаво.

Ако го погледнете извештајот направен претежно аналитички и статистички, низ бројки и букви, прикажана состојба на се она што за некого е битно, за нас како пратеници многу малку битно затоа што бројките може да се толкуваат на секаков можен начин. Она што го дава Јавното обвинителство низ призмата на бројките може да се констатира дека, поточно тоа е констатација на Јавното обвинителство дека од година во година предметите се зголемуваат, но и нашата реализација, односно постапување по предметите така се зголемува, обемот на работа е зголемен, но и обемот на постапувањето по предметите е зголемен и такви табели имаме овде многу, разделени по кривични дела, по сторители и тн., за генерално гледано низ сите тие бројки да дојдеме до една констатација, процентуално, дека 2004 година за јавниот обвинител на Република Македонија или за Јавното обвинителство е успешна година, во смисла на тоа дека од толкавиот прилив постапиле со одреден број на проценти повеќе отколку минатата година.

Сега, ако тргнеме по бројките, веднаш се тргнува од кривичните пријави. Тука стои констатација, според кривични пријави, ново примени, значи во 2004 година, вкупно биле 30.251 сторител, што во однос на претходната година претставува зголемување на 2,4%. Значи, вака прочитано можеме да дојдеме до заклучок дека Јавното обвинителство работело успешно затоа што од толкуте пријавени, постапило за 2,4% повеќе.

Понатаму имаме разделување на сторителите на полнолетни, малолетни и тн. Некаде има намалување на процентот, некаде има зголемување.

Понатаму имаме по однос на градови, Скопје, Битола Штип и тн., региони. По однос на ажурност и не би сакал да навлегува во сето тоа што значи бројки, бидејќи ако тргнеме по овие бројки ќе дојдеме до главната констатација дека Јавното обвинителство постапувало успешно.

Меѓутоа, ако тие бројки ги погледнеме, прво паѓа во очи дека од математика многу слабо се разбира Обвинителството затоа што сумирањето, разделувањето по категории и кога ќе соберете не се совпаѓа. Вадењето на проценти исто така, во одредени, не во сите. Ако погледнеме и во тие бројки ќе дојдеме до констатација на една бројка која е мошне голема, според мене, каде се зборува за поднесени прија ви против непознат сторител. Таа бројка навистина е голема.

Сега, ако ја спoредиме таа бројка со пријави поднесени против полнолетни сторители, ќе видите дека бројката на непознати сторители е поголема отколку на полнолетните сторители.

Ако можеме да кажеме дека бројот кај полнолетните сторители во 2004 година, зборувам за кривичните пријави поднесени, нешто е намален. Меѓутоа, бројот на непознатите сторители е зголемен.

Кај малолетната деликвенција имаме еден благ пораст што упатува на она што сите ние можеме да го слушнеме овие денови а и порано дека таму нешто се случува и дека таму треба да се интервенира. Значи, ако треба да ја цениме работата на Јавното обвинителство дали е успешна или не, јас тоа би го квалификувал на овој начин. Ако е тоа орган за гонење на сторители, негова прва задача како Јавно обвинителство е да ги открива сторителите и да нема толкав голем број на непознати сторители. Можеби задачата е да поднесе и кривична пријава. Меѓутоа, битно е да се најдат сторителите во една држава за да имаме посигурна правна држава. Проблемот можеби не е во Јавното обвинителство зошто неможеме да ги откриеме, тука не е само негова одговорност, тука е во прашање и МВР. Меуѓтоа, факт е дека на толкав број ние како правна држава треба да се замислиме и да видиме, да преземеме нешто во тој правец, повеќе да ги откриваме сторителите отколку само да поднесуваме кривични пријави.

Кај мерката притвор, овде е кажано како е постапувано.

Сега не би се задржувал повеќе на овие бројки, само ќе кажам уште едно дека кај кривичните дела против животот и телото оваа година имаме пораст, што во секој случај е податок кој загрижува.

Сега, се поставува логичното прашање, ако сето тоа го разгледаме вака како што ни се нуди, низ бројки, тогаш мора да го поставиме и прашањето зошто пак и толкава прашина се крена во јавноста по однос на работата на Јавното обвинителство, зошто имаме прилика секој ден да читаме во печатот дека во Јавното обвинителство нешто се случува, зошто имаме можност да го слушаме овде и од собраниската седница и во извештаите на Народниот поравобранител и во извештајот на Државниот завод за ревизија дека односот со Јавното обвинителство затајува, дека одреден број на предмети многу слабо се разгледуваат или има слабо покренати иницијативи и се она друго што имавме можност да го слушаме сите овие денови. Значи, нормално е да се постави тоа логично прашање.

Она што пак посебно ме натера да го прочитам овој извештај и да продискутирам е тоа што јавниот обвинител во својот извештај, во глава ВИ ни објаснува која е улогата и местото на Јавното обвинителство и тоа сигурно не го прави со некоја цел да не упати во она што е јавно обвинителство, туку за да објасни по она што овие денови сите можевме да го слушнеме

односно судирот зо Државната антикорупциска комисија. И да бидам искрен и како пратеници и како граѓани на оваа држава најмногу не интересира зошто тој судир е настанат и што е целта на тој судир. Можеби некој ќе постави вакво прашање:

Бидејќи Антикорупциската комисија е формирана со свои права и обврски, со посебен закон, со одредени задолжувања кои во никој случај не треба да бидат идентични со Јавното обвинителство, дали во самата законска регулатива, кај неа е направен пропуст па имаме мешање на ингеренциите, или не, ќе го покаже времето. Меѓутоа, факт е дека на овој начин како функционира и Антикорупциската комисија и Јавното обинителство по однос на претставките и инцијативите од Антикорупциската комисија, нешто не е во ред, нешто шкрипи. Тоа е едната работа.

Втор проблем што се постави е дали имаме некакви повреди на суети од одредени личности во Антикорупциската комисија или пак во Јавното обвинителство, од една страна во ликот и делото на господинот јавен обвинител кој денес не е тука, од друга страна, можеби, од директорот на Антикорупциската комисија, од госпоѓата Слаѓана Тасева, од незнам кој таму во таа комисија и можеби во почетокот можеме да констатираме и како пратеници, но и како граѓани дека тоа е судир на суети на две личности кои нема што друго да прават освен да се препукуваат преку прес конференциите што ги држат и да се објаснуваат едниот на другиот, кој какво право согласно законот, има. Меѓутоа кога се случи во Антикорупциската комисија да се промени директорот и да се постави нов и кога во таа комисија почнаа буквално сите членови да излегуваат со ставови кои што и во нивиот извештај ги наведоа, се гледа дека проблемот и не бил токму во Антикорупциската комисија, колку што е во Јавното обвинителство.

Да бидеме поконкретни, за жал, за целиот овој период тој конфликт не престана, напротив, сеуште се продлабочува. Јас не можам а да не се запрашам како опозиционен пратеник односно не можам а да не избегам од онаа дилема која постои кај мене, па се прашувам со оглед да под поимот корупција многу јасно се знае што е и каде може да биде присутна, значи во институциите на власта, па самиот си го поставувам прашањето да не е целиот овој судир измислена работа се со цел дајте ние народот да го занимаваме со конфликти, со расправии по однос на надлежности, со инкриминирани расправии, кавги и тн., цело време да го занимаваме народот со таква работа за сметка на што борбата против корупцијата ќе ја ставиме во фиока или на некои функционери на кои местото им е таму каде што треба Јавниот обвинител да го иницира за овој период да го премолчиме, што на некој начин би бил лош заклучок дека така не се бори против корупцијата.

Јас не би сакал да верувам дека е така затоа што кога го именувавме овде господинот Јавен обвинител, тој даде заклетва пред сите нас искажа дека прифаќа сериозно да се занимава ако нешто друго како прв приоритет да биде борбата против корупцијата. Да потсетам дека во Јавното обвинителство остои оддел за борба против корупцијата кој е воспоставен со новите законски измени.

Сега, можеби сето тоа законски е регулирано, институционално е поткрепено, но фат е дека до денеска немаме некој поконкретен резултат освен овој конфликт и судир што секојдневно го слушаме. Верувајте на човек му доаѓа преку глава кога ги чита сите овие дневни весници, денеска ќе читате колумна од некој член од Антикорупциската комисија, другиот ден ќе читате објаснување од Јавниот обвинител, па овде во извештајот ќе ни се објаснува кој какви надлежности има, кој е во право, кој не е во право, што сметам дека апсолутно не е место во овој Годишен извештај да се делат лекции какви права и надлежности имаме едни или други затоа што на крајот на краиштата со тоа ништо не правиме против она што не е основна задача.

Не можам а како пратеник, со оглед да нашата задача како пратеници е таа да го именуваме сега за сега, според сегашната законска регулатива, ние го именуваме, ние го избираме Јавниот обвинител и нема место а да не прозбориме за неговата работа, за неговите настапи, за неговите изјави кои овде имаме право да ги прочитаме и слушнеме.

Во Извештајот е нагласено во тоа објаснување дека единствен орган кој бил надлежен и меродавен да ја следи работата на Јавното обвинителство, тоа е само судот, преку пресудите, врз основа на што можеме да дојдеме до заклучок дека некоја постапка е добро срочена, некои докази се добро откриени и таа пријава држи место. Меѓутоа, морам да потенцирам дека покрај судот што не е спорно и пратениците имаат право да прозборат за работата на Јавното обвинителство, впрочем затоа е овој Извештај тука и исто така за Јавниот обвинител на Република Македонија како највисока инстанца во Јавното обвинителство со оглед на оној принцип на хиерархија и субординација која важи во Јавното обвинителство. Тоа право никој не може да ни го земе и за тоа право можеме овде да зборуваме сосема отворено, имаме право дури и интерпелација да поднесеме за Јавниот обвинител, сето тоа ни дава право да коментираме и кажеме слободно и во изјави пред јавноста на говорница дали сметаме дека тој човек односно во ликот на Јавниот обвинител на Република Македонија успешно ја извршил работата или не.

Јас ќе бидам искрен, многу пати во многу изјави тоа сум го кажал, денеска ќе го повторам, сметам дека Јавниот обвинител на Република Македонија не си ја врши работата, согласно овластувањата, и мислам дека за овој период за кој е назначен, ова времетраење, за сето време да не речам

промашена инвестиција, но во секој случај недоволно ангажиран во смисла на она што значи основна задача на Јавниот обвинител.

Можеби бројките не го потврдуваат, можеби бројките во овој Извештај ќе ме демантираат, но бројките не се мерило за квалитетот на работата на еден човек, многу други фактори се побитни.

Сега ќе ви кажам зошто. Можеби низ најпластичен пример е најдобро да се каже. Не можам а да не избегнеме од она што го имаме одсликано од она што ни е дадено низ примери од страна на Антикорупциската комисија. Сите ние почитувани колеги долго време слушавме, јавноста следеше за одредени корупциски однесувања во Република Македонија, сите имавте сознанија и сите добро знаете, мислам дека памтењето не не издаде дека во Република Македонија прв пат се случи премиер на една влада да поднесе оставка со свое образложение дека ја поднесува заради корупциски скандали кои постојат во Владата и сите ние не можеме, а да не се начудиме, дека во целата таа работа Јавниот обвинител изигруваше некоја марионетка на некого во смисла на тоа што само даваше некакви објаснувања на прес конференции, повикуваше некого на разговор, но од тоа до ден денеска нема ништо. Ништо не слушнавме, ништо не видовме освен по некоја изјава и освен дека предметите се разгледуваат и тн.

Но, веднаш во контра аргументи можеме да се изнаслушаме за одредени кривични пријави, па дури и обвинителни акти каде некои други кои претходно биле функционери, а денеска се опозиција многу лесно се спакуваат пријавите и многу лесно случаите излегуваат пред суд и многу лесно предметот е затворен во Јавното обвинителство, за разлика од она што овде е власт.

Ќе го наведам конкретниот случај за министерот за култура. Сите бевме свесни, целата јавност знаеше дека таму е направен прекршок, направено е кривично дело злоупотреба на службената положба, Антикорупциската комисија во рамките на сите права и надлежности кои ги има со закон, а има право да ја утврдува и разгледува фактичката состојба и не само да предлага иницијативи, туку и да ги образложува и да каже свое мислење дали постојат одредени елементи за кои самата иницијатива ја доставила. Сигурно дека таму во таа Комисија седат стручни луѓе кои можат да разликуваат дали една иницијатива држи место да се поднесе до Јавното обвинителство или не и сега на цела една постапка и процедура која поминала во Антикорупциската комисија со сите докази и со сите аргументи кои ги имала на повидок да ги разгледува и кога таа констатирала дека настанала злоупотреба и предметот го доставува до Јавното обвинителство, денеска конкретно за тој случај, освен неколку изјави, не знаеме што се случува. Ќе прочитаме овде дека Јавниот обвинител не е обврзан да дава објаснувања, известувања до каде е предметот, но за таквите ситуации, особено во борбата против корупцијата не можеме да ги криеме, напротив, треба отворено да разговараме за неа и да знаеме да ги сузбиеме во корен. Се додека вака ги одолговлекуваме тие ќе се повторуваат.

Наспроти овој конкретен случај каде немаше јавен тендер, средствата набавени, потрошени со непосредна спогодба и да не појаснувам сето тоа добро и е познато на јавноста, сите бевме сведоци кога се покрена кривична пријава за господинот Паскал Кузман за кој одеднаш се најдоа аргументи после две години од сменувањето на некоја друга гарнитура за кого на големо може да се каже буквално дека веќе предметот е сработен и можеби доставен до судот. Тоа не може да доведе до заклучок, мислам праведен заклучок освен да констатираме дека во некои работи, можеби не во некои, туку во сите, Јавниот обвинител на Република Македонија господинот Прчески дјествува селективно. Тоа е она лошото. Тоа е едниот случај.

Да не видиме до сега обвинителен акт за случајот на националната платежна картичка кој е случај од 2001-2002 година за кој Антикорупциската комисија со сите аргументи и докази има доставено до Јавното обвинителство комплетен предмет со сите докази и за него до ден денеска да немаме сознание што се случува со него.

Значи, повторно ќе кажам, бројките што ги наведува обвинителството во Извештајот не кажуваат ништо кога едни вакви случаеви ќе видите дека ги немаме, не знаеме што се случува со нив.

Бидејќи тука се претставниците од обвинителството, кога сме кај случајот на националната платежна картичка мора да наведам дека Комисијата констатира дека е спротивно спроведена на членот 21 од Законот за платен промет каде е предвидено дека ова Акционерско друштво се основа од Владата по можност да биде продадена на банките кои добиле дозвола за вршење на платен промет. Непочитувањето на ваквата законска обврска која одговорност презема. Тоа треба јасно да се каже дали е или не е прекршок.

(Во 16,55 часот со седницата продолжи да раководи господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

Антикоруписката комисија не знае да ги чита законите или нешто друго е во прашање.

Од друга страна иницијативата од страна на Антикорупциската комисија, мора да прозбориме, тоа е за ЦЕМТ дозволите што нешто креваше прашина во Република Македонија за кое Антикорупциската комисија водеше предмет со сите докази, доставен до Јавното обвинителство, денеска не знаеме каде е.

Локалитетот Градиште на кое ќе се гради амбасада на САД, случајот со Гасоводот, проблемите во Министерството за транспорт и врски, за денационализацијата и уште многу други.

Би сакал да потенцирам еден случај за кој јас лично имав прес конференција на која зборував

за министерот за обрзование каде побаравме интерпелација, ако некој добро се сеќава, за Студентскиот дом "Никола Карев" во Охрид каде наводно беше извршена дератизација на Студентскиот дом при што противправно беа присвоени парични средства во вкупен износ од 4.876.000 денари и за кое нешто тогаш не убедуваа и Министерството и сите овде додека траеше расправата дека сето тоа било во рамките на законот, еве Антикорупциската комисија го потврдува, кажува со свои докази и се она што може да се каже дека е предмет за Јавното обвинителство, но ние до денеска ни како пратеници ни како граѓани на оваа држава немаме слушнато што се случи со овој предмет, дали е поведена постапка или не, а убеден сум дека по се изгледа дека не е.

Просториите во Градскиот трговски центар во Скопје каде е овозможено трети лица да се стекнат со противправна имотна корист.

Случајот со Јавното претпријатие МРТВ и СВРСА - Скопје и ред други, да не ги спомнувам да не испадне дека го читам комплетниот Извештај на Антикорупциската комисија.

Главниот проблем, ако за Јавното обвинителство, она што го сработила Антикорупциската комисија за конкретните случаи што ги напоменав не претставува ништо, не е некаква аргументација за да се покрене постапка, тогаш јас не знам што треба да претставува. Јас разбирам дека согласно законските овластувања единствен надлежен е Јавниот обвинител односно Јавното обвинителство да ги гони, меѓутоа, кога вам ви се случува подолг период од година и повеќе кога влади паѓаат поради вакви работи, мислам дека Јавното обвинителство треба да биде поажурно и сигурно во најмала рака, ако ништо друго, треба да има еден подобар и поцелисходен однос во Антикорупциската комисија во смисла да најдат заеднички јазик и да седнат да ги договорат оние работи за кои треба да излезат со конкретни вести, а не вака да ни се случува цело време некаква расправија, судир на интереси и не знам што се додека предметите стојат некаде без реализација.

Оттука не би сакал да го експонирам последниот случај, а морам да го кажам, за некои случаеви толку брзо покренуваме постапка, луѓето буквално ги осудуваме пред да бидат осудувани во јавноста, дури правиме такви прекршоци кои со сите можни закони се недозволени, имавме случаеви кога овде од јавна говорница се покажуваа документи, докази кои требаше да послужат во истражна постапка, овде се појавуваше ЦД за некакви разговори кои исто така требаше да се обработуваат во истражна постапка, имавме прес конференции на Министерството за внатрешни работи на кои ни кажуваа што било за случајот "Раштански лозја", надвор од истржна постапка и за сето тоа да се врши притисок на Јавното обвинителство да поднесе обвинение за тој случај за кој сега, сите вие добро знаете, како заврши, а заврши со тоа што главната судска пресуда е - нема докази, не постојат или недоволни докази.

Во контекст на сето ова логично е да се постави прашањето чија ќе биде одговорноста. Да не заборавиме дека некој таму преку 10 месеци бил во притвор, да не заборавиме каков е тој притвор и во кои услови е вршен, за на крајот на краиштата добро да осмислиме и дојдеме до заклучок какви ни се предлозите и чија треба да биде одговорноста. Тоа прашање треба да се постави и адресира исклучиво на Јавниот обвинител на Република Македонија како највисок, по хиерархија, во Јавното обвинителство од проста причина што, ако оваа пресуда стане правосилна, некој треба да одговара затоа што ако е аргумент на Јавното обвинителство посочи на Антикорупциската комисија дека таа не е таа која треба да ги гледа и цени доказите и не е таа која треба да оценува дали некој предмет заслучува да биде покренат со обвинение, дека е тоа исклучиво надлежната работа, тогаш треба да се замисли и за неговите предмети кои ги доставува дека треба да бидат сериозно обработени, да не му завршуваат како што завршуваат, еве нема само еден случај, туку многу повеќе, за сметка на што некој повеќе месеци да биде во притвор за што трпи штета и државата и фамилиите и тн. За тој случај дури да нема ниту еден друг кога толку беше експониран во јавноста, кога целата македонска јавност исчекуваше што ќе се случи, сите вие добро знаете под каква тензија, дури да нема никаков друг случај се друго да сработи Јавното обвинителство идеално, за тој случај Јавниот обвинител на Република Македонија требаше да си поднесе оставка. Тоа требаше да го направи истиот ден кога ја слушна пресудата од страна на судот. Не заради нешто друго, туку заради моралната одговорност, политичката одговорност и сам да признае дека пресудата падна така како што падна затоа што немаше доволно докази, а доказите ги предлага оној кој го поднесува обвинението.

Целата македонска јавност беше подготвувана со денови, со месеци за да буквално ги осуди тие таму што беа, јас кажав се вршат злоупотреби од говорницата, од Собранието и од секаде за да на крајот оној кој навистина е надлежен да ги цени, ја донесе таа пресуда.

Зошто сите овие денови сите оние изјави што ги дадов потенцирав дека единствено нешто што Јавниот обвинител на Република Македонија господинот Прчески треба да направи е што поскоро да си поднесе оставка, тоа е едниот случај сега го кажав, а втириот случај се сите оние работи кои во делот на борбата против корупцијата буквално не направи ништо.

Јас мора, почитувани колеги, почитувани претставници од Јавното обвинителство да кажам и да цитирам една изјава на бившата директорка на Антикорупциската комисија, сега не е тоа, туку само член госпоѓата Слаѓана Тасева која даде изјава пред целата македонска јавност дека единствениот кочничар во борбата против

корупцијата во Република Македонија е токму господинот Јавен обвинител Прчески. Таа изјава и до ден денеска ја потврдува и таа изјава доаѓа од институција која е надлежна за борба против корупцијата и тоа господинот Јавен обвинител да не го засегне воопшто, напротив, да излегува на прес конференции како некоја марионетна кукла и да ни дели лекции на сите, вклучително и на пратеници дека сите ние не знаеме, грешиме, освен него.

Значи кога некој ве повикува и кога некој судар прави толку долго време, најмалку што треба да направите е да си поднесете оставка затоа што нешто очигледно шкрипи. Сите предмети кои што Антикорупциската комисија ги доставила не завршиле со обвинение. Тоа е едната констатација.

Втората констатација, да немате никаков однос, тоа е констатирано во Извештајот на Антикорупциската комисија, значи никаква соработка. Антикорупциската комисија комуницира со Јавното обвинителство со писмени преписки, можеби и некој телефонски разговор. За целиот овој период Јавниот обвинител на Република Македонија да не најде простор и време да седне со членовите на Антикорупциската комисија заедно со сите обвинители, итн, или било како некој тим и да се договорат и тој проблем да го решат и да се преземат мерки против тоа што треба да се преземат мерки.

Трета работа, вчера го слушавте и вие Извештајот на Народниот правобранител, денеска на Државниот завод за ревизија и истите констатации. И тие се жалат во својот извештај дека односот, односно соработката со Јавното обвинителство воопшто не е на задоволително ниво. И сега да ве прашам, кога јас видов јавен обвинител на Република Македонија четири институции во Република Македонија: Народен правобранител, Државен завод за ревизија, Антикорупциска комисија, Собрание на Република Македонија па донекаде можеби ќе се случи и од Владата на Република Македонија кога ви велат дека имаме лоша соработка, дека не соработуваме, дека вие, односно јас како јавен обвинител сум кочничар за корупцијата во Република Македонија, односно борбата против корупцијата, па најмалку што треба да направам е да си поднесам оставка за да не бидам експониран и овде елабориран од сите пратеници и не само тоа, туку и цела јавност. Ние почитувани колеги уште пред два месеци како ВМРО-Народна партија најавивме дека за работата на Јавниот обвинител на Република Македонија ќе продискутираме максимално отворено, ако е потребно и на затворена седница, затоа што свесни сме што значи државна тајна и што значи она што може да се зборува, а што не и буквално ако треба и за секој еден предмет поконкретно. И најавивме дека ќе поднесеме интерпелација за работата каде што ќе ги отвориме сите оние аргументи кои што ние ги имаме. Не ја поднесовме таа интерпелација, не затоа што ни падна жал за господинот Прчески, туку затоа што очекувавме дека во Собранието на Република Македонија ќе дојде еден ваков извештај, каде што ќе можеме да прозбориме за работата на Јавното обвинителство но пак ќе кажам претежно на Јавниот обвинител, пак ќе го тргнам од она, хиерахија. Тој е главниот кој што треба да го насочува Јавното обвинителство, тој е главниот организатор и креатор на работата на Јавното обвинителство. И ако овде во годишниот Иавештај ги прочитате заклучоците, ние на господинот Прчески треба само орден да му дадеме за заслуги, затоа што како што се формулирани заклучоците тоа е идеално ќе ја решат работата, ништо не фали во оваа држава што се однесува до работата на Јавното обвинителство. Значи, не можам да се сложам со тоа. Очекуваме, еве ја користам оваа можност да ги повикам пратениците од позицијата добро да го разгледаат, особено делот на заклучоците што ќе гласаат денеска во овој годишен Извештај, или можеби некој друг ден, затоа што ако го изгласаат вака овој Извештај ништо друго не прават, освен што ќе му го верифицираат мандатот на господинот Прчески и покрај тоа што тоа не го заслужува. Ако во Република Македонија одговорни, или субјекти кои што можат да бидат опсервација од страна на обвинителството се само некои луѓе во опозицијата и ако сите овие две години се расправаме само со опозицијата, а ниту еден случај, има еден случај, значи ниту еден случај во власта и сите овие пријави да не излезат на бела виделина, каде треба да ја бараме одговорноста. Најлесно е овде и претставниците на Јавното обвинителство, но и некои колеги од парламентарното мнозинство најлесно е да се обвини судството, затоа што таа етикета одамна му е залепена, неажурност, не си ја брка работата итн. тоа е најлесно да го направиме. Меѓутоа не бега од таа констатација ниту Јавното обвинителство. Тука се на исто рамниште Ако кажуваме во постапката, во иницијативата за смена на Уставот дека ќе правиме реформи во судството, гледате дека усвоивме аналогно на тоа дека ќе правиме измени и за Јавното обвинителство, што истото го потврдува прашањето, зошто, ако таму е се добро. Значи, нешто и таму не е во ред. Според тоа, во овој момент додека таквите измени не сме ги направиле, ние немаме друго освен да прозбориме јавно, конкретно и одговорно за се она што значи работа на некој што треба да си ја работи. Значи, ќе повторам, очекувам овој годишен Извештај да не биде усвоен. Ние како пратеничка група ќе гласаме против, затоа што го сметаме за необјективен и затоа што го сметаме дека освен што е аналитички и статистички низ бројки, ништо суштински не кажува, затоа што не можеме да го толерираме односот на господинот Прчески и кон сите други институции и затоа што очигледно е кочничар во борбата со криминалот и во борбата со корупцијата во Република Македонија. Значи им сугерирам на сите

пратеници да не го подржат овој Извештај, со тоа да отвориме можност да му понудиме на господинот Прчески сам да си поднесе оставка. Тоа е едната варијанта. Втората е, Владата на Република Македонија со оглед на тоа што таа е предлагач кога некого предлага, но и кога некого разрешува, таа да го направи нормално после една ваква постапка. Ако пак и тоа не се случи, тогаш ние ви стоиме на располагање како опозициона партија и ние ќе поднесеме интерпелација во која што ќе наведеме се она што кажав, овде не сакам многу да зборувам, затоа што во таа интерпелација ќе ги наведиме сите аргументи за кои што сметаме дека Јавниот обвинител на Република Македонија треба да биде разрешен.

Почитувани колеги јас ви благодарам на вниманието и на трпението што ме слушавте.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три минути реплика, Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе, мислам дека по однос на дискусијата на колегата Караџоски кој имаше една пренагласена политичка дискусија и политички квалификации пренагласени во однос на Извештајот на Јавното обвинителство. Сметам дека отиде предалеку, во еден момент дури, ќе ги употребам неговите зборови кажа, побара, предложи на затворена седница овде да дискутираме, дури ако е потребно за секој предмет поединечно, замислете! Со тоа мислам господине Караџоски се ставате и ги надминувате вашите ингеренции како пратеник на оваа институција, на законодавната власт воопшто и на принципот на немешање на властите. Иако е точно дека Јавниот обвинител се избира овде во Собранието, меѓутоа, сепак според надлежностите законски и уставни Јавното обвинителство како институција пред се говорам, на оваа држава која треба да ја почитуваме. Не се работи само за Јавниот обвинител, односно старешината на оваа институција, туку пред се како институција на оваа држава. Сметам дека во постапувањето и по дефиниција и по сите други правни прописи е самостојна и независна и според Зконот постапува единствено по предметите. Така што неприфатливи се ваквите како што реков уште еднаш не би навлегувал во поединости, меѓутоа провејуваше дека пренагласени политички квалификации во однос на Извештајот со тенденција да се меша во работата на обвинителството, неперсонифирајќи го со одредена личност која е во одреден момент на раководна позиција во обвинителството, бидејќи обвинителството треба како и сите други институции, ние треба самите, или од позиција на законодавна власт да придонесеме да ги градиме и да ги почитуваме и така ние да им дадеме подршка во нивната работа за да навистина можат да имаат авторитет. А вака ништо нема да постигнеме, мешајќи се, барајќи овде јавно да дискутираме на затворена седница за поединечни предмети, што е неприфатливо.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кондарко.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:**Благодарам почитуван потпретседателе, жалам што господинот Прчески што е потписник на овој Извештај, не е денес овде, ниту пак има претставници од власта, бидејќиа во најголем дел и за претходната точка за Државниот завод за ревизија и во ова има нешта кои што треба да ги чуе државната власт, очигледно не е заинтересирана и токму од овде би упатила апел кога ќе ги гледаме наредните извештаи кои што директно ги тангираат и министерствтата и целокупно Владата на Република Македонија, дека треба да бидат присутни. Инаку, овие дискусии би биле глас во пустиња, доколку не бидат чуени од државната власт и доколку не го корегираат сопственото однесување. Истото се однесува и за Извештајот на Народниот правобранител на Република Македонија, кога го гледавме и тој Извештај. За Извештајот за работа на јавните обвинителства во Република Македонија за 2004 година во однос на остварувањето на нивната основна функција, гонењето на сторителите на кривични дела и други со закон утврдени казнени дела, нема да гласаме позитивно, односно нема да го подржиме, бидејќи не можеме да дадеме позитивна оценка за нивната работа и за ефикасноста на овие органи во борбата за спречување на криминалот и другите општествено негативни појави и односи во општеството.

Извештајот за работа на јавните обвинителства е сведен само на 30 страни. Квантитетот не зборува и за квалитетот на Извештајот, меѓутоа ќе образложам зошто го велам тоа. Тоа го велам бидејќи во него се дадени само податоци за бројот на кривичните дела, за нивното движење, односно за порастот, или намалувањето на нивниот број во 2004 година без при тоа да се даде осврт, коментар, или анализа за овие наведени податоци искажани во бројки. На 30 страници јавните обвинителства не би можеле да ги набројат само аферите што беа направени во 2004 година и пред неа за кои јавните обвинителства треба да дадат отчет што направиле по сите. Општо познато е дека Република Македонија од сите меѓународни организации и институции кои го следат движењето на организираниот криминал, на митото и корупцијата во земјите во транзиција каква што е и Република Македонија е оценета како земја со висок степен на корумпираност и организиран криминал и се наоѓа на врвот од скалата на земјите во кои што корупцијата и организираниот криминал се присутни. Таква е оценката на Меѓународната кризна група, на пактот за стабилност на земјите од југозападен балкан, на Транспарентност Македонија, Хелсиншки комитет за Македонија како и на многу други такви организации. При една таква состојба

се поставува прашањето, може ли да се задоволиме со еден извештај кој е сувопарен, кој не кажува воопшто ништо за тоа кои се причините во нашата земја да царува криминалот, дали постојат доволно субјекти кои што се задолжени да се борат против овој криминал, дали тие субјекти, односно тие органи, служби и институции се самостојно, односно независни, дали луѓето што работат во нив се квалификувани да се борат против ова општествено зло, дали постои соодветна правна регулатива за ефикасна борба против криминалот. И на крајот дали актуелната власт има политичка волја да се бори против извршителите на овој вид криминал, или пак таа волја само декларативно се искажува, а дефакто борбата се сведува само спрема политичките неистомисленици, бидејќи праксата од 15 септември 2002 година па наваму ни потврдува дека законите се применуваат селективно и тоа исти случувања се гонат оние сторители, или луѓе кои што се осомничени дека сториле кривично дело, меѓутоа само доколку се работи за личности кои што се претставници на опозицијата. Понатаму во Извештајот нема податоци за структурата на извршители на кривични дела. Имено, за секоја глава од Кривичниот закон, особено за кривичните дела против имотот, дали приватен, или општествен, или државен, против јавни финансии и платен промет во стопанството, против службената должност, против државата, против вооружените сили итн, значи воопшто не се врши анализа кои се извршители на овие кривични дела, дали се надворешни, или внатрешни лица, или и едните и другите заедно во спрега. Нема податоци за нивната социјална и професионална положба, нема податоци дури ни за половата припадност, нема податоци за претставници на државната власт дали е тоа законодавна, извршна, или судска, нема податоци за етничка припадност на извршителите. Понатаму нема податоци за организираниот криминал за бројот на лицата што го вршат истиот, нивната поврзаност, нивното дејствување, нивните врски со претставниците на власта и со групи од странство, особено за најтешкиот криминал против државниот и општествениот имот, за злоупотреби на службената положба и овластување, за трговијата со оружје, со дрога и со луѓе, за шверцот со цигари и алкохол да не зборуваме и други стоки при што немаме наведено ниту еден случај за ваков вид на организиран криминал. Понатаму, нема податоци за оштетените субјекти по области: здравство, образование, транспорт, буџет, државен или приватен имот повторно не се гледа со каков износ на штета се оштетени правните лица кои се предмет на противправен напад. Ова особено е важно бидејќи криминалот ја подрива економската основа на државата поради што потребни се брзи и ефикасни мерки за справување со него. Нема податоци за политиката на казнување. Имено, не е направена анализа дали политиката на кзнувањето што ја водат судовите е адекватна на степенот на општествена опасност од сторените кривични дела и сторените последици од истите.

Од презентираните податоци се гледа дека 30% од сите осудителни пресуди се со казна затвор, а другите 70% се со парична, или условна осуда. Нема податоци за изречените мерки за безбедност, имено не се гледа во колку случаи била изречена мерката безбедност, забрана за вршење на одредена дејност, понатаму занимање, или професија, во колку случаи била изречена мерката одземање на имотна корист стекната со извршени кривични дела. Понатаму, воопшто не постојат податоци за соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата, имено колку кривични пријави таа поднела до Јавното обвинителство, за кои кривични дела и каков е нивниот исход. Нема податоци за соработка со Народниот правобранител, со Агенцијата за перење на пари колку кривични пријави се пратени, каков е исходот по нив, за соработката и односнот со финансиската полиција дали воопшто пројавила одредена активност во откривање и пријавување на организиран финансов криминал. Понатаму,м за соработката со Управата за јавни приходи колку кривични пријави има од таму поднесено, за кои кривични дела и каков е исходот по истите за 2004 година. Да не зборуваме и за односите со Државниот ревизор, многу ни се свежи сеќавањата, бидејќи овие денови дискутиравме за повеќето извештаи, па и за Ивештајот на Државниот ревизор и за Народниот правобранител. Значи, она што тие го кажуваат во нивните извештаи, еве конкретно Државниот ревизор кој што доставил 69 случаи до Јавното обвинителство од кои што само за три е покрената кривична постапка. Значи, воопшто ништо, воопшто не станува збор во овој Извештај за сите овие државни органи каква е соработката и како сите тие заеднички се борат против организираниот криминал. Да не зборуваме пак и за инспекциите од сите области за кои што исто така нема податоци што сториле тие во борбата против криминалот и дали воопшто поднеле кривични пријави и каков е исходот по нив. Во Извештајот е наведено дека од вкупниот број на поднесени пријави 60% биле поднесени од МВР, додека од другите државни органи биле поднесени пријави само 6,6%, а останатите биле поднесени од граѓани и оштетени правни лица. И од овој податок без никаква посебна анализа кои од овие горе наведени државни органи поднеле кривични пријави неможе да се заклучи дека дека државните органи и јавните служби кои со законот за кривична постапка должни да поднесуваат кривични пријави против лицата кои во тие органи извршиле кривични дела, значи не се гледа дали тие биле ефикасни во борбата за сузбивање на криминалот во државата.

Исто така од овој Извештај не се гледа дека Јавното обвинителство во 2004 година имало некое синхронизирано дејствување во откривањето, во пријавувањето, во гонењето и

пресудувањето на извршителите на кривичните дела.

Од Извештајот на Државната комисија за спречување на корупцијата се гледа дека претставниците на оваа комисија и Јавните обвинителства не оствариле воопшто меѓусебна соработка последните две години. Такво нешто ми кажа и Народниот правобранител и Државниот завод за ревизија  и навистина незнам дали смееме да ги затвараме очите пред изјавите на членовите на Антикорупциската комисија во однос на Државниот јавен обвинител. Би цитирала само дел од кажувањата на госпоѓата Слаѓана Тасева, членка на Државната антикорупциска комисија која што вели дека не смее да има состојба на некомуникација меѓу државни органи и несмееме да дозволиме состојба на блокада во борбата против корупцијата. Тие велат дека направиле се професионално постапиле и дошле до заклучок дека оттука натаму е надлежен друг државен орган, а резултати од него нема. Дали Собранието на Република Македонија кое што ги именува функционерите и во државната комисија за спречување на корупција и во јавните обвинителства, дали Собранието не треба да преземе навистина сериозни мерки за ваквите изјави и дали не треба Собранието да биде сериозно загрижано заради некомуникацијата на овие државни органи кои што треба да бидат во најголем степен ефикасни во борбата против корупцијата за да не се чинат и пред домашната и пред меѓународната јавност само декларативно заложбите за борба против корупцијата, која што е основ за економскиот и севкупниот развој на Република Македонија, а со тоа и доближување кон Евроинтеграциите и забрзување на Евроинтеграцивните процеси на Република Македонија.

Понатаму во извештајот не се анализирани и најкрупните афери и најтешките кривичните дела за кои што македонската јавност, а во исто време и меѓународната јавност навистина се заинтересирани, поради што и некои од тие предмети односно судиите беа ставени дури и на црната листа поради бавноста во пресудувањето.

Во 2004 година за криминал во Владата си даде оставка и премиерот Хари Костов, а со него и целата Влада, а јавниот обвинител наместо случајот да го анализира во овој извештај од него само на прием, на коктел несмасно недолично, неодговорно и недржавнички тој за медиумите изјави дека тврдењето на Хари Костов за криминал е приказна за мали деца. Истото нешто го повтори и пред Комисијата за политички систем. Од ова повеќе од очигледно е дека Јавниот обвинител навистина нема капацитет, нема одговорност кон извршувањето на својата функција и дека тој не е орган на прогонот, туку човек кој постапува по инструкции на извршната власт и затоа истиот треба веднаш да биде разрешен од оваа функција.

Понатаму, во Извештајот воопшто нема податоци за авионската несреќа во која што загина претседателот Борис Трајковски и други осум лица од екипажот, имаме само изјава дека во овој случај биле криви пилотите, иако притоа тој воопшто не поведе кривична постапка против НН извршител.

Понатаму, имавме изјави дека нема докази за криминал кај министерот Буџаку, кај министерот Благоја Стефановски, кај министерот Стефче Јакимовски, а најде докаци против господинот Славко Кузман и други кои што не се претставници на актуелната власт. Нема посебна аналилза ниту за случајот Раштански лозја, за финансиската афера во Народната банка, за непочитување на Законот за јавни набавки, за продажба на државен имот без тендер и уште многу, многу други нешта за кои што очекувавме во овој извештај да најдеме одговор.

Во извештајот понатаму нема анализа за негативните судски одлуки од Извештајот се гледа дека од 6470 завршени истраги скоро 20% завршиле со изјави за откажување од гонењето, значи прекратени постапки или постапки завршени на друг начин. Значи, постапки против 1240 лица овој процент на негативни одлуки е голем. Се работи за неосновано гонење луѓе. Дел од нив се притворени и овие лица имаат право да бараат обештетување од државата. За тоа требаше да биде јасно кажано во Извештајот на Јавниот обвинител. Тој не критички ги прифатил кривичните пријави и неосновано поведува постапки. Од тоа можеме да го заклучиме тоа. Тој треба поименично да ги наведе и органите што ги поднеле овие кривични пријави и во иднина да бара од нив квалитет на кривичните пријави што се поднесуваат од тие државни органи.

Тој при барањето за кривичен прогон треба да биде построг односно да има поверодостојни докази при покренувањето на кривични постапки, затоа што ваквиот број на запрени истраги не е прифатлив во работата. Тоа е неприфатлилв процент ниту во фабрките каде што се прават грешки, каде што се произведува стока  а камо ли да се работи со човечки суштества.

Од Извештајот се гледа дека од подигнатите обвиненија 10410 лица негативни одлуки биле донесени против 1284 лица односно 10% од вкупно обвинетите лица кои биле ослободени од Судот или обвинението било одбиено или постапката била запрена по предавањето на обвинителниот акт на судот. Значи, и овој процент на негативни одлуки потврдува дека повеќе од 1000 лица биле обвинети без доволно докази и дека неосновано биле гонети без оглед на тоа што не извршиле кривични дела, а дел од нив биле и во притвор поради што државата треба да ги обештети исто како и за запрените истраги.

За ваков процент на негативни одлуки треба да се бара одговорност од носителите на обвинителската должност за вршењето на своите функции.

Уште нешто за мерката притвор.

Во Извештајот нема анализа за одредување на мерката притвор во 2004 година, а мерката притвор била определена против 825 лица, меѓутоа не се дава никаква анализа за оправданоста на оваа мерка и колку лица против кои што била определена оваа мерка завршиле со ослободителна, а колку од нив со осудителна пресуда.

Според законот мерката притвор е една од последните мерки што судот ја одредува со обезбедување на присуство на обвинетиот за успешно водење на кривичната постапка, меѓутоа од страна на Судот во голем број случаи оваа мерка се претвори во казна и таа се применува во голем број случаи и каде што има основ за неа и каде што нема. Се изрекува многу транспарентно, грубо, со малтретирање на луѓето кои што се притвараат, што е спротивно на Законот, но за тоа досега апсолутно никој не одговарал.

Ќе наведам само еден пример за грубост, транспарентност, со учество на голем број полиција во случајот со притворањето на д-р Слободанка Шуклева,која што беше приведена...

**Љупчо Јордановски:** Кажете ми госпоѓа Бонева што има тоа врска, или има некоја корелација со обвинителство.

**Силвана Бонева:** Има корелација господине претседателе и сега ќе чуете.

**Љупчо Јордановски:** Не, прво кажете.

**Силвана Бонева:** Примерот што го дава Јавното обвинителство и на судството за притвор, изрекување на мерка притвор без некаков основ. Тоа се случи и со случајот. . .

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам дали знаете кој одлучува за мерката притвор?

**Силвана Бонева:** Тоа сега ќе ви го кажам.

За мерката притвор со случајот Љубе Бошковски.

**Љупчо Јордановски:** Не, не, прашувам кој одлучува за мерка за притвор ве молам?

**Силвана Бонева:** Да, да. Сега ќе ви кажам кој ја изрече мерката притвор, кој зборуваше за мерка притвор и кој бараше. . .

**Љупчо Јордановски:** Јас ве прашувам кој одлучува за мерката притвор.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе можете ли да бидете стрплив, а после да земете реплика.

**Љупчо Јордановски:** Не можам да бидам стрплив ако вие зборувате нешто што е должност на полиција.

**Силвана Бонева:** Сега ќе одговорам.

Злоупотребата на Јавниот обвинител при одземањето на имунитетот на господинот Љубе Бошковски, бидејќи по негово барање мандатно-имунитетната комисија при и Собранието на Република Македонија му го одзема имунитетот на Љубе Бошковски. . .

**Љупчо Јордановски:** Што има тука злоупотреба од обвинителот?

**Силвана Бонева:** Бидејќи барањето беше од обвинителот за изрекување мерка на притвор и заради тоа му се одзеде имунитетот.

**Љупчо Јордановски:** Ако некој злоупотребил, тоа може ова Собрание заедно со вас. Што има обвинителот тука?

**Силвана Бонева:** Барањето беше поднесено од страна на Јавниот обвинител.

**Љупчо Јордановски:** Прашањето на овој Парламент е да се одбие, или да се прифати. Тука не можеме да правиме корелации. Немојте ве молам, да мешате сега и судство, и полиција и сите тие работи.

**Силвана Бонева:** Воопшто ништо не мешам, зборувам за Извештајот на Јавниот обвинител.

**Љупчо Јордановски:** Ќе ви одземам збор.

**Силвана Бонева:** Ве молам господине претседателе да бидете стрплив, бидејќи зборувам по Извештајот на Јавниот обвинител.

(Реакција на пратениците од место).

**Љупчо Јордановски:** Не ми одговоривте кој предлага мерки за притвор.

**Силвана Бонева:** Бидејќи исклучиво Судот треба да определи мерка притвор. . .

**Љупчо Јордановски:** Судот, а ние зборуваме за обвинителството.

**Силвана Бонева:** Да, а не Јавниот обвинител, а Јавниот обвинител може само да му предложи на судот, а не и да определува мерка притвор.

**Љупчо Јордановски:** Ама вие зборувате за малтретирање, за мерка за притвор, тоа нема со Обвинителството никаква врска.

**Силвана Бонева:** Јавниот обвинител поднесе предлог до Комисијата за избор и именување односно до Мандатно имунитетната комисија.

На страница 8 од Извештајот е наведено дека во најголем број случаи мерката притвор била одредувана за кривични дела против здравјето на луѓето, но притоа не се дадени причините за тоа. Во Извештајот е наведено дека во 2004 година биле изработени три информации за трговија со луѓе, droги и за злоупотреба на службената положба со проневера во службата, меѓутоа во Извештајот на Јавниот обвинител не ни се доставени овие информации, дали тие биле разгледувани на заеднички состаноци со органите кои биле вклучени во нивното откривање и какви мерки и активности се преземени за постигнување на позитивни резулати, што не е кажано.

Во Извештајот се зборува за меѓународна соработка, меѓутоа изостанува соработката каква е со надлежните органи во Република Македонија.

Од сето ова што го наведов сметам дека Јавното обвинителство во Република Македонија во извештајната година не ја оствари својата јавно обвинителска функција на задоволително ниво, не го почитуваа принципот на легалитет во прогонот, селективно го применуваа законот, не обезбедија владеење на правната држава, потпаѓаа под влијание на извршната власт и со

своето недејствување овозможија организираниот криминал да се врши од највисоките претставници на државната власт во спрега со новосоздадената олигархија, а со тоа придонесоа и самите да ја изгубат довербата кај граѓаните на Република Македонија.

И во извештаите на Меѓународните организации и претставниците истакнуваат дека корупцијата длабоко е навлезена дури и кај овие органи, кои што инаку треба да бидат чувари на законитоста во државата.

Не можеме да ги прифатиме заклучоците кои се дадени во Извештајот, посебно точка 1 и точка 3 кои што зборуваат за тоа дека Јавното обвинителство постапувала ажурно и дека ваквата ажурност Јавното обвинителство на Република Македонија ја постигнува со максимални залагања.

Почитувани колеги пратеници,

На Република Македонија како држава неопходно и е потребно ефикасен систем на борба против корупцијата и организираниот криминал, почнувајќи од откривањето па се до санкционирањето на криминалците. Со сегашниот Јавен обвинител на Република Македонија имаме само кочница за овој толку потребен процес за создавање на основа за севкупен иден развој на Република Македонија, затоа Собранието кое што го именува Јавниот обвинител т реба сериозно да размисли за негова смена ако има искрена намера во борбата против организираниот криминал.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете госпоѓа Крстевска, три минути.

**Роксандра Крстевска:** Со една голема леснотија се израчуваат квалификации и се коментираат податоци за кои што сепак заради специфичноста на работата можеби Јавниот обвинител најдобро знае да ги чита. Кога станува збор за дадени изјави за откажување од гонење, за отфрлени кривични пријави, за процентот дали е тој голем или мал, ние не работиме на процент. Како да се поаѓа во овој Парламент од една тенденција од пријава да заврши веднаш со пресуда, а кога се даваат изјави за откажување од гонење или кога добиваме ослободителни пресуди како тоа Јавниот обвинител неосновано гонел. Тоа се одлуки предвидени во Законот за кривична постапка, да бидат донесени и ослободителни и одбивателни пресуди, Јавнит обвинител да може да си го повлече обвинението. Тоа е голема доблест и храброст на крајот кога ќе се судрите со силината на адвокатите да го направите тој гест и некој невино да не биде казнет. За мене е страшно ако некој биде осуден неосновано, а не дали Јавниот обвинител ќе го повлече обвинението или судот ќе ја донесе ослободителната пресуда. Ослободителната пресуда е симнување на капа на Судот и потврдата на таквата пресуда е над сите инстанци. Тоа е горчина за Јавниот обвинител, но и голема болка дека оценката на доказите бил можеби прехрабар или дека бил недоследен. Дали тоа претставува кривично дело, дали тој ќе одговара за злоупотреба е големо прашање, ако има место да, но тој во краен случај ако нема кривично дело е заштитен со имунитетот, како што вие тука си допуштате во вашите дискусии да давате квалификации, да зборувате, кои понекогаш се и навредливи никој вас не ве гони за навреда, ниту за клевета. Тоа се смета за слобода на политичкиот говор, меѓутоа Јавниот обвинител одговара за една изјава за откажување од гонење ако ја донесол, а не требало да ја донесе. Ако гонел, а не требало да гони.

Ве молам, бидејќи прв пат овој Извештај доаѓа во ова Собрание, имајте трпение да сослушате определи работи за да можете да се раководите во начинот на кој што вие ќе ги дадете своите видувања. Мене ми е жал што тука и голем дел на правници ја поминуваат цртата на правото во име на некои други интереси и тоа длабоко како правник ме разочарува, затоа што сметав и сметам се уште дека правникот мора да има една црта до која може да се движи во некои други проекции кога го штити правото.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Крстевска овде во Парламентот се води политика иако јас не сакам така да биде, но затоа директно се пренесува, па граѓаните ќе оценат дали некој имал право, дали некој дискутира по темата и што зборувал и како зборувал.

Повелете госпоѓо Бонева, една минута.

**Силвана Бонева: Б**лагодарам за репликата, меѓутоа она што беше кажано дека заради специфичноста од работата на Јавното обвинителство најдобро Јавниот обвинител може да го чита она што е во Извештајот јас сметам дека на сите нас треба да ни биде јасно што е тоа во Извештајот и сите кога чекаме, па и македонската јавност да и биде јасно што стои во Извештајот.

Сосема се согласувам со тоа дека доблест е на Јавниот обвинител кога покренал веќе една кривична постапка да каже дека погрешил и да ја запре истрагата. Јас не зборував за оваа доблест, јас зборував за тоа дека Јавниот обвинител мора да има поверодостјни докази при покренувањето на кривичната постапка. Со огромна леснотија се поднесува барање за покренување на кривични постапки наместо навистина . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, вашите пет минути.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе се трудам да не бидам навредлива, како што вели заменик јавниот обвинител и затоа ќе го кажам она што го размислувам како правник. Да и кажам предвреме на почитуваната јавен обвинител дека еве и јас сум правник, па слободно можете и мене после да ме критикувате.

Меѓутоа, факт е почитувани колеги едно, дека овој Извештај ваков каков што доаѓа од Јавното обвинителство, доаѓа за прв пат во Собранието, што се гледа евидентно и од самиот Извештај како е напишан, а посебно евидентно е во заклучоците.

Втората работа која ми паѓа во очи додека го разгледував овој Извештај, според мене, незнам за колегите кои претходно зборуваа, меѓутоа, се сувопарни податоци за постапување на Јавното обвинителство во текот на 2004 година, по примени кривични пријави за сторени кривични дела. Освен во првите две табели кои постојат на почетокот на Извештајот каде што имаме споредбени податоци за 2002, 2003 и 2004 година на друго место во Извештајот не можеме да видиме вакви споредбени податоци. За да се види, во крајна линија, успешноста или неуспешноста и ефикасноста на работата на Јавното обвинителство. Во контекст на ова сметам дека и не е лоша идеата која господинот Прчевски ја дал во Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, посебните извештаи кои ги доставуваа до основните јавни обвинителства да се разгледуваат од страна на нас пратениците, барем до периодот додека ние го избираме и Јавниот обвинител на Република Македонија и вишите јавни обвинители и основните јавни обвинители и тоа од една страна. Од друга страна таа ефикасност или неефикасност или пробелмите со кои се соочува Јавното обвинителство во својата работа, треба да биде појдовна основа на која ќе се засновуваат измените на Уставот кои ќе се однесуваат во јавнобвинителскиот дел. Значи, дали ќе се лути Јавниот обвинител на Република Македонија или заменикот Јавен обвинител, ние мораме да имаме еден пресек или една основа, од која можеме да утврдиме колку Јавното обвинителство е ефикасно или не е ефикасно во својата работа.

Од толкуте бројки и проценти кои се дадени во овој Извештај, класификација по извршени кривични дела, па по полнолетни, малолетни, непознати сторители, Јавниот обвинител апсолутно не покажува и не докажува според мене дека работи квалитетно и ажурно, а тоа се однесува и на целата структура на Основното јавно обвинителство, генерално како структура велам, не зборувам за поединци, чиј претпоставен на крајот на краиштата е Јавниот обвинител. Не можам а да не кажам дека има индикации дека корупцијата навлегла во Јавното обвинителство и тоа и по аналогија, затоа што е констатирана во судството, а Јавното обвинителство е една од странките во спорот и од друга страна по искуствата кои ги имаат граѓаните со Јавното обвинителство. Додека во судството веќе отвореноc е зборува за корупција, не на целокупното судство, не сакам да го генерализирам пробелмот на корупцијата, меѓутоа постои и факт е дека има определени поединци, дотолку во Јавното обвинителство уста не се отвора дека имаме корупција во тој сегмент од правосудниот систем во Република Македонија. Еден јавен обвинител кој треба да биде разрешен во ова Собрание избран бил од нас и сега треба да го разрешиме, не го амнестира јавниот обвинител од одговорноста да ја бара корупцијата и во своите редови. Дали само поднесување на предлогот за разрешување наосновен јавен обвинител со сите претходно собрани докази е доволен аргумент дека Јавниот обвинител се бори со корупцијата, на крајот на краиштата ако се докаже дека и воопшто постои корупција.

**Љупчо Јордановски:** Ќе се држиме до договорот шест минути поминаа.

**Марија Којзеклиска:** Јас не ви ветив, претседателе, шест минути. Тогаш, добро јас ќе се држам до шест минути и 12 секунди ако може.

**Љупчо Јордановски:** Во ред и една минута плус.

**Марија Којзеклиска:** Значи, дали корупцијата постои и кога Јавниот обвинител нема да покрене постапка за испитување на постоење на кривично дело кај определени личности, независно дали тие се функционери во власта или се други лица. За мене и во двата случаи постои корупција и кога покренува и кога не покренува. Очигледно е дека Јавниот обвинител господинот Прчевски за него, всушност, не беа доволни доказите кои ги носеше во торба екс-премиерот Хари Костов. Претходно спомнуваа колегите каде се вели приказни, ваму-таму, меѓутоа, сепак требаше Јавниот обвинител односно тој одеше до тоа што мора и дека она што во неговите настапи го правеше не звучи, не изгледа примерно. Во секој случај се работи за една функција јавен обвинител во Република Македонија. Е, сега, ако Јавниот обвинител не му веруваше или не веруваше надоказите кои ги носеше Хари Костов кај него, како тогаш да очекуваме дека им верува на другите граѓани кои ќе поднесат приватна кривична пријава, за да може да се процесуира постапката. Во контекст на соработката најспецифично во целиот Извештај, тоа и претходните колеги го апострофираат, е соработката со Антикорупциската комисија. Се сложувам со тоа дека Јавниот обвинител е самостоен орган кој толку пати го потенцира во самиот Извештај, но тој сепак не се наоѓа над правниот систем, туку тој е дел, составен дел на целиот правосуден систем. Исто така, јавниот обвинител е единствен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела и кој постапува согласно позитивните прописи и ги следи и ги применува тие измени на прописите онака како што е наведено во Извештајот на страна 30, не може да биде оправдување на јавниот обвинител дека изменит еи дополнувањата на определен закон и неговата примена од некоја дата која е наведена од 1.11.2004 година, значи не му е оправдување за сериозно да не ги земе предвид индициите кои му ги посочува, не Марија Којзеклиска, не Љупчо Јордановски, туку Државната комисија за спречување на корупцијата. Додека според господинот Прчевски

тој не најде засходно, мислам не разбирам што го спречувало да ја разгледа таа иницијатива и така се води постапка извесен период, не се врши тоа за еден или два дена, се собираат докази, се разгледува, незнам што го спречуваше Јавниот обвинител да ги земе предвид тие иницијативи. Дека нешто шкрипи во Јавното обвинителство, почитуван претседател, укажуваше и Народниот правобранител. Не сакам да се повторувами да не е така, како што е наведено во Извештајот на Јавниот обвинител, сепак, и самото тоа укажување покажува дека нешто не е во ред со случувањата во Јавното обвинителство и со работата која тие ја вршат.

Она што ми остави посебен впечаток, претседателе, ќе дадете две-три минути само да го кажам и ова, вакак како што е дадено во Извештајот во сознанијата кој јавниот обвинител ги имал како конфликт на интереси во Државната комисија за спречување на корупцијата, како што е презентирано, само можам да заклучам дека претседателот, Јавниот обвинител знаел подолго време, ги штител личностите кај кои постоел конфликт на интереси, молчел, го прикривал тој факт, додека не дојде определена ситуација и Јавниот обвинител веќе да не сака да молчи за кој конфликт на интереси, што исто така не го амнестира од неговата одговорност.

За крај, почитуван претседателе, гледам дека сте нестрплив, има еден интересен дел пред заклучоците, зашто заклучоците се пак приказна за себе во контекст на она што гокажува Јавниот обинител и ќе цитирам "токму од тие причини наша заложба е секој да се држи за до со Устав и Закон утврдени надлежности, без притоа неповикано и без основ да дава оценки за работата на друг". Јас не знам кој за што треба да се држи, меѓутоа, факт е едно дека ако и Јавното обвинитеслтво и Државната комисија за спречување на антикорупцијата не направат нешто за да можат да ги координираат и да ги продлабочат своите односи и соработка, тогаш тие не можат да учествуваат во додржување на целокупниот државен систем во делот на правосудството.

Од сите овие причини, почитувани колеги, јас нема да го подржам Извештајот на Јавниот обвинител. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Краљевски имате процедурално.

Повелете.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе,

Пред да образложам зошто се јавив, само да ве потсетам дека знаеме вие не сте правник, ама по вашите коментари тоа ќе го заклучевме дека не сте правник визави оној ваш коментар кон правниците.

**Љупчо Јордановски:** Незнам дали да се гордеам со тоа или да не се гордеам.

**Чедомир Краљевски:** Па, добро, секој се гордее со својата професија.

Претседателе, моето процедурално јавување е во врска со тоа што на ред е господинот Александар Флоровски, па дали ќе му дозволите да продолжи со дискусијата после 18,00 часот, или ќе го прекинете? Е, сега ако не му дозволите после 18,00 часот имам предлог пауза да побарам, меѓутоа, паузата со оглед на времето што истекува е бесмислена, да се прекине седницата во овој момент.

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски, ние се договоривме и тоа по втор пат мислам дека договорот го прекршувате денеска да ја затвориме седницата со господинот Флоровски, се договорив со госпоќа Којзеклсика да биде кратка и господинот Флоровски да има време да каже, зборувавте 13-14 минути, наместо 6 минути. Вие по втор пат договорот не го почитувате и јас сега ќе му дадам на господинот Флоровски две минути ако сака да каже, а ако не ќе ја прекинам седницата. Вие искористивте на друг начин тоа да го направите. Вие ќе имате време после тоа да се спремате за заклучоците. Договорот беше таков и тоа го обнародувам до сите. Ова е втор пат дека договорт не се почитува од ваша страна.

Две минути господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Нема да говорам за ова, многу дегутантно ми делува, дури понижувачки. Имав што да кажам, очекував тука да биде Јавниот обвинител и за две минути човек буквално не м оже ништо да нарпави, така што би било излишно воопшто и да почнувам со мојата дискусија. Да ви се заблагодарам и ќе ја напуштам седницата. Ќе се напијам свежа вода. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски имате една минута.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, мојата дискусија ќе трае еден час и толку имам намера да зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Не, имате една минута ако сакате збор.

**Жарко Караџоски:** А, после да продлжам?

**Љупчо Јордановски:** Ќе ве прекинам во 18,00 часот и ќе продолжите на продолжението.

**Жарко Караџоски:** Добро. Една минута ќе искористам само во Благодарам претседателе и во Почитувани колеги и ве молам пуштете го мерачот да го знам времето.

Значи, сега се прашувате, почитуван претседателе, зошто се јавувам по втор пат. Мислам дека Извештајот заслужува да се јавам по втор пат.

**Љупчо Јордановски:** Добро, денес ја завршувам седницата во 18,00 часот и дополнително ќе биде продолжена.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).